# Собрание на Република Македонија

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на
## Собранието на Република Македонија
## за периодот
## 21.06/2008 - 31.12/2008

*Почитувани,*

*Пред вас е извештајот за работата на Собранието на Република Македонија во неговиот шести мандатен состав, и тоа за периодот од 21 јуни 2008 до 31 декември 2008 година. Можеби на прв поглед, краток период, но верувам ќе се согласите навистина интензивен според динамиката на работата.*

*Дозволете да потсетам дека на конститутивната седница на овој мандатен состав во својот инагуративен говор како претседател на Собранието истакнав дека моја определба и заложба е законодавниот орган да претставува вистински храм на демократијата. Во изминатите пет мандатни состави, се поставени солидни темели на овој наш храм на демократијата. Собранието на Република Македонија како законодавен дом денеска е вистински одраз на парламентарна демократија кај нас. Но демократијата е процес кој се развива постојано. Верувам дека сите ние кои како пратеници сме избрани со волјата на граѓаните имаме знаење и демократски капацитет да продолжиме да ја развиваме и остваруваме парламентарната демократија според највисоките принципи. Убеден сум дека собраниската администрација има стручен и професионален капацитет да ги остварува своите задачи.*

*Почитувани, од периодот што е опфатен со извештајот би сакал да истакнам неколку, според мене, значајни чекори кои ја потврдуваат нашата определба за развој на парламентарната демократија и за остварување на нашите стратешки определби, а тоа е членството во евроатлантските интеграции. Воведена е редовна координација со координаторите на пратеничките групи, на кој задолжително присуствува претставник од Владата на ниво на вицепремиер или министер. Донесовме нов Деловник со кој се јакне улогата на Собранието и собраниските тела во целокупниот законодавен процес. Еден од потпретседателите на Собранието е од редовите на опозицијата.*

*Редовно и квалитетно ги разгледуваме сите оние извештаи кои според закон се должни соодветни државни институции да ги достават до Собранието, односно се зајакнува улогата на законодавниот дом во имплементацијата на законите кои ги усвојуваме. Го заокружуваме проектот на таканаречениот И-парламент. Во завршна фаза е реконструкцијата на собраниската Сала 2 која ќе претставува библиотекарски простор. Во овој период е остварена и значајна меѓународна активност, односно јакне парламентарната дипломатија секако во функција на нашите стратешки цели.*

*Посебно внимание посветуваме на транспаретноста во нашето работење преку Собранискиот канал, но и редовни формални и неформални средби со новинарите и медиумите. Исто така, посебно внимание посветуваме на соработката со невладиниот сектор, но и создавме услови преку пратеничките канцеларии, кои ги има во скоро сите населени места, за редовни контакти на граѓаните со пратениците и така натаму.*

*Многу подетално за сето ова секако има во извештајот. Затоа верувам дека оваа публикација нема да се сфати само како збир на бројки и информации, туку ќе најде своја примена во нашето работење, а верувам и ја препорачувам на сите оние кои сакаат да научат нешто повеќе за парламентаризмот кај нас, или за некаков научноистражувачки труд на нашите универзитети.*

***Претседател***
***на Собранието на Република***
***Македонија***

***Трајко Вељаноски***

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **7** |
| **2. Пратенички состав** | **9** |
| 2.1. Изборни резултати | 11 |
| 2.2. Пратенички групи во Собранието на Република Македонија | 13 |
| 2.2.1. Пратеници | 14 |
| 2.2.2. Промени во пратеничкиот состав | 22 |
| 2.3. Етничка структура на пратениците по пратенички групи | 26 |
| 2.4. Полова структура на пратениците по пратенички групи | 26 |
| 2.5 Старосна структура на пратениците по пратенички групи | 26 |
| 2.6. Образовна структура на пратениците по пратенички групи | 26 |
| **3. Пленарни седници на Собранието на Република Македонија** | **27** |
| 3.1. Пленарни седници | 29 |
| 3.1.1. Посебни седници | 30 |
| 3.1.2 Присуство и учество на седниците | 31 |
| 3.1.3. Одлучување и гласање | 33 |
| 3.2 Разгледувани акти | 34 |
| 3.2.1. Поставени акти на седница | 34 |
| 3.2.2. Разгледани акти на седница | 35 |
| 3.3. Закони | 36 |
| 3.3.1. Донесени закони | 41 |
| 3.3.2. Донесени ратификации | 52 |
| 3.3.3. Неприфатливи предлог закони | 56 |
| 3.4. Одлуки | 57 |
| 3.5. Други акти | 66 |
| 3.5.1. Усвоени акти | 66 |
| 3.5.2. Акти за усвојување | 69 |
| 3.5.3. Неусвоени акти | 70 |
| 3.6. Амандмани | 71 |
| 3.7. Пратенички прашања | 73 |
| **4. Работни тела на Собранието на Република Македонија** | **75** |
| 4.1. Постојани работни тела | 77 |
| 4.2. Посебни работни тела | 130 |
| 4.2.1. Комитет за односи меѓу заедниците | 130 |
| 4.2.2. Совет на Собранискиот канал | 132 |
| 4.2.3. Буџетски совет на Собранието | 134 |
| 4.2.4. Национален совет за евроинтеграции | 137 |
| **5. Претседатели и потпретседатели** | **143** |
| 5.1. Претседател | 145 |
| 5.2. Потпретседатели | 150 |
| **6. Меѓународна соработка** | **157** |
| 6.1. Мултилатерална соработка | 159 |
| 6.2. Други меѓународни активности | 169 |
| **7. Јавност во работата на Собранието** | **171** |
| 7.1. Собраниски ТВ канал | 173 |
| 7.2. Електронска комуникација | 175 |
| 7.3. Средства за јавно информирање | 180 |
| **8. Клуб на жени пратеници** | **183** |
| **9. Активности на невладини организации во Собранието на РМ** | **187** |
| 9.1. Граѓанска асоцијација МОСТ | 189 |
| 9.2. Национален демократски институт НДИ | 194 |
| **10. Служба на Собранието на Република Македонија** | **195** |
| 10.1. Внатрешна организација | 197 |
| 10.1.1. Одделение за внатрешна ревизија | 200 |
| 10.1.2. Одделение за управување со човечки ресурси | 202 |
| 10.2. Програма за практиканти | 204 |
| 10.3. Податоци од стручно-административен карактер | 208 |
| **11. Прилози** | **213** |
| Прилог 1 Одржани седници | 215 |
| Прилог 2 Дневни редови на седници | 219 |
| Прилог 3 Меѓународни активности | 241 |
| Прилог 4 Интегрални извештаи за активностите на парламантарните групи и делегациите | 245 |





# 1. ВОВЕД

*Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.*

*Собранието е еднодомно кое го сочинуваат 120 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.*

*Во сегашниот состав на Собранието пратениците се избрани врз основа на пропорционален модел и тие својата функција ја вршат професионално.*

*Пратениците се избираат за време од четири години и тие не можат да бидат отповикани.*

*Врз основа на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија:*

*- го донесува и изменува Уставот;*
*- донесува закони и дава автентично толкување на законите;*
*- ги утврдува јавните давачки;*
*- донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот*
*-донесува просторен план на Републиката;*
*-ратификува меѓународни договори;*
*- одлучува за војна и мир;*
*-донесува одлука за менување на границата на Републиката;*
*-донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;*
*-распишува референдум;*
*-одлучува за резервите на Републиката;*
*-основа совети;*
*-избира Влада на Република Македонија;*
*-избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;*
*- врши избор и разрешување на судии;*
*-врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон;*
*-врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;*
*-дава амнестија и*
*-врши други работи утврдени со Уставот.*

*Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци.*

*Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието се утврдуваат со Деловник што Собранието го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со оглед на тоа што законодавната дејност е основна дејност на Собранието, во Деловникот е прецизно уредена постапката за разгледување и донесување на законите и другите акти. Исто така, со Деловникот се уредени инструментите и постапката преку кои Собранието врши политичка контрола и надзор врз работата на органите на извршната власт, како и други прашања што произлегуваат од уставните надлежности на Собранието*

# 2. ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

# 2.1. ИЗБОРНИ РЕЗУЛТАТИ

Шестите предвремени парламентарни избори во Република Македонија се одржаа на 1 јуни 2008 година по самораспуштањето на петтиот парламентарен состав на 12 април 2008 година. Гласањето се одвиваше во шест изборни единици по пропорционалниот модел.

Во шесте изборни единици, односно на **2.976** избирачки места, од вкупно евидентираните **1.779.116** избирачи во Република Македонија своето гласачко право го оствarија **1.015.164** избирачи односно **57,06%.**

На **78** кандидатски листи се предложени и утврдени **1.560** кандидати за избор на пратеници од **15** политички партии**, две** коалиции и **две** листи на група избирачи.

**Изборна единица број 1**

Во првата изборна единица се утврдени **16** листи на кандидати за пратеници и тоа **13** самостојни листи на политички партии, **две** листи на коалиции и **една** листа на група избирачи со вкупно **320** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **295.917** избирачи во избирачкиот список на **429** избирачки места гласале **177.728** избирачи, односно **60,06%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **11** пратенички места, коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **пет** пратенички места, Демократската партија на Албанците едно и Демократската унија за интеграција три пратенички места.

**Изборна единица број 2**

Во втората изборна единица се утврдени **15** листи на кандидати за пратеници и тоа **13** самостојни листи на политички партии и **две** листи на коалиции со вкупно **300** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **303.120** избирачи во избирачкиот список на **381** избирачко место гласале **162.810** избирачи, односно **53,71%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **11** пратенички места, коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **три** пратенички места, Демократската Партија на Албанците **две** и Демократска унија за интеграција **четири** пратенички места.

**Изборна единица број 3**

Во третата изборна единица се утврдени **11** листи на кандидати за пратеници, и тоа **девет** самостојни листи на политички партии и **две** листи на коалиции со вкупно **220** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **288.585** избирачи во избирачкиот список на **625** избирачки места гласале **177.308** избирачи, односно **61,44%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **14** пратенички места и коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **шест** пратенички места.

**Изборна единица број 4**

Во четвртата изборна единица се утврдени **десет** листи на кандидати за пратеници, и тоа **седум** самостојни листи на политички партии, **две** листи на коалиции и **една** листа на група избирачи со вкупно **200** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **289.664** избирачи во избирачкиот список на **558** избирачки места гласале **182.335** избирачи односно **62,95%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **13** пратенички места и коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **седум** пратенички места.

**Изборна единица број 5**

Во петтата изборна единица се утврдени **12** листи на кандидати за пратеници, и тоа **десет** самостојни листи на политички партии и **две** листи на коалиции со вкупно **240** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **290.101** избирачи во избирачкиот список на **548** избирачки места гласале **160.150** избирачи, односно **55,20%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **11** пратенички места, коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **пет** пратенички места, Демократската партија на Албанците едно, Демократската унија за интеграција **две** и Партијата за европска иднина **едно** пратеничко место.

**Изборна единица број 6**

Во шестата изборна единица се утврдени **13** листи на кандидати за пратеници и тоа **11** самостојни листи на политички партии и **две** листи на коалиции со вкупно **260** кандидати за пратеници. Во оваа изборна единица, од вкупно запишаните **311.729** избирачи во избирачкиот список на **435** избирачки места гласале **154.833** избирачи, односно **49,67%.**

Според резултатите коалицијата "ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, ДС, ДОМ, ДПТМ, ДПСМ, СРМ, ВМРО- Македонска, ОПЕ, ПП, СДА, ПВМ, ПИР, НДМ, БДП, ПЗ, ДУР, РЗПМ и ПЦЕР" освои **три** пратенички места, коалицијата "Сонце" (СДСМ, НСДП, ЛДП, ЛП, НА, ЗПМ, ППМ и ДСВМ) **едно** пратеничко место, Демократската партија на Албанците седум и Демократската унија за интеграција **девет** пратенички места.

# 2.2. ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ




| Реден број | Кандидатска листа | Број на добиени мандати во изборната единица број | | | | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1. | **Коалиција ВМРО-ДПМНЕ** (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство, Социјалистичка партија на Македонија, Демократски сојуз, Демократска обнова на Македонија, Демократска партија на Турците во Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Сојуз на Ромите од Македонија, ВМРО-Македонска, Обединета партија за еманципација, Партија на правдата, Странка за демократска акција на Македонија-СДА, Партија на Власите од Македонија, Партија за интеграција на Ромите, Народно движење за Македонија, Бошњачка демократска партија, Партија на зелените, Демократска унија на Ромите, Работничкоземјоделска партија на Република Македонија и Партија за целосна еманципација на ромите. | 11 | 11 | 14 | 13 | 11 | 3 | 63 |
| 2. | **Коалиција СОНЦЕ** (Социјалдемократски сојуз на Македонија, Нова социјалдемократска партија, Либерално-демократска партија, Либерална партија на Македонија, Нова алтернатива, Зелена партија на Македонија, Партија на пензионерите на Македонија и Демократски сојуз на Власите од Македонија-ДСВМ.) | 5 | 3 | 6 | 7 | 5 | 1 | 27 |
| 3. | **ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА (ДУИ)** | 3 | 4 | - | - | 2 | 9 | 18 |
| 4. | **ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ (ДПА)** | 1 | 2 | - | - | 1 | 7 | 11 |
| 5. | **ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА - ПЕИ** | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| | **ВКУПНО:** | ***20*** | ***20*** | ***20*** | ***20*** | ***20*** | ***20*** | **120** |

# 2.2.1.ПРАТЕНИЦИ

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Александар Николовски


Александар Спасеновски


Анета Стефанова


Анита
Кипаризовска Крстевска


Благородна Дулиќ


Цена Матевска


Цветан Трипуновски


Цветко Грозданов


Дарка Петрушевска


Дарко Димитриевски


Горан Ѓуровски


Горан Петров


Христина Рунчева


Илија Димовски


Илија Китаноски


Ивица Георгиевски


Јаготка Ивановска


Јован Гинев


Катерина Димеска


Косана
Николиќ Мазнева


Крсто Мукоски


Лидија Митева


Лилјана Затуровска


Марија Андоновска


Марјанчо Колевски

ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)


Миле Пачемски


Нада Станчевска


Надица Танчева Тулиева


Наташа Јаневска


Никола Котевски


Оливер Деркоски


Оливер Шамбевски


Оливера Трајановска


Панче Дамески


Петар Поп Арсов


Васко Шутаров


Ратко Димитриевски


Ристо Стојанов


Саве Савевски


Силвана Бонева


Соња Ѓелова Стојанова


Стојче Крстевски


Светлана Јакимовска


Томе Даневски


Трајко Вељаноски


Ванчо Коцев


Веле Ѓорѓиевски


Весела Честоева


Виолета Ташева


Владимир Ѓорчев

## ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ)



Зоран Петрески



Владо Стефановски



Живко Пејковски

## Социјалистичка партија на Македонија



Владанка Авировиќ



Јован Лазарев



Љубосав Иванов-Ѕинго

## Партија за европска иднина-ПЕИ



Фијат Цаноски

## Демократска обнова на Македонија-ДОМ



Лилјана Поповска

## Демократски сојуз



Павле Трајанов

## ВМРО-Македонска



Борислав Стојменов

## Демократска партија на Србите во Македонија



Иван Стоилковиќ

## Демократска партија на Турците во Македонија-ДПТМ



Кенан Хасипи

## Демократски сили на Ромите



Амди Бајрам

## Странка за демократска акција на Македонија



Авдија Пепиќ

## Социјал демократски сојуз на Македонија (СДСМ)


Андреј Петров


Цветанка Иванова


Емилијан Станковиќ


Горан Минчев


Горан Сугаревски


Игор Ивановски


Јани Макрадули


Маринела Тушева


Марјанчо Николов


Менде Диневски


Миле Андонов


Никола Ќуркчиев


Радмила Шекеринска


Славица Грковска


Станка Анастасова


Томе Чинговски


Весна Бендевска


Владо Бучковски

## Либерално-демократска партија (ЛДП)



Андреј Жерновски



Јован Манасиевски



Ристо Пенов



Роза Топузова-Каревска

## Нова социјалдемократска партија-НСДП



Горан Мисовски



Соња Мираковска



Тито Петковски

## Либерална партија на Македонија



Стојан Андов

## Нова алтернатива



Ѓорѓи Оровчанец

## Демократска унија за интеграција (ДУИ)


Аднан Јашари


Али Ахмети


Блерим Беџети


Џемаиљ Јашари


Џеват Адеми


Ермира Мехмети


Фазли Велиу


Феми Јонузи


Хајрула Мисини


Хисен Џемаили


Јулиета Марку


Линдита Ќазими


Рафис Алити


Сафет Незири


Тахир Хани


Талат Џафери


Теута Арифи


Зумрете Јакупи





## Демократска партија на Албанците (ДПА)


Мендух Тачи


Арбен Џафери


Бесим Догани


Имер Алиу


Флора Кадри


Мерал Узеири Ферати


Садие Илјази

## Нова демократија


Абедин Зумбери


Сулејман Рушити


Имер Селмани

## Независен пратеник


Даут Реџепи

## 2.2.2 ПРОМЕНИ ВО ПРАТЕНИЧКИ СОСТАВ

| реден број | презиме и име | пратеничка група | промени |
|---|---|---|---|
| 1. | Авировиќ Владанка | СПМ | |
| 2. | Адеми Џеват | ДУИ | |
| 3. | Алиу Имер | ДПА | |
| 4. | Алити Рафиз | ДУИ | |
| 5. | Анастасова Станка | СДСМ | |
| 6. | Андов Стојан | ЛП | |
| 7. | Андонов Миле | СДСМ | |
| 8. | Андоновска Марија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 9. | Арифи Теута | ДУИ | |
| 10. | Ахмети Али | ДУИ | |
| 11. | Бајрам Амди | Сојуз на Роми | |
| 12. | Бендевска Весна | СДСМ | |
| 13. | Беџети Бљерим | ДУИ | |
| 14. | Бонева Силвана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 15. | Бучковски Владо | СДСМ | |
| 16. | Велиу Фазли | ДУИ | |
| 17. | Вељаноски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 18. | Георгиевски Ивица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 19. | Гинев Јован | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 20. | Грковска-Лошкова Славица | СДСМ | |
| 21. | Грозданов Цветко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 22. | Груевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменет со Ташева Виолета |
| 23. | Дамески Панче | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 24. | Диневски Менде | СДСМ | |
| 25. | Даневски Томе | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 26. | Деркоски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 27. | Димеска Катерина | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 28. | Димитриевски Дарко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 29. | Димитровски Ратко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 30. | Димовски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 31. | Догани Бесим | ДПА | |
| 32. | Доневски Васе | ВМРО-ДПМНЕ | 26.06.2008 - оставка, заменет со Петрушевска Дарка |
| 33. | Дулиќ Благородна | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 34. | Гелова Стојанова Соња | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 35. | Ѓорѓиевски Веле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 36. | Ѓорчев Владимир | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 37. | Ѓуровски Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 38. | Жерновски Андреј | ЛП | |
| 39. | Зумбери Абедин | ДПА | **од 16.09.2008 независен пратеник** |
| 40. | Иванов Љубосав Ѕинго | СПМ | |
| 41. | Иванова Цветанка | СДСМ | |
| 42. | Иванова Јаготка | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 43. | Ивановски Игор | СДСМ | |
| 44. | Илјази Садије | ДПА | |
| 45. | Јакимовска Светлана | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 46. | Јакупи Зумрете | ДУИ | |
| 47. | Јанакиевски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменет со Митева Лидија |
| 48. | Јанкуловска Гордана | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменета со Јаневска Наташа |
| 49. | Јашари Аднан | ДУИ | |
| 50. | Јашари Џемаил | ДУИ | |
| 51. | Кадри Флора | ДПА | |
| 52. | Кипаризовска Крстевска Анита | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 53. | Китаноски Илија | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 54. | Колевски Марјанчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 55. | Коњановски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 26.06.2008 - оставка, заменет со Затуроска Лилјана |
| 56. | Котевски Никола | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 57. | Коцев Ванчо | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 58. | Лазарев Јован | СПМ | |
| 59. | Макрадули Јани | СДСМ | |
| 60. | Манасиевски Јован | ЛП | |
| 61. | Мираковска Соња | НСДП | |
| 62. | Матевска Цена | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 63. | Мехмети Ермира | ДУИ | |
| 64. | Милошоски Антонио | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменет со Стефановски Владо |
| 65. | Минчев Горан | СДСМ | |
| 66. | Мисини Хајрула | ДУИ | |
| 67. | Мисовски Горан | НСДП | |
| 68. | Мукоски Крсто | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 69. | Мустафа Неждет | ОПЕ | 26.07.2008- избран за министер во Владата, заменет со Рунчева Кристина |
| 70. | Незири Сафет | ДУИ | |
| 71. | Николиќ Мазнева Косана | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 72. | Николов Марјанчо | СДСМ | |
| 73. | Николовски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 74. | Оровчанец Ѓорѓи | НА | |
| 75. | Пачемски Миле | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 76. | Пејковски Живко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 77. | Пенов Ристо | ЛДП | |
| 78. | Пепиќ Авдија | СДА | |
| 79. | Петковски Тито | НСДП | |
| 80. | Петрески Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 81. | Петров Андреј | СДСМ | |
| 82. | Петров Горан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 83. | Поп Арсов Петар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 84. | Поповска Лилјана | ДОМ | |
| 85. | Рушити Сулејман | ДПА | **од 16.09.2008 независен пратеник** |
| 86. | Славевски Трајко | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменет со Савевски Саве |
| 87. | Спасеновски Александар | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 88. | Ставревски Зоран | ВМРО-ДПМНЕ | 03.07.2008 - оставка, заменет со Стојанов Ристо |
| 89. | Станчевска Нада | ВМРО-ДПМНЕ | |
| 90. | Стефановска Анета | ВМРО-ДПМНЕ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **91.** | Стоиљковиќ Иван | ДПСМ | |
| **92.** | Стојменов Борислав | ВМРО-Мак. | |
| **93.** | Сугаревски Горан | СДСМ | |
| **94.** | Танчева Тулиева Надица | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **95.** | Тачи Мендух | ДПА | |
| **96.** | Топузовска Каревска Роза | ЛДП | |
| **97.** | Трајанов Павле | ДС | |
| **98.** | Трајановска Оливера | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **99.** | Трипуновски Цветан | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **100.** | Тушева Маринела | СДСМ | |
| **101.** | Ќазими Линдита | ДУИ | 01.08.2008- избрана за заменик министер во Владата, заменета со Амети Вулнет |
| **102.** | Ќурчиев Никола | СДСМ | |
| **103.** | Узеини Ферати Мерал | ДПА | |
| **104.** | Хани Тахир | ДУИ | |
| **105.** | Хасипи Кенан | ДПТМ | |
| **106.** | Цаноски Фијат | ПЕИ | |
| **107.** | Честоева Весела | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **108.** | Чингоски Томе | СДСМ | |
| **109.** | Џафери Арбен | ДПА | |
| **110.** | Џафери Талат | ДУИ | |
| **111.** | Шамбевски Оливер | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **112.** | Шеќеринска Радмила | СДСМ | |
| **113.** | Шутаров Васко | ВМРО-ДПМНЕ | |
| **114.** | Селмани Имер | ДПА | **од 16.09.2008 независен пратеник** |
| **115.** | Станковиќ Емилијан | СДСМ | 26.06.2008 по откажувањето од пратеничка функција на Зоран Заев |
| **116.** | Крстевски Стојче | ВМРО-ДПМНЕ | 26.06.2008 по одлуката на Врховен суд по основ на жалбите за прегласување во ИЕ 1 |
| **117.** | Џемаили Хисен | ДУИ | 26.06.2008 по одлуката на Врховен суд по основ на жалбите за прегласување во ИЕ 1 |
| **118.** | Петрушевска Дарка | ВМРО-ДПМНЕ | 30.06.2008 наместо Доневски Васе |
| **119.** | Затуроска Лилјана | ВМРО-ДПМНЕ | 30.06.2008 наместо Коњановски Зоран |
| **120.** | Ташева Виолета | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Груевски Никола |
| **121.** | Савевски Саве | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Славевски Трајко |
| **122.** | Стојанов Ристо | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Ставревски Зоран |
| **123.** | Митева Лидија | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Јанакиевски Миле |
| **124.** | Стефановски Владо | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Милошоски Антонио |
| **125.** | Јаневска Наташа | ВМРО-ДПМНЕ | 08.07.2008 наместо Јанкуловска Гордана |
| **126.** | Јонузи Феми | ДУИ | 08.07.2008 по повторените избори во ИЕ 1 |
| **127.** | Марку Јулијета | ДУИ | 08.07.2008 по повторените избори во ИЕ 6 |
| **128.** | Реџепи Даут | ДПА | 08.07.2008 по повторените избори во ИЕ 6 **од декември 2008 година, независен пратеник** |
| **129.** | Рунчева Кристина | ВМРО-ДПМНЕ | 01.08.2008 наместо Мустафа Неждет |
| **130.** | Амети Вулнет | ДУИ | 01.08.2008 наместо Ќазими Линдита |





| Реден број | Скратен назив | Назив на пратеничката група | Број на пратеници | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 21 јуни | 31 декември |
| 1. | ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 52 | 53 |
| 2. | СПМ | Социјалистичка партија на Македонија | 3 | 3 |
| 3. | ДОМ | Демократска обнова на Македонија | 1 | 1 |
| 4. | ДС | Демократски сојуз | 1 | 1 |
| 5. | ВМРО-Македонска | ВМРО-Македонска | 1 | 1 |
| 6. | ДПСМ | Демократска партија на Србите во Македонија | 1 | 1 |
| 7. | ДПТМ | Демократска партија на Турците во Македонија | 1 | 1 |
| 8. | ОПЕ | Обединета партија за еманципација | 1 | / |
| 9. | СРМ | Сојуз на Ромите во Македонија | 1 | 1 |
| 10. | СДАМ | Странка на демократска акција на Македонија | 1 | 1 |
| 11. | ДУИ | Демократска унија за интеграција | 18 | 18 |
| 12. | ПЕИ | Партија за европска иднина | 1 | 1 |
| 13. | СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија | 18 | 18 |
| 14. | ЛДП | Либерално демократска партија | 4 | 4 |
| 15. | НСДП | Нова социјалдемократска партија | 3 | 3 |
| 16. | ЛП | Либерална партија | 1 | 1 |
| | НА | Нова алтернатива | 1 | 1 |
| 17. | ДПА | Демократска партија на Албанците | 11 | 7 |
| 18. | НП | Независни пратеници | / | 4 |
| **ВКУПНО:** | | | **120** | **120** |

## 2.2.3. Етничка структура на пратеници

| година | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Бошњаци | | Власи | | други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 21.06 | 81 | 67,5 | 29 | 24,2 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 3 | 2,5 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 |
| 31.12 | 81 | 67,5 | 29 | 24,1 | 1 | 0,8 | 1 | 0,8 | 4 | 3,3 | 1 | 0,8 | 2 | 1,6 | 1 | 0,8 |

## 2.2.4. Полова структура на пратеници

| година | мажи | | жени | |
|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % |
| 21.06.2008 | 86 | 71,7 | 34 | 28,3 |
| 31.12.2008 | 82 | 68,3 | 38 | 31,7 |

## 2.2.5. Старосна структура на пратеници

| пратеници | под 30 | | 30-39 | | 40-49 | | 50-59 | | 60-69 | | Над 70 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % |
| 21.06.2008 | 12 | 10 | 35 | 29,2 | 48 | 40 | 16 | 13,3 | 7 | 5,8 | 2 | 1,7 |
| 31.12.2008 | 11 | 9,1 | 33 | 27,5 | 49 | 40,8 | 18 | 15 | 7 | 5,8 | 2 | 1,7 |

## 2.2.6. Образовна структура на пратеници

| образование | средно | | вишо | | високо | | постдипломско | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | % | бр | % | бр | % | д-р | м-р | спец |
| 21.06.2008 | 5 | 4,16 | 5 | 4,16 | 82 | 68,3 | 6 | 18 | 4 |
| 31.12.2008 | 6 | 5 | 6 | 5 | 82 | 68,3 | 5 | 17 | 4 |

# 3. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕ

# 3.1. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

Во овој период се одржани 39 седници од кои три останаа незавршени и тоа две работни седници со четири преостанати точки (три закони и една информација) и една седница за пратенички прашања.




вкупно седници - 39

завршени - 36

незавршени - три



## 3.1.1. ПОСЕБНИ СЕДНИЦИ

### Посебни седници во периодот 21.06.2008 – 31.12.2008

**Пратенички прашања - 2**

- 30 седница одржана на 27.01.2008 година и
- 40 седница одржана на 25.12.2008 година (прекината)

**Обраќања - 2**

- претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски (37 седница, 18.02.2008 година) и
- претседателот на на Големото национално собрание на Република Турција Коксал Топтан (39 седница, 22.12.2008).

**Свечени - 1**

- Одбележување на 60-годишнината од донесувањето на Универзалната декларација за правата на човекот (34 седница, 10.12.2008).

Времетраење на седниците

- Според бројот на работните денови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 27-та седница со осум работни дена (48 час и 20 минути).
- Според вкупниот број на работни часови најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 8-та седница со 48 часа и 20 минути.
- Според континуитетот најдолга седница на Собранието на Република Македонија е петтото продолжение на 27-та седница, кое траело од 11,20 часот на 30 октомври (четврток) до 02,05 часот следниот ден 31 октомври (петок) или во континуитет 14 часа и 45 минути.
- Според вкупниот број на работни часови најкратка седница на Собранието на Република Македонија е 31-та седница која траела 10 минути.





## 3.1.2. ПРИСУСТВО И УЧЕСТВО НА СЕДНИЦИТЕ

| СЕДНИЦА | РАБОТНИ ДЕНОВИ | ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ |
|---|---|---|
| **1 седница** | **1** | 2 часа и 55 минути |
| **2 седница** | **1** | 2 часа и 20 минути |
| **3 седница** | **4** | 23 часа и 40 минути |
| **4 седница** | **3** | 17 часа и 15 минути |
| **5 седница** | **1** | 1 час и 40 минути |
| **6 седница** | **2** | 8 часа и 35 минути |
| **7 седница** | **1** | 4 часа и 55 минути |
| **8 седница** | **1** | 5 часа и 05 минути |
| **9 седница** | **1** | 4 часа и 30 минути |
| **12 седница** | **1** | 2 часа и 45 минути |
| **13 седница** | **2** | 6 часа и 50 минути |
| **14 седница** | **4** | 12 часа и 45 минути |
| **15 седница** | **2** | 1 час и 58 минути |
| **16 седница** | **2** | 42 минути |
| **17 седница** | **1** | 5 часа и 40 минути |
| **18 седница** | **7** | 32 часа и 10 минути |
| **19 седница** | **1** | 5 часа |
| **20 седница** | **1** | 1 час и 30 минути |
| **21 седница** | **1** | 3 часа и 55 минути |
| **22 седница** | **1** | 15 минути |
| **23 седница** | **2** | 8 часа и 20 минути |
| **24 седница** | **4** | 21 час и 30 минути |
| **25 седница** | **1** | 2 часа и 25 минути |
| **26 седница** | **1** | 9 часа и 20 минути |
| **27 седница** | **8** | 48 часа и 20 минути |
| **28 седница** | **6** | 26 часа и 35 минути |
| **29 седница** | **1** | 5 часа и 35 минути |
| **30 седница** | **1** | 7 часа |
| **31 седница** | **1** | 10 минути |
| **32 седница** | **4** | 10 часа |
| **33 седница** | **4** | 17 часа и 15 минути |
| **34 седница** | **1** | 50 минути |
| **35 седница** | **1** | 8 часа и 15 минути |
| **36 седница** | **3** | 7 часа и 10 минути |
| **37 седница** | **1** | 35 минути |
| **39 седница** | **1** | 15 минути |
| **40 седница** | **1** | 2 часа и 50 минути |
| **41 седница** | **3** | 22 часа |
| **42 седница** | **1** | 4 часа |
| **ВКУПНО: 39 седници** | **67 дена** | **337 часа** |

*Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 67.*

*Во текот на тие работни денови остварени се :*

*вкупно присуства: 8.010*

*вкупно отсуства: 6.583 од кои:*

*- оправдани 1.427*

*- неоправдани 274*

**Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници**




***Двајца пратеници присуствуваале само во еден ден кога Собранието одржувало седница, додека 16 пратеници присуствувале на сите шеесет и седум денови.***

*Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство. Во овој мандатен период еден пратеник имал две такви казни.*




***одбитоци според месеци***

## 3.1.3. ОДЛУЧУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ



# 3.2. РАЗГЛЕДУВАНИ АКТИ

## 3.2.1. ПОСТАВЕНИ АКТИ НА СЕДНИЦА

| СЕДНИЦА | број на точки | закони | одлуки | резолуции | уставни измени | информации | програми | извештаи | планови | интерпелации | автентични толкувања | завршни сметки | стратегии | деловник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **4** | | 4 | | | | | | | | | | | |
| **2** | **6** | 1 | 5 | | | | | | | | | | | |
| **3** | **22** | 21 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **4** | **28** | 27 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **5** | **18** | 17 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **6** | **15** | 15 | | | | | | | | | | | | |
| **7** | **8** | 8 | | | | | | | | | | | | |
| **8** | **1** | | 1 | | | | | | | | | | | |
| **9** | **6** | 6 | | | | | | | | | | | | |
| **12** | **4** | 3 | | | | | | | | | | | | 1 |
| **13** | **26** | 26 | | | | | | | | | | | | |
| **14** | **40** | 37 | | | | | 1 | | | | | | 2 | |
| **15** | **6** | 5 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **16** | **3** | 3 | | | | | | | | | | | | |
| **17** | **31** | 9 | 22 | | | | | | | | | | | |
| **18** | **39** | 10 | 18 | | | | 1 | 7 | 1 | | | 2 | | |
| **19** | **9** | | 9 | | | | | | | | | | | |
| **20** | **58** | 57 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **21** | **1** | 1 | | | | | | | | | | | | |
| **22** | **1** | | | 1 | | | | | | | | | | |
| **23** | **11** | 9 | 2 | | | | | | | | | | | |
| **24** | **22** | 13 | 8 | | | 1 | | | | | | | | |
| **25** | **2** | | 2 | | | | | | | | | | | |
| **26** | **1** | | | 1 | | | | | | | | | | |
| **27** | **13** | 8 | 3 | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **28** | **27** | 16 | 3 | | | | | 1 | 1 | | 5 | | 1 | |
| **29** | **17** | | 15 | | 1 | | 1 | | | | | | | |
| **31** | **1** | | 1 | | | | | | | | | | | |
| **32** | **8** | 4 | 4 | | | | | | | | | | | |
| **33** | **28** | 25 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | | | |
| **35** | **1** | | | 1 | | | | | | | | | | |
| **36** | **10** | 9 | 1 | | | | | | | | | | | |
| **41** | **5** | 2 | 3 | | | | | | | | | | | |
| **42** | **18** | 9 | 7 | | | | | | | | 2 | | | |
| **ВКУПНО** | **490** | **341** | **114** | **4** | **2** | **1** | **3** | **8** | **2** | **1** | **8** | **2** | **3** | **1** |

## 3.2.2. РАЗГЛЕДАНИ АКТИ НА СЕДНИЦА




| реден број | А К Т | вкупно по дневен ред | донесени | донесени по втор и трет пат | недонесени | прва фаза | усвоени | неусвоени | неосновани | неразгледани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | закони | 341 | 260 | 64 | 3 | 11 | | | | 3 |
| 2. | одлуки | 114 | 114 | | | | | | | |
| 3. | резолуции | 4 | 4 | | | | | | | |
| 4. | уставни измени | 2 | | | | 2 | | | | |
| 5. | информации | 1 | | | | | | | | 1 |
| 6. | програми | 3 | 3 | | | | | | | |
| 7. | извештаи | 8 | 8 | | | | | | | |
| 8. | планови | 2 | 2 | | | | | | | |
| 9. | интерпелациии | 1 | | | | | | 1 | | |
| 10. | автентични толкувања | 8 | | | | | | | 8 | |
| 11. | завршни сметки | 2 | 2 | | | | | | | |
| 12. | стратегии | 3 | 3 | | | | | | | |
| 13. | деловник | 1 | 1 | | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | **490** | **397** | **64** | **3** | **13** | | **1** | **8** | **4** |

# 3.3. ЗАКОНИ

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

*Со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието на Република Македонија на 18 јули 2008 година се усвои нова процедура во носењето на законите, односно сосема нова постапка, усогласена со правото на Европската унија а, пред се, усогласена со постапката на носење на законите во земјите членки на ЕУ.*

*Право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Ако предлагач не е Владата, предлогот на законот се доставува до Владата на Република Македонија заради давање на мислење. Но, тоа не значи дека без мислење на Владата не се разгледува предлогот на законот.*

*Иницијатива за донесување на закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.*
*Иницијативата упатена до Собранието се доставува до пратениците и за тоа се известува подносителот на иницијативата.*

*Предлогот на законот мора да биде подготвен во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија (член 135). Ако предлогот на законот не е подготвен согласно со одредбите на Деловникот на Собранието претседателот на Собранието, пред да го достави до пратениците, ќе побара од предлагачот да го усогласи во рок од 15 дена. Ако предлагачот не го усогласи во наведениот рок се смета дека предлогот на законот не е поднесен.*

*Согласно со одредбите на Деловникот на Собранието на Република Македонија законите по правило се донесуваат во редовна постапка, но предлагачот може на Собранието да му предложи предлогот на законот да се донесе во скратена постапка. По исклучок, во Деловникот на Собранието е предвидена и можноста предлогот на законот да се донесе по итна постапка.*

**А) ПО РЕДОВНА ПОСТАПКА**

Законодавната постапка на донесување на законот започнува со доставување на предлогот на законот до претседателот на Собранието на Република Македонија кој веднаш, а најдоцна во рок три работни дена од денот на поднесувањето го доставува до пратениците (во писмена или електронска форма).

Откако предлогот на законот ќе се достави до пратениците во Собранието, најмалку 15 пратеници имаат право да поднесат барање, Собранието да одржи општ претрес. Ако вакво барање не се поднесе завршува првото читање.

**Прво читање**

Пред предлогот на законот да се претресе на седницата на Собранието го разгледува матичното работно тело (од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување) и Законодавно-правната комисија (од гледна точка на потребата од донесување на законот и неговата усогласеност со Уставот), во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието.

Ако предлогот на законот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлогот на законот го разгледува и надлежното работно тело во чиј делокруг на работа спаѓаат прашањата на буџетот и финансиите (Комисијата за финансирање и буџет). Оваа Комисија го разгледува предлогот на законот од гледна точка на влијанието на овие одредби врз средствата со кои располага и можните извори за финансирање на предложените решенија.

Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија подготвуваат извештаи во кои е содржано мислење дали предлогот на законот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање.

Потоа, предлогот на законот се разгледува на седница на Собранието каде што се одржува општа расправа. Собранието по општата расправа одлучува дали предлогот на законот е прифатлив и дали може да се даде на натамошно читање. Ако Собранието одлучи дека

предлогот на законот е прифатлив и дека може да се даде на натамошно читање, односно на второ читање, Собранието донесува заклучок со што започнува второто читање. Ако Собранието одлучи дека предлогот на законот не е прифатлив и дека не може да се даде на натамошно читање законодавната постапка се прекинува и истиот предлог не може повторно да се поднесе во рок од три месеца.

**Второ читање**

Второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија во рок од седум работни дена по одржаната седница на Собранието. Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија ги претресуваат одредбите од предлогот на законот поединечно и поднесените амандмани и гласаат по нив. Кога предлогот на законот се разгледува во второ читање можат да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците, но и работните тела можат да поднесат свои амандмани. Амандманите до комисиите пратениците можат да ги поднесуваат најдоцна два дена пред денот определен за одржување на седниците на комисиите. За секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Во случај кога со предлогот на законот се врши изменување или дополнување, амандмани можат да се поднесуваат само на членови кои со предлогот на законот се менуваат или дополнуваат.

Ако на седниците на матичното работно тело и на Законодавно-правната комисија се усвои амандман, тогаш матичното работно тело и Законодавно-правната комисија по завршување на претресот, а најдоцна во рок од пет дена подготвуваат дополнет предлог на закон (текст на предлогот на законот во кој се вградуваат усвоените амандмани) и образложение.

Второто читање на седница на Собранието се води само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела на и само на тие членови може да се поднесуваат амандмани. Амандмани можат да поднесуваат пратениците и предлагачот најдоцна во рок од три дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието. На седница на Собранието образложение на амандманот може да даде само подносителот на амандманот, односно еден од подносителите во времетраење од 3 минути.

Ако на седницата на Собранието се усвојат повеќе од 1/3 амандмани од членовите на дополнетиот предлог на закон, по завршување на второто читање се подготвува и правно-технички се уредува текстот на законот за трето читање. Ако пак се усвојат помалку од 1/3 од членовите на изменетиот предлог на закон, Собранието може да одлучи третото читање на предлогот на законот да се одржи на истата седница. Претседавачот на Собранието тогаш одлучува дали третото читање ќе се одржи веднаш по усвојувањето на одлуката. Но, ако на седницата на Собранието во текот на второто читање не се усвои ниту еден амандман се преминува на гласање по предлогот на законот во целина.

**Трето читање**

Третото читање на предлогот на законот по правило се одржува по завршување на второто читање на првата наредна седница на Собранието. Во оваа фаза работните тела на Собранието не расправаат.

Во текот на третото читање Собранието расправа и одлучува само по членовите на дополнетиот предлог на закон за кои се поднесени амандмани и одлучува за предлогот на законот во целина.

Амандмани може да поднесе предлагачот и пратеник најдоцна во рок од два работни дена пред денот определен за одржување на седницата на Собранието и тоа само на оние членови на кои биле усвоени амандмани во текот на второто читање на седницата на Собранието.

**Б) СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

Предлагачот на предлогот на законот може да поднесе и на Собранието да му предложи, Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога не е во прашање сложен и обемен закон кога со предлогот на законот се предлага престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон и кога не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Собранието одлучува дали предлогот на законот треба да се рагледа по скратена постапка и ако одлучи да расправа, претседателот на Собранието веднаш го задолжува

матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по скратена постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до почетокот на седницата за второ читање на предлогот на законот. Додека амандмани на предлогот на законот за трето читање може да се поднесуваат до почетокот на третото читање на предлогот на законот на седница на Собрание.

**В) ИТНА ПОСТАПКА**

По исклучок предлогот на законот може да се донесе и по итна постапка кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Предлогот на законот да се донесе по итна постапка, предлагачот е должен да го образложи. За оправданоста на предлогот, законот да се донесе по итна постапка одлучува Собранието без претрес. Ако Собранието одлучи да расправа по предлогот, законот да се донесе по итна постапка, се задолжуваат матичното работно тело и Законодавно-правната комисија да расправаат по предлогот на законот.

Кога предлогот на законот се разгледува по итна постапка не се одржува општ претрес. Второто и третото читање се одржуваат на иста седница. Во тој случај второто читање започнува со разгледување на предлогот на законот најпрвин во матичното работно тело и Законодавно-правната комисија, па потоа на седница на Собранието. Амандмани до комисиите и до седницата на Собранието се поднесуваат до завршување на претресот по предлогот на законот на седниците на комисиите и на седницата на Собранието.

**Г) ПОСТАПКА ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ**

Предлог на закон за ратификација на меѓународни договори поднесува Владата со поднесување на предлог на закон за ратификација.

Предлогот на законот за ратификација го содржи текстот на меѓународниот договор чија ратификација се предлага. На текстот на меѓународниот договор не се вршат изменувања и дополнувања.

Одредбите од Деловникот на Собранието што се однесуваат на постапката за претресување на предлогот на законот по итна постапка соодветно се применуваат и во постапката за претресување на предлогот на законот за ратификација на меѓународниот договор.

Законите за ратификација на меѓународните договори и изворниот текст на меѓународните договори се објавуваат во посебен дел на "Службен весник на Република Македонија"- Меѓународни договори.

**Д) ПРИМЕНА НА ЧЛЕНОТ 157 ОД ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО**

Ако по предлогот на законот не е одржан општ претрес, претставниците на пратеничките групи на седница на Собранието имаат право да го изнесат мислењето на својата пратеничка група во врска со предлогот на законот во траење од 10 минути.

**Ѓ) ПОТПИШУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ**

Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Ако претседателот на Републиката одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот. При повторното разгледување на законот, амандмани можат да се поднесуваат само во врска со укажувањата на претседателот на Републиката.

Законите пред да влезат во сила се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

## ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ 338




*по непотпишување на Указот за прогласување на законот од претседателот на Република Македонија

## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 260




## НЕПРИФАТЛИВИ ПРЕДЛОГ ЗАКОНИ 3




***напомена -** Предлогот на законот поднесен од 10.000 граѓани е процесуиран според постапката за донесување на закони согласно со стариот Деловник на Собрание.

## РАЗГЛЕДАНИ ЗАКОНИ ПО СЕДНИЦИ



# 3.3.1. Донесени закони






ЛЕГЕНДА:

Закони кои произлегуваат од НПАА и значат усогласување со правото на ЕУ

Закони донесени со двојно мнозинство (Бадентеров принцип)

| Реден број | АКТ | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита. | Влада | итна | 2 26.06.2008 |
| 2. | Закон за престанување на важењето на Законот за арондација | Влада | итна | 3 30.06.2008 |
| 3. | Закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата | Влада | итна | 3 30.06.2008 |
| 4. | Закон за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 5. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен униврзитет "Гоце Делчев" во Штип | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 6. | Закон за основање на Техничко-технолошки факултет, Ветеринарен Факултет и Правен факултет во состав на Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 7. | Закон за основање на високообразовна установа Факултет за безбедност во состав на на Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 8. | Закон за високообразовните установи на верските заедници | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 9. | Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Државен униврзитет во Тетово | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 10. | Закон за изменување на Законот за просветна инспекција | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| 11. | Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование | Влада | итна | 3 01.07.2008 |
| **57.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |
| **58.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламен-тарното Собрание на Советот на Европа | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |
| **59.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор членови на Комитетот за односи меѓу заедниците | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |
| **60.** | Одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |
| **61.** | Одлука за избор на претседател и членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **62.** | Одлука за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 18<br>25.08.2008 |
| **63.** | Одлука за одобрување на Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година | Агенција за електронски комуникации | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| **64.** | Одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија | Регулаторната комисија за енергетика | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| **65.** | Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 23<br>16.09.2008 |
| **66.** | Одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | редовна | 23<br>16.09.2008 |
| **67.** | Одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен од с.Вејце Тетово поднесено од Основниот суд Скопје I, заведено под I КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година | Ком. за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | итна | 25<br>26.09.2008 |
| **68.** | Одобрување притвор на пратеникот Хајрула Мисини од Куманово поднесено од Основниот суд Скопје I, заведено под I КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година | Ком. за деловнички и мандатно-имунитетни прашања | итна | 25<br>26.09.2008 |
| **69.** | Одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **70.** | Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **71.** | Одлука за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **72.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **73.** | Одлука за разрешување од функцијата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **74.** | Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **75.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **76.** | Одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 24<br>07.10.2008 |
| **77.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА | Влада | редовна | 27<br>29.10.2008 |
| **78.** | Одлука за објавување на јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 27<br>29.10.2008 |
| **79.** | Одлука за прераспределба на средствата меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите | Влада | редовна | 27<br>31.10.2008 |
| **80.** | Одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 28<br>04.11.2008 |
| **81.** | Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 28<br>04.11.2008 |
| **82.** | Одлука за огласување избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | редовна | 31<br>10.11.2008 |
| **83.** | Одлука за именување на претседател и членови на Одборот за подигање меморијален споменик на Тосор Проески во Крушево | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 32<br>18.11.2008 |
| **84.** | Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Гоце Делчев" | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 32<br>18.11.2008 |
| **85.** | Одлука за допонување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 32<br>18.11.2008 |
| **86.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан | Влада | редовна | 32<br>18.11.2008 |
| **87.** | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **88.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **89.** | Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **90.** | Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **91.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **92.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **93.** | Одлука за дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **94.** | Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **95.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **96.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **97.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **98.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен партнер | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **99.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **100.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |
| **101.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на РМ во Парламентарното Собрание на Северноатланската договорна организација | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 29<br>24.11.2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **102.** | Одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година | Регулаторна комисија за енергетика | редовна | 28 03.12.2008 |
| **103.** | Одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 33 04.12.2008 |
| **104.** | Одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје | Универзитет Св.Кирил и Методиј | редовна | 36 17.12.2008 |
| **105.** | Одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, Алтеа | Влада | редовна | 41 24.12.2008 |
| **106.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан 07/5472/1 | Влада | редовна | 41 24.12.2008 |
| **107.** | Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан 07/5697/2 | Влада | редовна | 41 24.12.2008 |
| **108.** | Одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 42 30.12.2008 |
| **109.** | Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 42 30.12.2008 |
| **110.** | Одлука за избор на заменик директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 42 30.12.2008 |
| **111.** | Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | Ком. за прашања на изборите и именувањата | итна | 42 30.12.2008 |
| **112.** | Именување на заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници | Влада | редовна | 42 30.12.2008 |
| **113.** | Именување член на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер | Влада | редовна | 42 30.12.2008 |
| **114.** | Одлука за давање согласност на Статутот на Универзитетот "Св.Климент Охридски" -Битола | Универзитетот "Св.Климент Охридски" | редовна | 42 30.12.2008 |

# 3.5. ДРУГИ АКТИ

## 3.5.1 УСВОЕНИ АКТИ




## ДЕЛОВНИК

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Деловник на Собранието на Република Македонија | Светлана Јакимовска Благородна Дулиќ | итна | 12 18.07.2008 |

## РЕЗОЛУЦИИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Резолуција за бегалците од воените дејствија во Република Грција за време на Граѓанската и Втората светска војна | пратеници | редовна | 22 27.08.2008 |
| 2. | Резолуција за односите на Република Македонија со Косово | Влада | редовна | 26 08.10.2008 |
| 3. | Резолуција за решавање на спорот за името на Република Македонија | група пратеници | редовна | 27 03.11.2008 |
| 4. | Резолуција за приоритетите во 2009 за пристапување на Република Македонија во ЕУ | Цветанка Иванова, Андреј Жерновски, Силвана Бонева, Тахир Хани и Имер Алиу | редовна | 35 15.12.2008 |

# СТРАТЕГИИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Стратегија за управување со јавниот долг на Република Македонија во периодот од 2008 до 2010 година | Влада | итна | 14<br>24.07.2008 |
| 2. | Национална стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии | Влада | итна | 14<br>24.07.2008 |
| 3. | Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 година | Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата | редовна | 28<br>11.11.2008 |

# ПРОГРАМИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Национална програма за железничка инфраструктура за периодот 2008-2012 година | Влада | итна | 14<br>24.07.2008 |
| 2. | Програма за формирање на стоковите резерви за периодот 2008-2010 | Влада | редовна | 18<br>02.09.2008 |
| 3. | Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности за 2009 година | Комисија за култура | редовна | 29<br>24.11.2008 |

# ПЛАНОВИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година | Регулаторна комисија за енергетика | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 2. | Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2009 година | Регулаторна комисија за енергетика | редовна | 28<br>03.12.2008 |

# ИЗВЕШТАИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2007 година | Судски совет | редовна | 18<br>03.09.2008 |
| 2. | Годишен извештај за работата на Народниот Правобранител за 2007 година | Народен Правобранител | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 3. | Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во 2007 година | Комисија за заштита на конкуренцијата | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 4. | Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2007 година | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 5. | Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност за 2007 година | Комисија за хартии од вредност | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 6. | Извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од 1 јануари до 31 декември 2007 година | Совет за радиодифузија | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 7. | Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2007 година | Регулаторната комисија за енергетика | редовна | 18<br>04.09.2008 |
| 8. | Годишен извештај на извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2007 | Државниот завод за ревизија | редовна | 28<br>11.11.2008 |

# ЗАВРШНИ СМЕТКИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | ПОСТАПКА | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2006 година | Влада | редовна | 18<br>02.09.2008 |
| 2. | Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година | Влада | редовна | 18<br>03.09.2008 |



## 3.5.2 АКТИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ

### ЗАКОНИ ВО ФАЗИ

| Реде н број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Предлог за донесување на закон за селекциони права | Влада | 24<br>07.10.2008 |
| 2. | Предлог за донесување на закон за сестринска дејност | Влада | 28<br>11.11.2008 |
| 3. | Предлог за донесување на закон за акушерска дејност | Влада | 28<br>11.11.2008 |
| **НОВ ДЕЛОВНИК** | | | |
| 4. | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, I читање | Влада | 36<br>17.12.2008 |
| 5. | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите, I читање | Влада | 36<br>17.12.2008 |
| 6. | Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, I читање | Влада | 36<br>17.12.2008 |
| 7. | Предлог на закон за изменување на Законот за комунални дејности, I читање | Влада | 36<br>17.12.2008 |
| 8. | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци, I читање | Влада | 36<br>17.12.2008 |
| 9. | Закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите, I читање | Влада | 42<br>30.12.2008 |
| 10. | Закон за дополнување на Законот за парнична постапка, I читање | Влада | 42<br>30.12.2008 |
| 11. | Закон за дополнување на Законот за извршување, I читање | Влада | 42<br>30.12.2008 |

### УСТАВНИ ИЗМЕНИ ВО ФАЗИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. - **I фаза** | Влада | 27<br>22.10.2008 |
| 2. | Утврдување на Нацртот на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија - **II фаза** | Влада | 29<br>24.11.2008 |

# 3.5.3 НЕУСВОЕНИ АКТИ

## АВТЕНТИЧНИ ТОЛКУВАЊА

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Барање за давање на автентично толкување на член 122 од Законот за сопственост и други стварни права | општина Аеродром | 28<br>11.11.2008 |
| 2. | Барање за давање на автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | општина Аеродром | 28<br>11.11.2008 |
| 3. | Барање за давање на автентично толкување на одредби од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | општина Аеродром | 28<br>11.11.2008 |
| 4. | Барање за давање на автентично толкување на член 1 став 4 точка 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за комунални дејности | Совет на општина Делчево | 28<br>11.11.2008 |
| 5. | Барање за давање на автентично толкување на член 124-а,став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење | градоначалник на општина Кисела Вода | 28<br>11.11.2008 |
| 6. | Барање за давање автентично толкување на член 54 став 5 од Законот за локална самоуправа, поднесено од Советот на општина Карпош | Совет на општина Карпош | 33<br>22.12.2008 |
| 7. | Барање за давање автентично толкување на член 6 точка 23 од Законот за персоналниот данок на доход, а во врска со член 97 од Законот за работни односи | Дарко Димитриевски | 42<br>30.12.2008 |
| 8. | Барање за давање автентично толкување на член 11 од Законот за јавна чистота | Градоначалникот на општина Василево | 42<br>30.12.2008 |

## ИНТЕРПЕЛАЦИИ

| Реден број | А К Т | ПРЕДЛАГАЧ | СЕДНИЦА |
|---|---|---|---|
| 1. | Интерпелација за работата на претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, Александар Николовски | пратеничка група на СДСМ | 33<br>04.12.2008 |

# 3.6. АМАНДМАНИ

Предлогот за изменување или дополнување на предлогот на законот се поднесува во форма на амандман.

Амандман може да поднесе секој пратеник во Собранието, пратеничка група и работно тело.

Амандманот се поднесува до претседателот на Собранието во писмена форма и мора да биде образложен и потпишан од предлагачот.

Ако амандманот содржи одредби со кои се ангажираат финансиски средства, предлагачот на амандманот е должен истовремено да укаже и на можните извори за обезбедување на тие средства.

Претседателот на Собранието амандманите веднаш ги доставува до пратениците, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија каде што се разгледуваат.

На второто читање на седница на Собранието се води претрес само по оние членови од предлогот на законот што се изменети со амандмани на работните тела и само на тие членови може да се поднесат амандмани на самата седница.

ЛЕГЕНДА:

Амандмани разгледувани според новиот Деловник

| реден број | седница | усвоени | | | неусвоени | | | повлечени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пратен. | Ком. | Влада | Пратен. | Ком. | Влада | Пратен. | Ком. | Влада |
| 1. | 2 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 2. | 3 | 63 | - | 2 | 56 | - | - | 95 | - | - |
| 3. | 4 | 36 | - | 1 | 19 | - | - | 38 | - | - |
| 4. | 6 | 20 | - | - | 20 | - | - | 8 | - | - |
| 5. | 7 | 9 | - | 1 | - | - | - | 8 | - | - |
| 6. | 9 | 11 | - | - | 2 | - | - | 1 | - | - |
| 7. | 12 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 8. | 13 | 9 | - | - | - | - | - | 7 | - | - |
| 9. | 14 | 18 | - | - | - | - | - | 4 | - | - |
| 10. | 15 | 13 | - | 6 | - | - | - | 1 | - | - |
| 11. | 17 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 12. | 18 | - | 3 | - | - | - | - | - | - | - |
| 13. | 23 | - | - | - | 1 | - | - | 1 | - | - |
| 14. | 24 | 1 | 3 | 1 | 25 | - | - | 1 | - | - |
| 15. | 26 | - | - | - | 3 | - | - | 2 | - | - |
| 16. | 27 | 7 | 9 | 3 | 43 | - | - | 18 | - | - |
| 17. | 28 | 8 | 7 | 1 | 24 | - | - | 2 | - | - |
| 18. | 29 | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| 19. | 32 | 1 | - | - | 5 | - | - | - | - | - |
| 20. | 33 | 9 | - | - | 36 | - | - | 13 | - | - |
| 21. | 41 | 15 | 1 | - | 199 | - | - | 13 | - | - |
| | ВКУПНО | 226 | 23 | 15 | 433 | - | - | 212 | - | - |




| предлагачи | поднесени | усвоени | неусвоени | повлечени |
|---|---|---|---|---|
| **Пратеници** | **871** | *226* | *433* | *212* |
| **Комисии** | **23** | *23* | - | - |
| **Влада на РМ** | **15** | *15* | - | - |
| **Овластени предлагачи** | **8** | *8* | - | - |
| **Вкупно** | **917** | **272** | **433** | **212** |

# 3.7. ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА






| Седница број | | 30 | 40 | - | - | - | - | - | - | - | - | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на пратеници кои поставиле прашање | | 10 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 10 |
| ПОСТАВЕНИ | Политички систем | 12 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 12 |
| | Економски систем | 13 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 13 |
| | Јавни дејности | 5 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 5 |
| Вкупно: | | 30 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 30 |
| Одговорени на самата седница | Политички систем | 8 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 8 |
| | Економски систем | 9 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 9 |
| | Јавни дејности | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 |
| Вкупно: | | 20 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 20 |
| Одговорени во писмена форма | Политички систем | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| | Економски систем | 4 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 |
| | Јавни дејности | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Вкупно: | | 6 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 6 |
| Неодговорени прашања | Политички систем | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 3 |
| | Економски систем | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| | Јавни дејности | 1 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 |
| Вкупно: | | 4 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4 |

# 4. РАБОТНИ ТЕЛА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# 4.1 ПОСТОЈАНИ РАБОТНИ ТЕЛА

*Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008), во Собранието на Република Македонија се основани 20 комисии.*

*Од огромно значење за работата на Собранието, а во функција на унапредување и следење на состојбата на територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија е основањето на Комисијата за локална самоуправа, како постојано работно тело во Собранието. Оваа Комисија е основана со Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 144/2008).*

### Состав на комисиите

Составот на комисиите од редот на пратениците е утврден со Одлука на Собранието ("Службен весник на Република Македонија" број 96/2008, 97/2008, 106/2008, 139/2008, 147/2008), во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи. Со цел да се обезбеди поголема стручност и транспарентност, со Деловникот на Собранието на Република Македонија е дадена можност во работата на комисиите да присуствуваат и да учествуваат научни, стручни и јавни работници, како и претставници на локалната самоуправа, јавните претпријатија, синдикатот и други институции.

Работното тело има претседател, заменик на претседателот, одреден број членови и нивни заменици.

### Организација и функционирање на комисиите

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието во овој парламентарен состав бележи огромен напредок со донесувањето на новиот Деловник за работата на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 91/2008). Имено, со одредбите од новиот Деловник се обезбедуваат поефикасни и поквалитетни решенија за организација и функционирање на Собранието воопшто, а особено се нагласува и зголемува улогата на работните тела во постапката на донесување на законите и други акти.

Според Деловникот, работното тело работи на седница што ја свикува претседателот на работното тело. Претседателот е должен да свика седница и на барање на претседателот на Собранието, или ако тоа го предложат најмалку една третина од членовите на работното тело, во спротивно седницата на работното тело ја свикува претседателот на Собранието.

### Комисиите - форум за дебати во функција на седниците на Собранието

Работата на комисиите е во функција на пленарните седници, што претставува квалитетен инструмент за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Покрај разгледувањето на законски предлози и следење на извршувањето на актите на Собранието, комисиите расправаат и на актуелни теми во областите за кои имаат надлежност, што претставува еден вид контролна функција на комисиите на реализацијата на владините политики.

Карактеристика на комисиското работење во овој парламентарен состав се и јавните дебати.

Во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година собраниските комисии, на вкупно 145 седници, на своите дневни редови имале 394 точки. Од нив 199 се законски проекти, меѓу кои доминираат законите од економската сфера (75), потоа законите од јавните дејности (68) и законите од полититичкиот систем (56).

***Табела: работно тело и број на членови***

| РАБОТНО ТЕЛО | БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ |
|---|---|
| *Комисија за уставни прашања* | *претседател + 16 члена* |
| *Законодавно - правна комисија* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за одбрана и безбедност* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за надворешна политика* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за европски прашања* | *претседател + 12 члена* |
| *Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот* | *претседател + 8 члена* |
| *Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнување и на Агенцијата за разузнување* | *претседател + 8 члена* |
| *Комисија за финансирање и буџет* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за економски прашања* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за транспорт и врски и екологија* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за образование, наука и спорт* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за култура* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за здравство* | *претседател + 10 члена* |
| *Комисија за труд и социјална политика* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за еднакви можности на жените и мажите* | *претседател +10 члена* |
| *Комисија за прашања на изборите и именувањата* | *претседател + 12 члена* |
| *Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања* | *претседател + 8 члена* |
| *Комитет за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО* | *претседател + 4 члена* |

***Разгледани закони по области***



# Комисија за уставни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ**
- спроведување на Уставот;
-предлози за изменување и дополнување на Уставот;
-начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и
- други прашања од уставен карактер.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ,** претседател |
| | **АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Зоран Петрески |
| 2. | Благородна Дулиќ |
| 3. | Надица Танчева Тулиева |
| 4. | Дарко Димитриевски |
| 5. | Јаготка Ивановска |
| 6. | Саве Савевски |
| 7. | Веле Ѓорѓиевски |
| 8. | Павле Трајанов |
| 9. | Ермира Мехмети |
| 10. | Тахир Хани |
| 11. | Вулнет Амети |
| 12. | Владо Бучковски |
| 13. | Стојан Андов |
| 14. | Тито Петковски |
| 15. | Цветанка Иванова |
| 16. | Имер Алиу |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго |
| 2. | Јован Лазарев |
| 3. | Крсто Муковски |
| 4. | Христина Рунчева |
| 5. | Иван Стоиљковиќ |
| 6. | Косана Николиќ Мазнева |
| 7. | Владанка Авировиќ |
| 8. | Живко Пејковски |
| 9. | Хајрула Мисини |
| 10. | Феми Јонузи |
| 11. | Јулијета Марку |
| 12. | Емилијан Станковиќ |
| 13. | Соња Мираковска |
| 14. | Горан Минчев |
| 15. | Ристо Пенов |
| 16. | Бесим Догани |

Во извештајниот период, Комисијата за уставни прашања одржа три седници на кои се расправаше во сите фази од измената на членот 81 од ставот 5 на Уставот на Република Македонија.

Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, текстот на Нацртот на амандманот XXXI на Уставот и текстот на Предлогот на амандманот XXXI на Уставот.

Измената на членот 81 од ставот 5 на Уставот е предложена од Владата на Република Македонија во правец на намалување на цензусот на излезност на избирачите во вториот круг за избор на претседател на Република Македонија. Оваа измена е предложена со цел да се избегнат можностите од евентуален неуспех и нерегуларности на изборот за претседател на Републиката што ќе се одржи во март 2009 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 3 |
| Измени на Уставот | | 3 |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |





# ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- усогласеност на законите со законодавството на Европската унија;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието и
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија.

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ ,** претседател | |
| | **ИВАН СТОИЉКОВИЌ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ:** | | |
| 1. | Христина Рунчева | |
| 2. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 3. | Анета Стефановска | |
| 4. | Илија Димовски | |
| 5. | Оливер Деркоски | |
| 6. | Јаготка Ивановска | |
| 7. | Аднан Јашари | |
| 8. | Блерим Беџети | |
| 9. | Цветанка Иванова | |
| 10. | Емилијан Станковиќ | |
| 11. | Соња Мираковска | |
| 12. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ:** | | |
| 1. | Надица Танчева Тулиева | |
| 2. | Светлана Јакимовска | |
| 3. | Дарко Димитриевски | |
| 4. | Катерина Димеска | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Никола Котевски | |
| 7. | Тахир Хани | |
| 8. | Ермира Мехмети | |
| 9. | Горан Сугаревски | |
| 10. | Весна Бендевска | |
| 11. | Никола Ќурчиев | |
| 12. | Флора Кадриу | |

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно со надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

**Од областа на политичкиот систем**

**Комисијата** ги разгледа следниве предлози на закони:

-изменување на Законот за јавното обвинителство;

-изменување и дополнување на Законот за странците;

-дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови;

- изменување и дополнување на Кривичниот законик;

-изменување и дополнување на Изборниот законик;

-изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита;

-изменување на Законот за пратениците;

-Закон за спречување на корупција;

-изменување и дополнување на Законот за државните службеници;
-изменување и дополнување на Законот за судската служба;
-изменување на Законот за малолетничка правда и
-дополнување на Законот за финансирање на политичките партии.

**Од областа на економскиот систем како позначајни Комисијата** ги разгледа следниве предлози на закони за:

-Закон за јавна чистота;
-Закон за правната заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат условен пристап;
-изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони;
-изменување и дополнување на Законот за основање на Македонска банка за поддршка на рзавојот;
-дополнување на Законот за административните такси;
-изменување и дополнување на Законот за јавните набавки;
-изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбени производи;
-дополнување на Законот за концесии и други видови јавно приватно партнерство;
-изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште;
-изменување и дополнување на Законот за управување со отпад;
-изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица;
-Закон за возила;
-изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
-изменување на Законот за комуналните дејности;
-изменување на Законот за животната средина;
-изменување и дополнување на Законот за трговија;
-изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход;
-изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка;
-изменување на Законот за платниот промет;
-изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа;
-Закон за отпишување на камати за доспеани обрски по основ на даноци и придонеси за задолжително социјално осигурување;
-изменување и дополнување на Законот за работните односи и
-изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

**Од областа на јавните дејности** во овој период како позначајни предлози на закони кои можат да се наведат се предлозите на закони за:

-изменување на Законот за заштита на децата;
-изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите;
- изменување на Законот за ученичкиот стандард;
-изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука;
-Закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење;

-изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човечкото тело заради лекување;
-изменување и дополнување на Законот за санитарна и здравствена инспекција;
-изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето;
-изменување на Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари;
-Закон за Државниот испитен центар;
-изменување и дополнување на Бирото за развој на образованието;
-дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
-изменување и дополнување на Законот за Македонската академија на науките и уметностите;
-Закон за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување;
-изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита;
-изменување и дополнување на Законот за работните односи;
-изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;
-изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;
-изменување и дополнување на Законот за волонтерство;
-изменување и дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија;
-изменување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката;
-изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната;
-изменување и дополнување на Законот за извршување;
-дополнување на Законот за парнична постапка и
-изменување на Законот за заштита на правата на пациентите.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>13</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>134</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>17</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>36</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>27</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани ратификации</td><td>17</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>19</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти (одлуки, декларации, програми)</td><td>33*</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>-</td></tr>
</table>

# Комисија за политички систем

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-функционирање на политичкиот систем;

-менување на границите на Републиката;

-државните симболи и нивната употреба;

-судството, адвокатурата и јавното обвинителство;

- амнестија и помилување;

-слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;

-матична евиденција и заштита на личните податоци;

-лични имиња, лични карти и патни исправи;

- попис на населението;

- системот на јавното информирање;

-право на здружување на граѓаните и политичко организирање, избирачко право и начин на избор на пратеници, претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;

-референдум;

-локална самоуправа;

-народниот правобранител;

-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;

-одликувања, признанија и награди;

-празниците на Република Македонија;

-организација на државната управа;

-право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;

-гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и

-други прашања што се однесуваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците е постојано работно тело основано врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 07 септември 2006 година ("Службен весник на РМ" бр.97/2006).

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЗОРАН ПЕТРЕСКИ,** претседател | |
| | **ОЛИВЕР ДЕРКОСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Шутаров | |
| 2. | Илија Димовски | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Авдија Пепиќ | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Александар Спасеновски | |
| 7. | Рафиз Алити | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Андреј Петров | |
| 11. | Роза Топузовска Каревска | |
| 12. | Имер Алиу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ристо Стојанов | |
| 2. | Александар Николовски | |
| 3. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Миле Пачемски | |
| 6. | Цветан Трипуновски | |
| 7. | Тахир Хани | |
| 8. | Јулијета Марку | |
| 9. | Томе Чинговски | |
| 10. | Емилијан Станковиќ | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Бесим Догани | |

Во периодот од 21.06.2008 до 31.12.2008 Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците одржа вкупно седум седници на кои беа разгледани вкупно 17 точки од дневниот ред. Од тие точки беа разгледани 13 закони од кои седум беа по скратена постапка и еден по итна постапка. Од разгледаните точки на дневен ред, три закона беа разгледани во првата фаза на читање (во согласност со Деловникот). Сите 13 закони беа предложени на Собранието.

Законите кои се разгледуваа на Комисијата:

-Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство;

-Закон за изменување и дополнување на Законот за странци;
-Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик;
-Закон за изменување на Законот за платите на судиите;
-Закон за изменување на Законот за пратениците;
-Закон за изменување и дополнување на Законот за судската служба;
-Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници;
-Закон за дополнување на Законот за спречување на корупцијата;
-Закон за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии;
-Закон за изменување на Законот за малолетничка правда;
-Закон за дополнување на Законот за парнична постапка (прво читање);
-Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување (прво читање) и
-Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување (прво читање).

Од особена важност беше разгледувањето на Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик поради подобрување на изборниот процес и допрецизирање на Законикот и усогласување со меѓународните правила и стандарди за спроведување на изборите.

На шестата седница од страна на Комисијата на Собранието му беше предложено да се одржи јавна дискусија по општиот претрес на законите за изменување и дополнување на Законот за извршување и законот за дополнување на Законот за парнична постапка со оглед на тоа дека одредбите од овие закони бараат потемелна анализа и предизвикуваат поширок интерес кај граѓаните и пошироката јавност, поради што е потребно нивно потемелно запознавање со предложените решенија.

На Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците беа разгледани четири годишни извештаи меѓу кои :
-Извештајот за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2007 година;
-Годишниот извештај за работата на Народниот правобраниел на Република Македонија за 2007 година и
-Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 01 јануари до 31 декември 2007 година.

За прв пат до сега на Комисијата во Собранието на Република Македонија беше разгледуван Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година, а на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците го разгледуваше Извештајот во делот за Политички критериуми и поглавјата за правосудство и фундаментални права и правда, слобода и безбедност.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 17 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 12 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |





# Комисија за одбрана и безбедност

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-за заштита на поредокот утврден со Уставот;
-остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
-одбрана на Републиката и цивилната заштита;
-соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила;
-интеграцијата на Републиката во евроатлантските организации и односите на Републиката со тие организации;
-заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
-производство, промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
-обезбедување на личности и објекти;
-државјанство;
-одржување на јавниот ред и мир;
-јавните собири и јавните приредби;
-безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерскиот сообраќај;
-заштита од природни непогоди и епидемии;
-пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето;
-премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
-движење и престој на странци;
-утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
-други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЛАДИМИР ЃОРЧЕВ,** претседател | |
| | **КРСТО МУКОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Павла Трајанов | |
| 2. | Горан Ѓуровски | |
| 3. | Оливера Трајановска | |
| 4. | Илија Китановски | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Талат Џафери | |
| 7. | Иван Стоиљковиќ | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Горан Сугаревски | |
| 10. | Горан Минчев | |
| 11. | Горан Мисовски | |
| 12. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ НА ЧЛЕНОВИТЕ** | | |
| 1. | Зоран Петрески | |
| 2. | Илија Димовски | |
| 3. | Марјанчо Колевски | |
| 4. | Јован Гинев | |
| 5. | Панче Дамески | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Петар Поп Арсов | |
| 8. | Џеват Адеми | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Тито Петковски | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Даут Реџепи | |

Комисијата за одбрана и безбедност во текот на извештајниот период одржа три седници на кои беа разгледани четири точки на дневен ред од кои најголемиот дел беа предлози на законски акти од областа на одбраната и безбедноста, и тоа:

- Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за складирање и заштита од запални течности и гасови, со Предлог на закон;
- Предлог на деловник за работа на Комисијата за одбрана и безбедност;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита, со Предлог на закон и
- Предлог на националната програма на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Покрај одржаните седници, Комисијата во извештајниот период имаше и серија други значајни, пред се, меѓународни активности меѓу кои како позначајни можат да се издвојат:

- средбата на Комисијата со адмиралот Џампаоло Ди Паола, претседавач на воениот комитет на НАТО, одржана на 5 декември 2008 година и
- Комисијата во полн состав присуствуваше на Регионалниот семинар на тема "Парламентарна контрола врз безбедносниот сектор организирана од ДЦАФ" од Женева одржан на 3 и 4 декември 2008 година.

<table>
<tr><td colspan="2">Одржани седници</td><td>3</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вкупно разгледани точки</td><td>4</td></tr>
<tr><td colspan="2">Измени на Уставот</td><td>-</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Закони по области</td><td>политички систем</td><td>2</td></tr>
<tr><td>економски систем</td><td>-</td></tr>
<tr><td>јавни дејности</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Поднесени амандмани</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Буџет, ребаланс, завршна с-ка</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Други акти<br>(одлуки, декларации, програми)</td><td>1</td></tr>
<tr><td colspan="2">Информации, извештаи</td><td>-</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања, предлози</td><td>1</td></tr>
</table>



# Комисија за надворешна политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;

-политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;

-стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;

- стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;

-потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;

-ратификација на меѓународни договори;

-меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;

-воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;

-воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;

-иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и

-други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТЕУТА АРИФИ,** претседател | |
| | **БЛЕРИМ БЕЏЕТИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Александар Николоски | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Христина Рунчева | |
| 4. | Павле Трајанов | |
| 5. | Лилјана Поповска | |
| 6. | Васко Шутаров | |
| 7. | Оливер Шамбевски | |
| 8. | Ермира Мехмети | |
| 9. | Игор Ивановски | |
| 10. | Владо Бучковски | |
| 11. | Ѓорѓи Оровчанец | |
| 12. | Флора Кадриу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цановски | |
| 2. | Јован Лазарев | |
| 3. | Авдија Пепиќ | |
| 4. | Горан Петров | |
| 5. | Александар Спасеновски | |
| 6. | Цена Матевска | |
| 7. | Марија Андоновска | |
| 8. | Хајрула Мисини | |
| 9. | Никола Ќурчиев | |
| 10. | Маринела Тушева | |
| 11. | Андреј Жерновски | |
| 12. | Садије Илјази | |

Во однос на активностите што се однесуваат на процесот на разгледување на закони за ратификација на меѓународни договори, Комисијата во изминатиот период од вкупно одржани 11 седници, на четири седници беа разгледани и препорачани на Собранието 12 предлози за донесување на законски акти. На една седница на Комисијата беше претставена платформата на еден македонски амбасадор пред стапување на должност и една седница со амбасадорот на САД во РМ.

Две средби се одржани со министерот за надворешни работи и една зедничка седница со Комисијата за европски прашања и Мешовитиот комитет на која беше разгледуван Извештајот од ЕК.

Во однос на активностите што се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, се реализирани вкупно две средби со претставници и делегации на други држави во земјата и една посета во странство. Претседателот на Комисијата оствари седум средби со амбасадори на други држави во РМ.

Во функција на развој на парламентарната дипломатија се упатени повеќе иницијативи за соработка со парламентарни комисии од други држави.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 12 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 6 |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | 2 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за европски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;
-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;
-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;
-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;
-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;
-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ПЕТАР ПОП АРСОВ,** претседател | |
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Силвана Бонева | |
| 2. | Александар Спасеновски | |
| 3. | Владанка Авировиќ | |
| 4. | Горан Петров | |
| 5. | Миле Пачемски | |
| 6. | Панче Дамески | |
| 7. | Ермира Мехмети | |
| 8. | Хајрула Мисини | |
| 9. | Игор Ивановски | |
| 10. | Славица Грковска Лошкова | |
| 11. | Андреј Жерновски | |
| 12. | Флора Кадриу | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Ратко Димитровски | |
| 3. | Александар Николоски | |
| 4. | Марија Андоновска | |
| 5. | Христина Рунчева | |
| 6. | Вилета Ташева | |
| 7. | Блерим Беџети | |
| 8. | Рафиз Алити | |
| 9. | Андреј Петров | |
| 10. | Станка Анастасовска | |
| 11. | Соња Мираковска | |
| 12. | Мерал Узеири Ферати | |

За изминатиот извештаен период Комисијата за европски прашања одржа осум седници и оствари повеќе активности од своите надлежности.

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:

-разгледа 15 законски предлози од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство;
**-**расправаше по Нацрт-резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2008 година, поднесен од страна на известителот за Македонија во Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент, г. Ерик Мејер и изготви заклучоци по Извештајот.

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Собранието на Република Македонија за приоритетите на ЕУ Претседателството одржа посебна седница посветена на Приоритетите и програмите за работа на Претседателството на Република Франција за периодот јули-декември 2008 година со Европската унија;

Во рамките на меѓународната активност Комисијата:

-оствари средба со европратеничката Ангелика Бер (1 октомври 2008 година во Собранието на РМ);

-оствари билатерални средби со претседателите и членовите на комисиите за европски прашања на Франција, Словенија и Словачка, на кои беа разменети мислења и искуства за евроинтеграциските процеси од парламентарен аспект;

-посета на Брисел (2-4 октомври 2008) и Стразбур (19-21 октомври и 15-18 декември 2008 година), на две седници на Европскиот парламент и средба со повеќе европратеници во врска со Нацрт-резолуцијата за напредокот на Република Македонија во 2008 година, поднесен од европратеникот Етик Мејер ;

-средби со амбасадорите на: Германија, Австрија, Полска, Норвешка, Обединетото Кралство, Шведска, Словенија, Англија, Бугарија, Унгарија и Турција во Република Македонија во РМ;

-Учествуваше на следните меѓународни конференции:

-на два состанока на Конференцијата на комисиите за европски прашања на земјите членки на ЕУ-КОСАК (јули и ноември 2008 година во Париз);

-"Душата на Европа" во Берлин од 15 до 16 ноември 2008 година) и

-14-та Конференција посветена на Заедничката национална рамка за Конвенцијата за климатски промени (COP-14), (10-11 декември 2008 година во Познан, Полска).

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 10 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 5 |
| Прашања, предлози | | - |

# Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратификуваните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ВЕСНА БЕНДЕВСКА ,** претседател | |
| | **СЛАВИЦА ГРКОВСКА ЛОШКОВА ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Лилјана Затуроска | |
| 2. | Фијат Цаноски | |
| 3. | Лидија Митева | |
| 4. | Стојче Крстевски | |
| 5. | Јован Гинев | |
| 6. | Фазли Велиу | |
| 7. | Стојан Андов | |
| 8. | Садије Илјази | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Марјанчо Колевски | |
| 2. | Наташа Јаневска | |
| 3. | Саве Савевски | |
| 4. | Весела Честоева | |
| 5. | Амди Бајрам | |
| 6. | Сафет Незири | |
| 7. | Емилијан Станковиќ | |
| 8. | Мерал Узеири Ферати | |

Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот е основана согласно со членот 76 од Уставот на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008). Со Одлуката е определен претседателот, осум члена на Комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа четири седници. На седниците беа разгледани вкупно девет точки на дневниот ред.

Поради специфичноста на своите надлежности, Комисијата се одлучи за транспарентно работење, со редовно присуство на граѓанскиот сектор на седниците на Комисијата, претставници на

меѓународните институции, Народниот правобранител, покрај претставниците на извршната власт во зависност од точките на дневниот ред. Овој начин на работа придонесе поефикасно остварување на правата на граѓаните, нивна заштита и подобрување, бидејќи со таквата координација меѓу субјектите, се зацврстува соработката на тие што одлучуваат, мониторираат и јавно информираат.

Особено значајно за работата на Комисијата е воведувањето на праксата разгледување на месечните извештаи на Хелсиншкиот комитет за состојбата на човековите права во Република Македонија, како и извештаите на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко однесување или казнување за Република Македонија, како и Извештајот на комесарот за човекови права направен по неговата посета на Република Македонија.

Посебно значење Комисијата им даде на заклучоците кои произлегоа од разгледувањето на делот 2.2 Човекови права и заштита на малцинствата од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

Иницијативата на Комисијата до претседателот на Владата на Република Македонија за брзо ратификување на Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување вроди со плод и Предлогот на законот беше разгледуван од страна на Комисијата, како заинтересирано работно тело на 24 декември 2008 година, а потоа на седница на Собранието на Република Македонија, законот беше донесен.

## ПРЕТСТАВКИ

Во овој период се пристапи кон разгледување на пристигнатите 28 дописи и претставки на граѓаните. По утврдувањето на повредата на слободите и правата се побара писмено од институциите надлежни од својата област информација за секое барање поединечно. Исто така, претседателот на Комисијата упати и известување до подносителите дека процедурата е започната.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Делегација на Комисијата учествуваше на Семинарот "60 години од Универзалната Декларација за човекови права: достигнувања и предизвици", кој се одржа од 3 до 5 ноември 2008 година во Женева, Швајцарија. Семинарот беше во организација на Интер парламентарната унија и Канцеларијата на Високиот Комесаријат за човекови права во Обединетите нации. Со учеството на Делегацијата на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот на Собранието на Република Македонија на овој семинар, се оствари континуитет во соработката со парламентите на многу земји, а воедно се потврди и интересот за натамошна зголемена активност на комисиите за зајакнување на капацитетите на парламентите за промовирање и заштита на човековите права во целиот свет.

### *Иницијатива за седница на Собранието на Република Македонија*

Комисијата донесе заклучок и му предложи на претседателот на Собранието

на Република Македонија да закаже свечена седница на Собранието на Република Македонија по повод 60 години од донесувањето на Универзалната декларација за човекови права, со цел Собранието да даде скромен придонес кон одбележувањето што се организираше ширум светот. Седницата се одржа на 10 декември 2008 година, на истиот ден кога е и донесена Универзалната Декларација пред 60 години.

По истиот повод претседателот и членовите на Комисијатаземаа активно учество во работните и свечените одбележувања што ги организира Меѓународната заедница и Народниот правобранител во Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 7 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 3 |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и законите од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;

-законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;

-методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;

-материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и

-други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **БЕСИМ ДОГАНИ**<br>претседател | |
| | **ДАУТ РЕЏЕПИ,**<br>заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Горан Ѓуровски | |
| 2. | Крсто Мукоски | |
| 3. | Марија Андоновска | |
| 4. | Томе Чинговски | |
| 5. | Цветко Грозданов | |
| 6. | Марјанчо Колевски | |
| 7. | Блерим Беџети | |
| 8. | Менде Диневски | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Зоран Петрески | |
| 2. | Оливер Шамбевски | |
| 3. | Стојче Крстевски | |
| 4. | Павле Трајанов | |
| 5. | Кенан Хасипи | |
| 6. | Хисен Џемаили | |
| 7. | Горан Сугаревски | |
| 8. | Горан Минчев | |

Во извештајниот период Комисијата за надзор над работата на Управата за базбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање не одржа седници

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | - |
| Вкупно разгледани точки | | - |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за финансирање и буџет

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;

-даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;

-царинскиот систем;

-монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;

-платниот промет и ревизијата;

-заемите и кредитите;

-јавните набавки;

-системот на осигурување;

-сопственоста и други имотно-правни односи;

-стоковните резерви;

-игрите на среќа и

-други прашања што се однесуваат на финансирањето.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** претседател | |
| | **ТОМЕ ЧИНГОВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Крсто Муковски | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Саве Савевски | |
| 5. | Стојче Крстевски | |
| 6. | Владанка Авировиќ | |
| 7. | Дарко Димитриевски | |
| 8. | Талат Џафери | |
| 9. | Јулијета Марку | |
| 10. | Миле Андонов | |
| 11. | Марјанчо Николов | |
| 12. | Имер Алиу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Наде Станчевска | |
| 2. | Ивица Георгиевски | |
| 3. | Илија Китановски | |
| 4. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 5. | Оливера Трајановска | |
| 6. | Оливер Деркоски | |
| 7. | Владо Стефановски | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Фазли Велиу | |
| 10. | Игор Ивановски | |
| 11. | Горан Мисовски | |
| 12. | Даут Реџепи | |

Комисијата за финансирање и буџет е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, која е основана со Одлуката за основање на постојаните работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008).

Со оваа Одлука се предвидени надлежностите на комисиите. Согласно со цитираната Одлука, Комисијата за финансирање и буџет разгледува прашања што се однесуваат за:

Комисијата за финансирање и буџет во периодот од 26 јуни до 31 декември 2008 година има одржано десет седници со вкупно 29 точки на дневен ред, од кои: девет се предлози за донесување на закони, два предлога на закон во прво читање, еден предлог на закон во второ читање, осум предлози на закон во скратена постапка, предлог на буџет за 2009 година, завршни сметки на буџет на РМ за 2006 и 2007 година, една програма, два извештаи, една информација, еден предлог на одлука за буџетската прераспределба за 2007 година и една тематска седница со една точка. Комисијата поднесе четири амандмани.

Во изминатиот период Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на законите од областа на задолжувањето кај меѓународните финансиски институции. Тука посебно треба да се нагласи :

Законот за задолжување согласно со Договорот за регулирање на долгот на Македонски железници, Транспорт АД Скопје, како правен следбеник на ЈП Македонски железници- Скопје, кон Унгарски железници МАВ СА за периодот 1991-1995 година, како и Законот за

гаранција на Република Македонија на обврските од договорот ( Регулирање на долгот на МЖ Транспорт АД Скопје кон Унгарски железници МАВ СА за период од 1991-1995 година;

Предлогот на законот за задолжување на РМ со заем кај ЕБОР по договорот за заем по проектот за одобрување на постојната регионалана и општинска патна мрежа. Со овој закон се обезбедуваат финансиски средства за реализација на проектот за подобрување на регионалната и патната мрежа во Република Македонија.

Корисник на средствата од овој заем ќе биде Агенцијата за државни патишта. Средствата за сервирање на заемот ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија. По овој предлог на закон се водеше многу исцрпна дебата. Притоа, посебно се нагласи дека средствата коишто ќе се обезбедат со заемот од оваа банка а кој изнесува 50 милиони евра можат да се обезбедат во Буџетот на РМ без да се задолжува во странство, имајќи го предвид вкупниот обем на средства во Буџетот за 2009 година од 2,7 милијарди евра.

Комисијата на своите седници разгледуваше и предлози на закони од областа на даноците. Имено, Комисијата му посвети прилично внимание на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Основната цел на измените усогласување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Со овој закон се предлагаат и радикални промени во начинот на оданочување на земјоделците. Посебно треба да се потенцира дека се предлагаат решенија според кои земјоделците кои остваруваат годишен приход до 300.000 денари целосно се ослободуваат од плаќање на персонален данок, а на земјоделците со годишен приход до 1.300.000 денари им се признаваат нормирани трошоци во висина од 80% од остварените приходи, односно данок ќе плаќаат на само 20% од остварениот приход. Исто така, Комисијата посебно внимание му посвети на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за данок на добивка. Со овој закон се предлага ослободување од оданочување на нераспределената добивка и намалување на стапката од 1,5% на 1% кај обврзниците - микропретпријатијата кои остваруваат вкупен приход до 3.000.000 денари. Во изминатиот период Комисијата расправаше и по Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Со овие измени се предлагаат решенија кои се поволни за граѓаните и кои се во насока на забрзување на процесот на приватизација на градежно земјиште, можност странските физички и правни лица да имаат право на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост кое го користат. Имајќи ја предвид надлежноста на Комисијата, посебно внимание се посвети на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година. Притоа беа искажани многубројни мислења, ставови и забелешки и предлози во однос на вкупниот обем на Буџетот, висината на приходите, распределбата на средствата, односно структурата на расходите.

Согласно со новиот Деловник на Собранието на Република Македонија, Комисијата ги разгледа и сите поднесени амандмани од пратениците по коишто се водеше многу исцрпна расправа, особено по амандамните кои се однесуваат за развој на

енергетиката, од социјалната сфера, изградба на инфраструктура, водовод и канализација, од областа на образованието и други. Предлогот на законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Комисијата го разгледа со особено внимание земајќи предвид дека со него се врши реформа за интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок на доход. При разгледувањето на овој закон, Комисијата заклучи по донесувањето на Правилникот за примена на овој закон, да одржи посебна седница на која ќе се согледа вкупната подготвеност на институциите надлежни за имплементација на овој закон. Постапувајќи по заклучокот, Комисијата одржа посебна седница на која беа поканети министерот за финансии, директорот на Фондот за ПИОМ, директорот на УЈП, директорот на ЗО и директорот на Агенцијата за вработување. Сите поканети претставници се изјаснија дека најголемиот дел од подготвките пред стартот на реформата која почнува од 1 јануари 2009 година се завршени. Се искажа уверување дека истата ќе се спроведе како што е предвидено. Оваа реформа е оценета како поволна, од аспект на заштита на работниците во поглед на плаќање на придонесите од работен однос, односно исплата на плата. Имајќи ги предвид состојбите со светската економска криза, Комисијата заклучи да побара од Министерството за финасии, информација за ефектите на глобалната финансиска криза врз македонскиот финансиски систем и реалната економија и за мерките што надлежните институции ги презеле и ќе ги преземат за надминување на еветуалните неповолни состојби. Бараната информација беше доставена до Комисијата и истата расправаше по неа. На седницата присуствуваа министерот за финансии, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, претседателот на Комисијата за хартии од вредност, директорот на Македонската берза, генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија и член на Управниот одбор на Сојузот на стопанските комори на Македонија. Сите претставници ги изнесоа сотојбите за областите за кои се надлежни. Согласно со надлежностите, Комисијата го разгледа Извештајот на Комисијата за хартии од вредност за 2007 година и Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2007 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 12 |
| Вкупно разгледани точки | | 29 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 19 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 4 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 3 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 3 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за економски прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење,
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
- мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО,** претседател | |
| | **ГОРАН ПЕТРОВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Нада Станчевска | |
| 3. | Ратко Димитровски | |
| 4. | Ристо Стојанов | |
| 5. | Лидија Митева | |
| 6. | Аднан Јашари | |
| 7. | Јулијета Марку | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Ристо Пенов | |
| 10. | Бесим Догани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цаноски | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Ивица Георгиевски | |
| 4. | Владанка Авировиќ | |
| 5. | Борислав Стојменов | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Сафет Незири | |
| 8. | Томе Чинговски | |
| 9. | Горан Мисовски | |
| 10. | Садије Илјази | |

Комисијата за економски прашања е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година). Со Одлуката е определен претседателот, десет членови на комисијата, нивни заменици, како и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа девет седници и една работна средба. На седниците беа разгледани вкупно 17 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа: еден предлог на закон, четири предлози за донесување на закони, два предлога на закони во скратена постапка и еден предлог на закон во прво читање.

Комисијата го разгледа Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година, расправаше по три извештаи и по една информација.

На посебни седници Комисијата ги разгледа финансиските планови на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 и 2009 година, како и Предлогот на одлуките за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 и 2009 година.

Комисијата за економски прашања одржа една заедничка средба со Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања, од меѓународен карактер.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања не поднесе амандмани.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на определените надлежности.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи и записници од секоја седница.

Одржаните седници на Комисијата за економски прашања беа отворени за претставниците на средствата за јавно информирање.

Комисијата го разгледа *Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2007 година* и му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и истиот да го усвои.

Комисијата го разгледа *Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2007 година* и му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и истиот да го усвои.

Комисијата за економски прашања врз основа на расправата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја разгледа и да ја донесе одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2008 година, како и одлуката за 2009 година. Исто така Комисијата едногласно заклучи и му предложи на Собранието да го разгледа и да ги усвои финансиските планови за 2008 и за 2009 година на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Со Предлог-одлуката се предвидува надоместот за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за 2009 година да изнесува 0,053% од остварениот вкупен приход на друштвата кои вршат енергетска дејност во 2008 година. Оваа стапка на зафаќање е за 3,92% повисока во однос на одобрената за 2008 година и е пониска од утврдениот законски максимум од 0,1%.

Комисијата водеше значајна расправа по *Предлогот за донесување на закон за возила, со Предлог на закон.* Со овој закон се уредуваат условите за пуштање на пазар и почетокот на користење на возилата, регистрацијата, техничката исправност, условите за извршување на работи на техничките служби, правните лица за технички преглед и правните лица за регистрација, како и регистарот на податоци за возилата. Надлежност во примената на законот за возила ќе имаат Министерството за економија, Министерстото за внатрешни работи, Министерството за земјоделство и Министерството за животна средина и просторно планирање. Донесувањето на предложениот закон е предвиден во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и во истиот се транспонирани три директиви на ЕУ (2007/46/ЕС, 96/96/ЕЕС, и 1999/37/ЕС) од соодветната област.

На седницата одржана на 21 ноември 2008 година, Комисијата ја разгледа *Информацијата за ефектите на глобалната финансиска криза врз македонскиот финансиски систем и врз реалната економија и за мерките што надлежните институции ги презеле и ќе се преземат за*

*надминување на евентуалните неповолни состојби*. Информацијата беше изготвена од Министерството за финансии. Врз основа на обемната расправа и дискусии Комисијата усвои заклучоци кои беа доставени до Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Министерството за економија и Народната банка на Република Македонија.

Особено значајна е расправата на Комисијата по *Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2009 година*. Фискалната политика во 2009 година ќе биде насочена кон намалување на непродукивните расходи за сметка на интензивирање на продуктивни инвестирања во капитални проекти од стратешко значење како единствен начин за справување со можните последици од глобалната економска криза и рецесија. Со вака дефинираната фискална политика ќе се дејствува координирано преку монетарната политика во обезбедување на стабилност на фиксниот курс на денарот како и преку интензивирање на јавните инвестиции особено во патната и железничката инфраструктура, како и издавање на државни гаранции во изградбата на приоритетни проекти во областа на енергетскиот сектор заради интензивирање на економскиот развој и апсорпција на работната сила.

Комисијата посебно го разгледа разделот на буџетот на Министерството за економија и на Агенцијата за странски инвестиции.

На 2 декември 2008 година, Комисијата го разгледа *Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 во делот на точката 3.Економски критериуми.*

Посебно внимание и расправа се посвети на седумте поглавја кои се однесуваат на реалниот сектор и истите се координирани од страна на Министерството за економија: *Слободно движење на стоки, Право на основање и слобода на обезбедување на услуги, Законот за трговските друштва, Енергија, Политика за претпријатија и индустрија, Заштита на потрошувачи и здравствена заштита и поглавјето Надворешни односи.*

Комисијата за економски прашања оцени дека Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година, во одделот 3. "Економски критериуми" реално ги отсликува состојбите во Република Македонија. Имајќи го предвид постигнатиот напредок во економијата, Комисијата за економски прашања смета дека Република Македонија треба да добие датум за започнување на преговорите со Европската унија. Комисијата укажа на потребата од континуирана поддршка на процесот и засилено ангажирање на сите надлежни субјекти во правец на натамошен развој на економските реформи.

На 10 декември Комисијата за економски прашања расправаше по амандманите поднесени од пратеници на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка, како и на Предлогот на законот за претворање на побарувањата на Република Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во друштвата АД Органско хемиска индустрија Наум Наумовски-Борче Скопје, АД за истражување, проектирање, производство и изградба на енергетски индустриски објекти

со полна одговорност ЕМО-Охрид, Тутунскиот комбинат АД Прилеп и Друштвото за производство на производи со посебна намена 11 Октомври-Еурокомпозити АД Прилеп, по скратена постапка.

Комисијата за економски прашања на Собранието на Република Македонија, на Деветтата седницата, одржана на 30 декември 2008 година, како матично работно тело, во прво читање го разгледа *Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност*. Врз основа на членот 142 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Комисијата едногласно заклучи дека Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност е прифатлив и треба да се даде на натамошно читање.

***Меѓународна активност***

Комисијата за економски прашања заедно со Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања на 1 октомври 2008 година, одржаа заедничка средба со г. Ралф Брауксипе, претседател на работната група за труд и социјална политика на фракција на Христијанско демократската унија /Христијанско социјалната унија на германскиот Бундестаг.

Заменик - претседателот на Комисијата пратеникот Горан Петров учествуваше на Работилницата за парламентарци на тема "Парламентите - поддршка до хармонизирани реформи во енергетиката во ЈИЕ", што се одржа на 15 декември 2008 година во Сараево, Босна и Херцеговина.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 9 |
| Вкупно разгледани точки | | 17 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 8 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | - |





# Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството:
-ловот и риболовот;
-животинскиот и растителниот свет;
-ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
-употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
-хидромелиоративните системи и хидро-метеоролошките работи и
-други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **НИКОЛА ЌУРЧИЕВ,** - претседател | |
| | **ГОРАН СУГАРЕВСКИ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Ванчо Коцев | |
| 2. | Панче Дамески | |
| 3. | Живко Пејковски | |
| 4. | Марјанчо Колевски | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Ристо Стојанов | |
| 7. | Сафет Незири | |
| 8. | Феми Јонузи | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Даут Реџепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Борислав Стојменов | |
| 2. | Саве Савевски | |
| 3. | Јован Гинев | |
| 4. | Ратко Димитровски | |
| 5. | Томе Даневски | |
| 6. | Васко Шутаров | |
| 7. | Талат Џафери | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година). Со оваа Одлука се определени надлежностите на комисиите.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 26 јуни 2008 до 31 декември 2008 година има одржано пет седници на кои се разгледани шест точки на дневен ред, од кои : еден предлог за донесување закон; еден предлог на закон во скратена постапка; еден предлог на закон во прво читање; еден предлог на закон во второ читање; Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година и Извештајот на Европскиот комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година. Комисијата поднесе еден амандман.

Комисијата посебно внимание посвети при разгледувањето на Предлогот за донесување на законот за селекционерски права. Со овој закон се врши усогласување на нашето со законодавството на ЕУ од областа на селекционерите и гаранција за квалитетот на сортите на растенијата кои се произведуваат во Република Македонија.

При разгледувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за берзи на земјоделско-прехранбените производи беше





констатирано дека целта на овој закон е да се создадат услови за поголема конкурентност и квалитет на земјоделските производи. Од друга страна пак, со работењето на берзите ќе се обезбедуваат информации за пазарот, со што би требало да се избегнуваат хиперпродукциите во производството на земјоделски производи во одредени периоди од годината од што најголема штета трпат земјоделците.

Комисијата го разгледа и Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година посебно во делот на земјоделството, шумарството и водостопанството. Позитивно беше оценет во делот на субвенциите кои се предвидуваат за развој на земјоделството, со надеж дека во 2009 година навремено ќе се исплаќаат.

При разгледувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, беше оценето дека предложените решенија ќе овозможат поефикасно работење на Агенцијата, бидејќи истите се изготвени врз основа на искуството од нејзиното работење. Со измените се очекува да се зголеми контролата на распределбата на претпристапната помош од ЕУ.

Разгледувајќи го Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година во делот на земјоделството и земјоделските политики, Комисијата оцени дека во него реално се прикажани состојбите во наведената област.

Истовремено се изразува надеж дека и подзаконските акти од донесените закони ќе бидат донесени во предвидениот рок.

***Меѓународна активност***

Во организација на Комисијата за земјоделство и рурален развој на Европскиот парламент и комисиите за економски прашања на Сенатот на националното собрание на Република Франција, на 3 и 4 ноември 2008 година се одржа Конференцијата во Брисел, Белгија.

На Конференцијата учествуваа пратеници од Европскиот парламент и пратеници од националните парламенти на земјите кандидати за членство во Европската унија. Од Република Македонија учествуваа претседателот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија Никола Ќуркчиев и членот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство Панче Дамески.

Конференцијата беше фокусирана на следниве теми:

-контрола на Заедничката земјоделска политика и нејзината иднина по 2013 година и улогата на Европското земјоделство во безбедноста на храната на глобално ниво.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | 4 |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за транспорт, врски и екологија

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско - телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;

- жичарите и ски-лифтовите;

-системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;

-изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;

-просторното и урбанистичкото планирање;

- уредувањето на градежното земјиште;

- станбеното и комуналното стопанисување;

-заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;

-обезбедување услови за здрава животна средина:

-спречување на штетната бучава;

-заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и

- други прашања што се однесуваат на транспортот, врските, урбанизмот и екологијата.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ТИТО ПЕТКОВСКИ,** - претседател | |
| | **АНДРЕЈ ПЕТРОВ,** - заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Томе Даневски | |
| 2. | Горан Петров | |
| 3. | Борислав Стојменов | |
| 4. | Јован Лазарев | |
| 5. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 6. | Катерина Димеска | |
| 7. | Тахир Хани | |
| 8. | Хисен Џемаили | |
| 9. | Томе Чинговски | |
| 10. | Сулејман Рушити | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Цветко Грозданов | |
| 2. | Амди Бајрам | |
| 3. | Горан Ѓуровски | |
| 4. | Соња Гелова Стојанова | |
| 5. | Никола Котевски | |
| 6. | Цена Матевска | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Фазли Велиу | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Садије Илјази | |

Во изминатиот период Комисијата ги разгледа следниве предлози на закони:

- Предлог за донесување закон за јавна чистота, со Предлог на закон;

- Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад, со Предлог на закон;

- Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за градежното земјиште, со Предлог на закон;

- Предлог на закон за изменување на Законот за животната средина по скратена постапка и

- Предлог на закон за изменување на Законот за комуналните дејности (прво и второ читање).

Комисијата на својата Прва седница одржана на 19 август 2008 г. освен законите го разгледа и Предлогот на одлуката за одобрување на Годишниот финасиски план

на Агенцијата за електронски комуникации за 2008 година, како и Извештајот за работата на Советот за радиодифузија на РМ за периодот од 1.1 до 31.12 2007 година. На Третата седница, одржана на 27 ноември 2008 година го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година во делот од Извештајот кој се однесува на надлежностите на Комисијата и беа усвоени соодветни заклучоци, при што беше заклучено дека Извештајот е реален и објективен приказ за состојбите во областа на транспортот, врските и заштитата на човековата средина во Република Македонија.

Комисијата за транспорт, врски и екологија во извештајниот период има остварено средба со директорот на Организацијата "Пријатели на Земјата" г. Тони Јуниепер во врска со работењето на Зелената лоби група, а на 29 ноември 2008 г. имаше средба со Делегација на Комисијата за животна средина, јавно здравство и заштита на исхраната на Европскиот парламент.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 6 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за образование, наука и спорт

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;

-правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;

-системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;

-создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;

-информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;

- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;

-образованнето на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;

-поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;

-едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;

-развој и унапредување на физичката култура;

-развојот на врвниот спорт и

-други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **САФЕТ НЕЗИРИ,** претседател | |
| | **ВУЛНЕТ АМЕТИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Фијат Цаноски | |
| 2. | Александар Спасеновски | |
| 3. | Јован Лазарев | |
| 4. | Цветко Грозданов | |
| 5. | Ивица Георгиевски | |
| 6. | Виолета Ташева | |
| 7. | Наташа Јаневска | |
| 8. | Аднан Јашари | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Андреј Петров | |
| 11. | Маринела Тушева | |
| 12. | Садије Илјази | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Дарка Петрушевска | |
| 2. | Владимир Ѓорчев | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Томе Даневски | |
| 5. | Горан Ѓуровски | |
| 6. | Миле Пачемски | |
| 7. | Лидија Митева | |
| 8. | Фазли Велиу | |
| 9. | Владо Бучковски | |
| 10. | Игор Ивановски | |
| 11. | Станка Анастасовска | |
| 12. | Флора Кадриу | |

*Комисијата за образование, наука и спорт на Собранието на Република Македонија, во периодот 21 јуни - 31 декември 2008 година* ***одржа осум седници*** *посветени на законски проекти од областа на образованието, науката и спортот. Беа разгледани шест закони, Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година и статути на два државни универзитети. Комисијата расправаше и за Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година.*

Во втората половина од 2008 година, комисиската дебата беше насочена на измените и дополнувањата на Законот за стручно образование и обука, со кои Центарот за стручно образование и обука

добива својство на правно лице. Комисијата расправаше и по измените и дополнувањата на Законот за ученичкиот стандард и Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, со кои се врши операционализација на прекршочните санкции. Членовите на Комисијата расправаа и за измените и дополнувањата на Законот за Македонската академија на науките и уметности, во две читања. Во рамките на расправата по овој закон, Комисијата се произнесе и по амандманите на Законодавно-правната комисија.

Согласно со Законот за високото образование, Комисијата ги разгледа статутите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и на Универзитетот "Св. Климент Охридски" во Битола, во двете фази и на Собранието му достави предлози на одлуки за давање согласност на статутите на овие два универзитети.

Комисијата го разгледа и Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година.

Посебно внимание беше посветено на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година, при што беше усвоен Заклучок, што беше доставен до претседателот на Собранието на Република Македонија и до Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 8 |
| Вкупно разгледани точки | | 16 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 7 |
| Поднесени амандмани | | 3 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 4 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за култура

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-организацијата, развојот и унапредувањето на културата;

-заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;

-збогатување на историското и уметничкото творештво;

-афирмирање и заштита на врвни културни вредности;

-афирмација и заштита на авторството и авторското право;

-дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;

-издавачка дејност и библиотекарство;

-споменично одбележување и заштита на споменицитe на културата;

-употреба и заштита на македонскиот јазик;

-информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;

-определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;

-начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;

-активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и

-други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

Комисијата за култура е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година). Со оваа одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ОЛИВЕР ШАМБЕВСКИ,** претседател | |
| | **ВАСКО ШУТАРОВ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Ивица Георгиевски | |
| 3. | Весела Честоева | |
| 4. | Наташа Јаневска | |
| 5. | Цена Матевска | |
| 6. | Феми Јонузи | |
| 7. | Џемаиљ Јашари | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузова-Каревска | |
| 10. | Флора Кадриу | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Косана Николиќ Мазнева | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Анета Стефановска | |
| 5. | Цветан Трипуновски | |
| 6. | Хајрула Мисини | |
| 7. | Теута Арифи | |
| 8. | Весна Бендевска | |
| 9. | Славица Грковска Лошкова | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |

Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија за периодот од 26 јуни 2008 до 31 декември 2008 година има одржано пет седници на кои се разгледани 6 точки на дневниот ред, од кои: Договорот за отпочнување на постапката за подготвување на Предлогот на програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2009 година и формирање на работна група за спроведување на програмата; Предлогот на деловникот за работата на Комисијата за култура; Предлогот за донесување закон за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, со Предлог на закон; Утврдување на Предлогот на програмата за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во

Република Македонија за 2009 година; Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

Во однос на донесувањето на Законот за прогласување на Старата скопска чаршија за културно наследство од особено значење, Комисијата се согласи и потврди дека со законот се уредуваат клучните прашања во поглед на практичните аспекти на заштитата на Старата скопска чаршија и нејзина идентификација во поглед на односните добра, особено во поглед на нивните називи, категории и контактни зони, како и соодветниот режим за нивната заштита и управување и оцени дека има потреба да се донесе истиот. Согласно со законот заради координирано реализирање на заеднички иницијативи, акции или проекти за заштита, уредување, користење и ревитализација на Старата скопска чаршија, Владата на Република Македонија основа Национален совет за ревитализација на Старата скопска чаршија, како координативно и советодавно тело на Владата на Република Македонија кој е составен од претседател и десет членови.

Исто така се потенцираше дека заради оспособување на Старата скопска чаршија да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните, Владата на Република Македонија на предлог на Националниот совет, ќе донесе програма за ревитализација на Старата скопска чаршија за период од пет години.

Во однос на донесувањето на Програмата за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија за 2009 година, работното тело формирано од страна на Комисијата, по двојното обраќање до институциите од областа на културата низ целата земја, како и единиците на локалната самоуправа, изготви Предлог-програма и врз основа на член 5 од Одлуката за одбележување јубилејни настани и истакнати личности во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 24/98 и 4/2003). Во рамките на својот делокруг Комисијата го утврди Предлогот на програмата и ја поднесе до Собранието на Република Македонија кое истата ја донесе.

Комисијата го разгледа и Буџетот на Република Македонија за 2009 година во делот на културата. Беше укажано на предвидените активности на Министерството за култура во однос на капиталните проекти, дејностите од културата како и Програмата и другите активности за 2009 година. Беше потенцирано зголемувањето на Предлог-буџетот во областа за културата во однос на минатата година за 54% при што се овозможува зголемување на активностите и реализирање на истите од страна на Министерството и дека практично во сите ставки од Предлогот - буџетот во областа на културата значаен дел од средствата отпаѓаат токму за проекти кои се во насока на поддршка на младите таленти.

Разгледувајќи го Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година во делот на културата и образованието, Комисијата оцени дека е прикажан значајниот напредок на Република

Македонија во областа на културата во 2008 година којшто е забележан во Извештајот во Поглавјето 26, и тоа дека Република Македонија е вклучена во Програмата Култура 2007-2013 и Програмата Медиа 2007-2013 при што Министерството за култура го потпиша Меморандумот за разбирање на 29 февруари 2008 година за учество во истата и дека со тоа Република Македонија е полноправен член на Програмата. Конкретните активности на Министерството се тоа што на почетокот на 2008 во рамките на Министерството е формирано посебно одделение, Културно контактна точка, кое работи во насоките на Програмата 2007 - 2013 на ЕУ, како и на соработката со Културно контактните точки на земјите од регионот и Европа.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 6 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 1 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 2 |
| Прашања, предлози | | 1 |

# Комисија за здравство

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-здравствената заштита на населението;

-здравственото осигурување;

-заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;

-заштита од болестите на зависност и од СИДА;

-хигиенско-епидемиолошката состојба;

-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала, медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;

-санитарниот и здравствениот надзор и

-други прашања што се однесуваат на здравството.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **МЕРАЛ УЗЕИРИ ФЕРАТИ,** претседател | |
| | **ФЛОРА КАДРИУ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Миле Пачемски | |
| 3. | Јован Гинев | |
| 4. | Веле Георгиевски | |
| 5. | Марија Андоновска | |
| 6. | Владо Стефановски | |
| 7. | Зумрете Јакупи | |
| 8. | Феми Јонузи | |
| 9. | Менде Диневски | |
| 10. | Ѓорги Оровчанец | |
| | **ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Љубисав Иванов Ѕинго | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Живко Пејковски | |
| 4. | Панче Дамески | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Надица Танчева Тулиева | |
| 7. | Вулнет Амети | |
| 8. | Џемаил Јашари | |
| 9. | Андреј Петров | |
| 10. | Станка Анастасова | |

Комисијата за здравство  е постојано работно тело на Собранието врз основа на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија и работи согласно со Деловникот на Собранието.

Согласно со членот 120 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за здравство.

Во изминатиот период, Комисијата одржа пет седници. Беа разгледани следниве предлози на закони:

-Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за условите за земање, разменување, пренесување и пресадување делови од човековото тело заради лекување, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;

-Предлог за донесување на закон за сестринска дејност;

-Предлог за донесување  закон за акушерска дејност;

-Предлог на закон за мирување и отпишување на обврски по основ на

придонеси за задолжително здравствено осигурување - скратена постапка и

-Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на правата на пациентите (прво читање).

Исто така, Комисијата на посебна седница го разгледа и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година, во делот на здравството и здравствената заштита. Притоа, беа усвоени заклучоци со оцена дека податоците во Извештајот реално ги отсликуваат состојбите во делот на здравството и здравствената заштита.

На меѓународен план, Комисијата за здравство оствари средба со Пратеничката група на Сејмот на Република Полска која беше во официјална посета во Собранието на Република Македонија во периодот од 13-ти до 15-ти декември 2008 година.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 5 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 8 |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за труд и социјална политика

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

Комисијата за труд и социјална политика е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на РМ" број 77/2008, 144/2008 и 147/2008 година). Со оваа одлука се определени надлежностите на комисиите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА КИТАНОВСКИ,** претседател | |
| | **ВАНЧО КОЦЕВ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Светлана Јакимовска | |
| 2. | Никола Котевски | |
| 3. | Амди Бајрам | |
| 4. | Виолета Ташева | |
| 5. | Дарка Петрушевска | |
| 6. | Ратко Димитровски | |
| 7. | Хајрула Мисини | |
| 8. | Вулнет Амети | |
| 9. | Весна Бендевска | |
| 10. | Радмила Шеќеринска | |
| 11. | Станка Анастасова | |
| 12. | Бесим Догани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливера Трајановска | |
| 2. | Владо Стефановски | |
| 3. | Ристо Стојанов | |
| 4. | Лилјана Поповска | |
| 5. | Лидија Митева | |
| 6. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 7. | Рафиз Алити | |
| 8. | Тахир Хани | |
| 9. | Миле Андонов | |
| 10. | Јован Манасијевски | |
| 11. | Менде Диневски | |
| 12. | Имер Алиу | |

Комисијата за труд и социјална политика на Собранието на Република Македонија за периодот од 26 јуни 2008 до 31 декември 2008 година има одржано 11 седници на кои се разгледани 20 точки на дневниот ред од кои : три предлози за донесување закон; десет предлози на закон во скратена постапка; четири предлози на закон во редовна постапка; Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година и Извештајот на Европскиот комитет за напредокот на Република Македонија за 2008 година и една јавна расправа по однос на проблемите кои се соочуваат лицата со визуелен хендикеп.

Во рамките на своите надлежности, Комисијата ги има разгледано следниве закони:

- Предлогот за донесување закон за изменување на Законот за заштита на децата;
- Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на мажите и жените;
- Предлогот за донесување закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства;
- Предлогот за донесување закон за придонеси од задолжително социјално осигурување;
- Предлогот на закон за социјалната заштита од енергетска сиромаштија;
- Предлогот на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за работни односи;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија;
- Предлогот на закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката;
- Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци;
- Предлогот на закон за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната, скратена постапка и
- Предлогот на закон за изменување на Законот за цивилните инвалиди од војната, редовна постапка.

Меѓу позначајните закони од областа на трудот и социјалната политика кои беа разгледани, секако беше Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување со кој се обезбедува унифицирање на поимите, уредување на обврските за плаќање на придонеси од задолжително социјално осигурување, дефинирање на стапките и основиците на придонесите на едно место, што значи поедноставување и обезбедување на транспарентност на системот во кој различните субјекти ќе ги добијат сите неопходни информации со увид во само еден закон, исто така се уредува еден сегмент од воведувањето на концептот на исплата на бруто плата на работниците, односно во истиот осигуреникот се дефинира како обврзник за плаќање на придонесите.

Исто така, беше донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на странци со што се прави

либерализација на пазарот на трудот што е еден од најголемите чекори, а воедно и услов кон трасирање на патот на Република Македонија кон ЕУ интеграција.

Со закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кој се дефинира формирање на една регистрирана организација, која ќе ги претставува сите сојузи на здруженијата на пензионерите која со акт ќе ги утврдува неискористените средства за посмртната помош .

Во неколку наврати беше дискутирана потребата од донесување на законот за спречување на дискриминација, можните импликации од неговата имплементација, како и дискусии во однос на начинот на подготвување на истиот.

Комисијата поднесе еден амандман.

Комисијата го разгледа и Буџетот на Република Македонија за 2009 година во делот на трудот и социјалната политика. Беше искажано позитивно мислење по проширениот обем на проектот народни кујни и дневни центри, како и проектот за градинки во рурални области и беше укажано на потребата за доекипирање на градинките со стручен и професионален кадар.

Разгледувајќи го Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година во делот на трудот и социјалната политика, Комисијата оцени дека во него реално се прикажани состојбите во наведената област како и дека е постигнат одреден напредок до пристапот на работна сила. Исто така, што се однесува до делот на вработеноста, посочија дека истата е зголемена и намалувањето на невработеноста е поголемо споредбено со истиот квартал од минатата година. Исто така, беше укажано дека е направен напредок во областа на трудовото право, безбедноста при работењето, политиката на вработувањето и родовата еднаквост, а посебно во делот на антидискриминацијата. Исто така, беше укажано дека во постапка е реализацијата и усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија во областа на трудот и социјалната политика.

Согласно со членот 120 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководи и претседава претседателот на Комисијата за труд и социјална политика, Илија Китаноски. Седниците се одржуваат редовно во закажан термин и со присуство на кворум. На седниците на Комисијата беа поканети и придонес во работата дадоа претставниците од синдикатите, здруженијата на пензионерите, борците, трудовите инвалиди, инвалидните организации и др.

***Меѓународна активност***

Комисијата одржа заедничка средба со комисиите за Европски прашања и економија г. Ралф Брауксипе, претседател на Работната група за труд и социјална политика во германискиот Бундестаг, при што се разгледаа повеќе аспекти во насока на можностите за поддршка на Република Македонија од страна на Германија во правец на забрзување на евроинтеграционите процеси.

Исто така, беше направена компарација на функционирањето на двете

комисии, како и законските приоритети на патот кон хармонизација на македонското законодавство со правото на ЕУ.

Во рамките на меѓународните активности Комисијата за труд и социјална политика учествуваше со трочлена делегација составена од двајца пратеници и еден член од службата на Собранието на регионалниот семинар кој беше Одржан во Тирана со траење од 13-тти до 16-тти декември 2008 година на тема: "Улогата на парламентарците во спречување и одговор на сексуалната експлоатација на деца и адолесценти", на кој учествуваа и земјите Велика Британија, Франција, Португалија, Шведска, Чешка, Молдавија, Украина, Ерменија, Србија и други.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 11 |
| Вкупно разгледани точки | | 20 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | 17 |
| Поднесени амандмани | | 1 |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 1 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисијата за еднакви можности на жените и мажите

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-разгледување на предлози на закони и други прописи што ги донесува Собранието од областа на трудот и социјалната политика, образованието и здравството, како и други предлози на закони и други прописи од аспект на вклученоста на родовиот концепт во нив;

-разгледување на Предлогот на Националниот план за акција за еднакви можности на жените и мажите;

-следење на усвојувањето и примената на основните и посебните мерки во сите области од јавниот и приватниот сектор преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;

-следење на системот на мерки за отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите преку доставени извештаи од Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика;

-иницирање на донесување и изменување на закони и други прописи од областа на еднаквите можности на жените и мажите;

-поттикнување на соработката меѓу надлежните органи за прашања кои се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите;

-редовно информирање на Собранието за сите прашања сврзани со еднаквите можности на жените и мажите;

-соработка со соодветните комисии на другите земји и

-други прашања што се однесуваат на еднаквите можности на жените и мажите.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА,** претседател | |
| | **КОСАНА НИКОЛИЌ МАЗНЕВА,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Нада Станчевска | |
| 2. | Соња Гелова Стојанова | |
| 3. | Лилјана Затуроска | |
| 4. | Дарка Петрушевска | |
| 5. | Весела Честоева | |
| 6. | Зумрете Јакупи | |
| 7. | Јулијета Марку | |
| 8. | Станка Анастасова | |
| 9. | Соња Мираковска | |
| 10. | Мерал Узеири Ферати | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Анита Кипаризовска Крстевска | |
| 2. | Наташа Јаневска | |
| 3. | Веле Ѓорѓиевски | |
| 4. | Катерина Димеска | |
| 5. | Јаготка Ивановска | |
| 6. | Вулнет Амети | |
| 7. | Феми Јонузи | |
| 8. | Маринела Тушева | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Садије Илјази | |

***Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Собранието на Република Македонија, во периодот од 21 јули до 31 декември 2008 година, работеше на седници на Комисијата, организираше јавни расправи, како и расправи на теми од родовта еднаквост.***

Комисијата за еднакви можности во овој мандатен период одржа седум седници.

Комисијата одржа **две седници** на кои беа разгледани законскиот предлог за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности меѓу жените мажите и Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година.

***Тематски седници на Комисијата***

Од аспект на родовата еднаквост Комисијата го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година. Од оваа седница е подготвен Заклучок, во кој меѓу другото се оценува дека Извештајот на Европската комисија реално ги одразува состојбите на родовата еднаквост, со исклучок на семејното насилство, кадешто не се земени предвид активностите на Министерството за труд и социјална политика, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, невладиниот сектор и експертите. Извештајот од седницата и Заклучокот се доставени до претседателот на Собранието на Република Македонија и до Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија.

Согласно со Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, Комисијата одржа седница на која расправаше за повредата на достоинството врз родова основа, во некои медиуми. Укажувањата на собраниската комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите за потребата од воспоставување односи на заемно почитување меѓу двата пола, беа упатени до уредниците на сите медиуми во земјава.

Анализирајќи ги состојбите со учеството на двата пола во одлучувачките структури во Република Македонија, Комисијата, на посебна седница усвои Заклучок со кој се укажува на потребата од зајакнување на правните механизми за спроведување на законите со родови квоти и надминување на направените пропусти.

Комисијата посебно укажа на потребата од доследна примена на ставот 3 од членот 21 на Изборниот законик во упатството на Државната изборна комисија, со кој се утврдува обврска за застапеност на најмалку 30% од секој пол во составот на изборните органи.

***Јавни расправи***

Во извештајниот период Комисијата одржа **три јавни расправи**.

Комисијата во соработка со Канцеларијата на ООН во Република Македонија и Македонското женско лоби организираше циклус од **две јавни расправи**, кои имаа за цел подобрување на механизмите за борба против семејното насилство. Јавните расправи, беа на темите "До каде сме во борбата против семејното насилство" и "Европски практики и програми за превенција од семејното насилство", а се одржаа во присуство на претставници на дипломатските претставништва во Република Македонија, експерти и невладини организации кои работат на прашањата од семејното насилство. За европските искуства во справувањето со семејното насилство своја презентација имаше омбудсманот на Шпанија.

Во рамките на овие јавни расправи, Комисијата оствари посета на Центарот за заштита на жртви од семејното насилство во Чичино село - Скопје и разговори со стручни лица од Меѓуопштинскиот центар за социјални работи во Скопје.

Комисијата организираше јавна расправа на тема: "Заштита на децата од насилство и повреди", во соработка со Канцеларијата на Светската здравствена организација.

Целта на јавната расправа беше подобрување на состојбите во справувањето со насилството и повредите на децата во Република Македонија, како еден од приоритетите во работата на Комисијата. На

јавната расорава, претставниците на Светската здравствена организација го промовираа Европскиот извештај за превенција на повреди кај децата.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | - |
| Информации, извештаи | | 6 |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за прашања на изборите и именувањата

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;

-поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

-предлагање состав на постојаните и повремените работни тела на Собранието;

-предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;

-предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;

-предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;

-предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;

-предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;

-давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;

-разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;

-донесување акти за кои е овластена од Собранието;

-донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;

-донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;

-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;

-определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;

-одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;

-давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и

-разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.





| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ИЛИЈА ДИМОВСКИ,** претседател | |
| | **БЛАГОРОДНА ДУЛИЌ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Илија Китаноски | |
| 2. | Љубисав Иванов-Ѕинго | |
| 3. | Силвана Бонева | |
| 4. | Косана Николиќ-Мазнева | |
| 5. | Анита Кипаризова-Крстеска | |
| 6. | Оливер Деркоски | |
| 7. | Горан Минчев | |
| 8. | Никола Ќурчиев | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Рафиз Алити | |
| 11. | Џеват Адеми | |
| 12. | Бесим Догани | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Петар Поп Арсов | |
| 2. | Александар Николоски | |
| 3. | Надица Танчева Тулиева | |
| 4. | Дарко Димитриевски | |
| 5. | Нада Станчевска | |
| 6. | Светлана Јакимовска | |
| 7. | Горан Мисовски | |
| 8. | Марјанчо Николов | |
| 9. | Маринела Тушева | |
| 10. | Ермира Мехмети | |
| 11. | Сафет Незири | |
| 12. | Флора Кадриу | |

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија е постојано работно тело основано согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, донесена на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 77/2008 година). Со оваа Одлука се утврдени бројот на членовите и надлежностите на Комисијата.

Во извештајниот период Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија одржа 14 седници. Сите активности на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија се реализираат во рамките на надлежностите определени согласно со Деловникот на Собранието, Одлуката за основање на постојани работни тела и одделни закони.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците, до членовите на Комисијата заедно со поканата за седница беше доставуван и материјал по точките од Предлогот на дневниот ред на седницата.

За секоја седница на Комисијата се изготвени записници.

За одделни прашања Комисијата донесе поединечни акти.

Во функција на седниците на Собранието, беа изготвени следниве предлози, предлог на одлуки и предлог на одлуки за изменување и дополнување:

-Одлука за избор на претседател на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за дополнување на Одлуката за основање на делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за основање на Буџетски Совет на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за изменување на Одлуката за основање на Совет на Собранискиот канал;

-Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на бројот на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за избор на потпретседатели на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за избор на судија во Уставниот суд на Република Македонија;

-Одлука за избор на членови на Советот за јавни обвинители на Република Македонија;
-Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
-Одлука за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западноевропската унија со статус на придружен асоцијативен член;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Медитеранот;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
-Одлука за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа;
-Одлука за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;
-Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Климент Охридски";
-Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "11 Октомври";
-Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Мајка Тереза";
-Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Мито Хаџи Василев Јасмин";
-Одлука за објавување јавен конкурс за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки;
-Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
-Одлука за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија;
-Одлука за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
-Одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;
-Одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и

нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;

-Одлука за дополнување на Одлуката за составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интер-парламентарната унија;

-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централно-европската иницијатива;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Северноатлантската договорна организација;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западно-европската унија со статус на придружен асоцијативен партнер;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

-Одлука за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции;

-Одлука за избор на претседател и членови на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал;

-Одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;

-Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;

-Одлука за именување на членови на Комисијата за електронски комуникации;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови на Советот на Собранискиот канал;

-Одлука за разрешување од функцијата заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци;

-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија;

-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

-Одлука за именување на заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија;

-Одлука за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавните набавки;

-Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за именување на претседател и членови на Одборот за подигање меморијален споменик на Тодор Проески во Крушево;

-Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на државната награда "Гоце Делчев";

-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

-Одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции;

-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател и членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на членови на Анкетната комисија за утврдување на околностите на загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;

-Одлука за дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на други држави;

-Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија (ИПУ);

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС ОБСЕ);

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива (ПД ЦЕИ);

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Западно-европската унија со статус на придружен асоцијативен партнер (СЗЕУ);

-Одлука  за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (ПС на Медитеранот);

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа (ПС СЕ);

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици - членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Северноатлантската договорна организација (ПС НАТО);

-Одлука за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија;

-Одлука за избор на претседател и членови на Одборот за одбележување на пет години од загинувањето на претседателот на Република Македонија Борис Трајковски;

-Одлука за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на пазарот на железнички услуги;

-Одлука за избор на заменик - директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци;

-Одлука за дополнување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија

Особено значајна, од горе-споменатите е Одлуката за избор на претседател, заменик и членови на Државната изборна комисија, којашто беше донесена по претходно постигнат широк политички консензус.

Како најзначајна новина, во работата на Комисијата, секако е разгледувањето на:
1.Предлог - правилникот за внатрешна организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија и
2.Предлог -правилникот за систематизација на работните места на Службата на Собранието на Република Македонија.

Имено, ова од причини што според новиот Деловник на Собранието на Република Македонија, генералниот секретар на Собранието, по изготвување на правилниците, ги доставува истите до Комисијата за прашања на изборите и именувањата заради давање мислење.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 14 |
| Вкупно разгледани точки | | 78 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 78 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
-иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
-предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
-извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
-основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
-имунитетот на пратениците, судиите и јавниот обвинител и неговите заменици и
-други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ |
|---|---|
| | **АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ,** претседател |
| | **СВЕТЛАНА ЈАКИМОВСКА,** заменик на претседателот |
| | **ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Надица Танчева Тулиева |
| 2. | Никола Котевски |
| 3. | Владимир Ѓорчев |
| 4. | Томе Даневски |
| 5. | Хисен Џемаили |
| 6. | Емилијан Станковиќ |
| 7. | Горан Сугаревски |
| 8. | Имер Алиу |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** |
| 1. | Благородна Дулиќ |
| 2. | Анета Стефановска |
| 3. | Јаготка Ивановска |
| 4. | Стојче Крстевски |
| 5. | Талат Џафери |
| 6. | Томе Чингоски |
| 7. | Роза Топузовска Каревска |
| 8. | Бесим Догани |

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, во овој периодот, има одржано четири седници со вкупно пет точки на дневниот ред.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието на Република Македонија и Одлуката за основање на работни тела, има разгледано:

**Барање за одлучување по имунитетот на пратеникот Талат Џафери од с. Форино, Гостиварско, по К број 383/08 од 19 септември 2008 година, поднесено од в.д. претседателот на Основниот суд - Тетово, Томислав Бошковски;**

**Барање за одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен, од. с. Вејце Тетово поднесено од Основниот суд Скопје I, претседател на советот - судија Горан Бошевски и**

**Предлог на одлука за одземање на имунитет на пратеникот Весна Бендевска.**

Комисијата, исто така, во рамките на својата надлежност ги разгледува и извештаите на Државната изборна комисија за пратеници избрани од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот. Согласно со оваа надлежност, Комисијата ги разгледа:

**Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно**

**со членот 153 од Изборниот законик број 10-2202 /2 од 29 јули 2008 година и**

**Извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 153 од Изборниот законик број 10-2232 /2 од 01 август 2008 година.**

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 4 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 5 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

# Комисија за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана

Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и од Министерството за одбрана согласно со надлежностите утврдени со Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози и акти од областа на политичкиот систем.

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-вршење на надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана;

-законитост во спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана од аспект на нивна усогласеност со Законот за следење на комуникациите и

-други прашања што се однесуваат на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во врска со мерките за следење на комуникациите

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ГОРАН МИНЧЕВ,** претседател | |
| | **МЕНДЕ ДИНЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Оливер Шамбевски | |
| 2. | Томе Чингоски | |
| 3. | Блерим Беџети | |
| 4. | Бесим Догани | |
| **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Цветко Грозданов | |
| 2. | Горан Сугарески | |
| 3. | Тахир Хани | |
| 4. | Садије Илјази | |

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 1 |
| Вкупно разгледани точки | | 2 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 1 |





## ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ И РАЗГЛЕДАНИ АКТИ

| Комисија за | Одржани седници | Вкупно разгледани точки | Измени на Уставот | Закони по области | | | Поднесени амандмани | Буџет, ребаланс, завршна с-ка | Други акти | Информации, извештаи | Прашања, предлози |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Политички систем | Економски систем | Јавни дејности | | | | | |
| уставни прашања | 3 | 3 | 3 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Законодавно-правна комисија | 13 | 134 | - | 34 | 36 | 27 | 19 | 3 | 33 | 1 | - |
| политички систем и односи меѓу заедниците | 7 | 17 | - | 12 | - | - | - | 1 | - | 4 | - |
| одбрана и безбедност | 3 | 4 | - | 2 | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| надворешна политика | 11 | 12 | - | 6 | 4 | 2 | - | - | - | - | - |
| европски прашања | 8 | 10 | - | 1 | 4 | - | - | - | - | 5 | - |
| Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот | 4 | 9 | - | - | - | - | - | - | 5 | 4 | - |
| надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| финансирање и буџет | 12 | 29 | - | - | 19 | - | 4 | 3 | 4 | 3 | - |
| економски прашања | 9 | 17 | - | - | 8 | - | - | 1 | 4 | 4 | - |
| земјоделство, шумарство и водостопанство | 5 | 6 | - | - | 4 | - | 1 | 1 | - | 1 | - |
| транспорт, врски и екологоја | 5 | 9 | - | - | - | 6 | - | - | 1 | 2 | - |
| образование, наука и спорт | 8 | 16 | - | - | - | 7 | 3 | 1 | 4 | 1 | - |
| култура | 5 | 6 | - | - | - | 1 | - | 1 | 1 | 2 | 1 |
| здравство | 5 | 9 | - | - | - | 8 | - | - | - | 1 | - |
| труд и социјална политика | 11 | 20 | - | - | - | 17 | 1 | 1 | 1 | 1 | - |
| еднакви можности на жените и мажите | 7 | 8 | - | 1 | - | - | - | 1 | - | 6 | - |
| прашања на изборите и именувањата | 14 | 78 | - | - | - | - | - | - | 78 | - | - |
| деловнички и мандатно-имунитетни прашања | 4 | 5 | - | - | - | - | - | - | 5 | - | - |
| надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите од страна на МВР и МО | 1 | 2 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 |
| **Вкупно:** | **145** | **394** | **3** | **56** | **75** | **68** | **28** | **13** | **138** | **35** | **3** |

# 4.2 ПОСЕБНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## 4.2.1. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;

-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област;

-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;

-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;

-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;

-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **ЏЕВАТ АДЕМИ,** претседател | |
| **ЧЛЕНОВИ** | | |
| 1. | Живко Пејковски | |
| 2. | Владо Стефановски | |
| 3. | Цена Матевска | |
| 4. | Анета Стефановска | |
| 5. | Катерина Димеска | |
| 6. | Никола Ќурчиев | |
| 7. | Менде Диневски | |
| 8. | Теута Арифи | |
| 9. | Фазли Велиу | |
| 10. | Џемаил Јашари | |
| 11. | Хасипи Кенан | |
| 12. | Кипаризовска Крстевска Анита | |
| 13. | Амди Бајрам | |
| 14. | Стоиљковиќ Иван | |
| 15. | Авдија Пепиќ | |
| 16. | Имер Алиу | |
| 17. | Бесим Догани | |
| 18. | Имер Селмани | |

Комитетот за односи меѓу заедниците е формиран со закон.

Надлежностите на Комитетот се утврдени со членот 10 од Законот за Комитетот ("Службен весник на РМ" број 150/2007 година ).

Комитетот разгледува прашања во врска со односите меѓу заедниците во Република Македонија, дава предлози и мислења за решавање на прашањата во врска со одноците меѓу заедниците во Република македонија и предлозите и мислењата ги доставува до Собранието.

Комитетот донесува одлука за начинот на одлучување на Собранието при донесување на закони во случај на спор во

врска со спроведување на постапката на гласање кои се однесуваат и особено ги засегаат:

- Културата,
- Употребата на јазиците
- Образованието и

Личните документи и употреба на симболите.

***Активности***

Комитетот за односи меѓу заедниците во текот на извештајниот период одржа три седници со следниов дневен ред:

***Прва седница***

1. Конститутивна седница на Комитетот и утврдување на предлог на кандидат за претседател на Комитетот

***Втора седница***

1. Одлучување во врска со спорот за постапката за гласање по Предлогот на законот за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија.

***Трета седница***

1. Утврдување агенда на активности на Комитетот за односи меѓу заедниците за 2009 година;
2. Утврдување на редослед на посети на општинските комисии за односи меѓу заедниците.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 5 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 1 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти | | 2 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | 2 |

# 4.2.2 СОВЕТ НА СОБРАНИСКИ КАНАЛ

**НАДЛЕЖНОСТИ**

-Ги разгледува и усвојува реализацијата на програмата, финансиското и инвестиционото работење во тековната година;
-Предлага и усвојува програмски, финансиски и инвестиционен план на Собранискиот канал за наредната година и
-Обезбедува емитување на активностите на Собранието на Република Македонија преку програмискиот сервис - Собранискиот канал.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РАФИЗ АЛИТИ,** - претседател | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Шамбевски | |
| 2. | Авдија Пепиќ | |
| 3. | Лилјана Поповска | |
| 4. | Христина Рунчева | |
| 5. | Талат Џафери | |
| 6. | Весна Бендевска | |
| 7. | Емилијан Станковиќ | |
| 8. | Горан Мисовски | |
| 9. | Роза Топузовска Каревска | |
| 10. | Даут Рецепи | |
| | **ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Васко Шутаров | |
| 2. | Весела Честоева | |
| 3. | Кенан Хасипи | |
| 4. | Јован Лазарев | |
| 5. | Вулнет Амети | |
| 6. | Славица Грковска | |
| 7. | Томе Чинговски | |
| 8. | Горан Минчев | Г |
| 9. | Марјанчо Николов | |
| 10. | Сулејман Рушити | |

***Активности***

Советот за поддршка на Собранискиот канал во текот на извештајниот период одржа **седум седници** на Советот со следниот дневен ред:

**Прва седница**

1. Договор за работата на Советот на Собранискиот канал на Собранието на република Македонија

**Втора седница**

1. Избор на членови на Работната група за трансформација на Собранискиот канал на Собранието на Република Македонија.

**Трета седница**

1. Барање за свикување итна седница од пратениците Весна Бендевска и Емилијан Станковиќ на тема преносот на седницата на Владата на Република Македонија на третиот канал.

**Четврта седница**

1. Утврдување на Пилот-проектот - други активности што ќе се пренесуваат на Собрануискиот канал;
2. Комплетирање на Секторот за поддршка на Собранискиот канал и
3. Определување на членови на Советот кои ќе посетат една од европските земји со цел за запознавање и функционирање на нивниот парламентарен канал.

**Петта седница**

1. Предлог на закон за изменување на Законот за радиодифузната дејност, со Предлог на закон

**Шеста седница**

1. Разгледување на Предлогот за измена и дополнување на Законот за радиодифузната дејност.

**Седма седница**

1. Спогодба за заедничко користење на основната мрежа на ЈП Македонска радио-телевизија за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија.

Советот за поддршка на Собранискиот канал формираше и работно група која одржа четири седници на кои се расправаше за:
- изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузната дејност и
- Правно дефинирање на Статусот за Собранискиот канал и др.

Работната група го посети Собранието на Република Франција - нивниот Собраниски ТВ канал со задача да се запознае со статусот и функционирањето на нивниот ТВ канал.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 7 |
| Вкупно разгледани точки | | 9 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | 3 |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | - |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 6 |
| Информации, извештаи | | - |
| Прашања, предлози | | - |

## 4.2.3. БУЏЕТСКИ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО

**НАДЛЕЖНОСТИ:**

-утврдува стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија за наредната година и нивно вклучување во Буџетот на Република Македонија со предлагање на посебни програми и потпрограми;

-дава упатства и насоки за подготвување на предлогот на буџетските барања и потребите за работа на Собранието;

-се грижи и врши усогласување на предлогот на буџетските барања и потреби на Собранието, согласно со максималните износи на одобрени средства утврдени со одлука на Владата на Република Македонија;

-го следи извршувањето на расходите во Буџетот на Собранието на Република Македонија и предлага прераспределба на средствата во рамките на одобрените средства со Буџетот на Република Македонија;

-донесува деловник за својата работа, и

-врши и други работи утврдени со закон.

Покрај овие надлежности, Буџетскиот совет утврдува и стратешки приоритети на Собранието на Република Македонија најмалку за наредните три години.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е основан со Одлука за основање на Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, донесена на Втората седница на Собранието, одржана на 26 јуни 2008 година ("Службен весник на РМ" број 77/2008 година).

Буџетскиот совет на Собранието има претседател, заменик-претседател и девет членови од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија.

| ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
|---|---|---|
| | **РАФИЗ АЛИТИ,** претседател | |
| | **ЈОВАН МАНАСИЈЕВСКИ,** заменик на претседателот | |
| | **ЧЛЕНОВИ** | |
| 1. | Оливер Деркоски | |
| 2. | Ратко Димитровски | |
| 3. | Иван Стоиљковиќ | |
| 4. | Силвана Бонева | |
| 5. | Владанка Авировиќ | |
| 6. | Хисен Џемаили | |
| 7. | Марјанчо Николов | |
| 8. | Миле Андонов | |
| 9. | Бесим Догани | |

Основањето на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија е согласно со Акциониот план од Вилтон парк, Велика Британија, односно зацртаните активности и рокови за нивна реализација и Иницијативата за конституирање на посебно тело во Собранието - Буџетски совет, со кое ќе се врши процесот на зајакнување на финансиската автономија на Собранието.

Конституирањето на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија треба да обезбеди посоодветни услови и динамика за подобрување на неговата структурална и организациона ефикасност.

Собранието на Република Македонија со Одлука донесена на седницата на Собранието, одржана на 25 август 2008 година го утврди составот на Буџетскиот совет.

Во извештајниот период Буџетскиот совет одржа три седници. На седниците беа разгледани вкупно осум точки од дневниот ред.

На седниците на Буџетскиот совет, без право на одлучување, присуствуваат генералниот секретар на Собранието на Република Македонија и раководителот на Секторот на финансиски и економски прашања на Службата на Собранието, или лице од Секторот кое тој ќе го определи.

Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија на Првата седница одржана на 1 септември 2008 година го разгледа и го усвои Предлогот на буџетското барање на Собранието на Република Македонија за 2009 година изготвен од Секторот за финансиски и економски прашања на Собранието на Република Македонија.

На истата седница Буџетскиот совет усвои заклучок за формирање на работна група за изготвување на Предлог-деловник за работа на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија. Во функција на изготвување на деловникот за работа преку одговорното лице од Службата на Собранието, за коресподенција со Европскиот центар за истражување и документација (ЕЦПРД), за потребите на Буџетскиот совет беа обезбедени информации за правилата и процедурите на работа на буџетски совети или соодветни тела на парламентите на земјите членки на Европската унија.

До Собранието беа доставени одговори од вкупно 18 парламенти на држави членки на ЕУ. За потребите на Буџетскиот совет од Службата беше изготвена компаративна анализа на парламентарната надлежност во постапките на планирање, подготвување и контрола на парламентарните буџети кај одделни држави членки на Европската унија. Во изготвувањето на компаративната анализа беа користени официјални, изворни податоци кои во текот на септември 2008 година се обезбедени преку Европскиот Центар за истражување и документација (ЕЦПРД) и неговите кореcподенти.

На Втората седница одржана на 25 септември 2008 година, Буџетскиот совет го разгледа и го усвои Прегледот на услуги извршени од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за потребите на Собранието на Република Македонија, изготвен од Секторот за финансиско-материјално работење

На истата седница Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија го разгледа и го прифати Заклучниот лист за состојбата на имотот на Собранието на Република Македонија утврден со пописот на средствата и изворите на средства на 31.12.2007 година изготвен од Секторот за финансиско-материјално работење.

Работната група на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија постапи согласно со заклучокот од Првата седница, на Буџетскиот совет и изготви Предлог-деловник на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија.

Буџетскиот совет на Третата седница одржана на 25 ноември 2008 година го разгледа Предлог деловникот и истиот едногласно го донесе.

Особено значајна е расправата на Буџетскиот совет по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2009 година за Разделот 02001 Собрание на Република Македонија.

Буџетскиот совет ги поддржа амандманите изготвени од Службата на Собранието на Предлог буџетот на Република Македонија за 2009 година на раздел 02001 Собрание на Република Македонија.

Исто така, на третата седница Буџетскиот совет определи четири членови од редот на пратениците- членови на Советот, за учество во работна група за изготвување на Стратегија за развој на Собранието на Република Македонија.

За сите одржани седници и разгледани точки се изготвени посебни записници.

| | | |
|---|---|---|
| Одржани седници | | 3 |
| Вкупно разгледани точки | | 8 |
| Измени на Уставот | | - |
| Закони по области | политички систем | - |
| | економски систем | - |
| | јавни дејности | - |
| Поднесени амандмани | | - |
| Буџет, ребаланс, завршна с-ка | | 1 |
| Други акти (одлуки, декларации, програми) | | 1 |
| Информации, извештаи | | 4 |
| Прашања, предлози | | 2 |

# 4.2.4.НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

## I. ВОВЕД

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 19 ноември 2008 година ја донесе Одлуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции (ІСлужбен весник на Република Македонија" број140/2007).

Составот на Националниот совет за евроинтеграции е определен со Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 25 август 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 106/2008) и со Одлуката за дополнување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции, донесена на 24 ноември 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" број 147/2008).

Претседателот на Советот е од редовите на парламентарните партии во опозиција, а потпретседателот од парламентарните партии во позиција. Советот има 17 членови, и тоа: по четири члена од парламентарната позиција и опозиција, заменикот на претседателот на Владата задолжен е за европски прашања и претставници од Кабинетот на претседателот на РМ, од Кабинетот на претседателот на Владата на РМ, од Македонската академија на науките и уметностите, од Заедницата на едниниците на локалната самоуправа и од Здружението на новинарите.

1. Радмила Шекеринска, претседател
2. Силвана Бонева, потпретседател
3. Александар Николовски, член
4. Кенан Хасипи, член
5. Андреј Жерновски, член
6. Тито Петковски, член
7. Џеват Адеми, член
8. Флора Кадриу, член
9. Петар Поп Арсов, член
10. Теута Арифи, член
11. Александар Спасеновски, член
12. Ивица Боцевски, член
13. Наташа Савова-Салковска, член
14. Сашко Стефков, член
15. Владо Камбовски, член
16. Коце Трајановски, член и
17. Роберт Поповски, член.

Врз основа на членот 5 од Олуката за основање на Националниот совет за евроинтеграции, претседателот на Националниот совет упати писмо до стопанските комори, синдикатите, верските заедници и граѓанската платформа со кое побара да номинираат свои претставници кои ќе учествуваат во работата на Советот. Повиканите субјекти одговорија и во работата на Советот и учествуваат преку 11 претставници:

1. Бранко Азески, Стопанка комора на Македонија
2. Мирче Чекреџи, Сојузот на стопански комори на Македонија
3. Ванчо Муратовски, Сојузот на синдикати на Македонија
4. Дојчин Цветановски, Конфедерацијата на слободни синдикати
5. Слободан Антевски, Унијата на независни и автономни синдикати на Македонија
6. Александар Кржаловски, Граѓанска платформа на Македонија
7. Епископ Хераклејски Климент, Македонска православна црква
8. Скендер Бузаку, Исламската верска заедница
9. Томе Колев, Католичка црква
10. Вилма Венковска-Милчев, Евангелско-методистичка црква и
11. Жаклина Мучева, генерален секретар на Еврејската заедница.

Следејќи ја стратешката определба на Република Македонија, членство во Европската унија, за која граѓаните ја изразуваат својата целосна поддршка, и особено имајќи ги предвид критериумите кои треба да се задоволат, а во таа насока и обврските кои надлежните институции и сите општествени субјекти ги преземаат, членовите и претставниците одлучија Националниот совет за евроинтеграции да ги донесува одлуките со консензус на присутните членови.

Седниците на Националниот совет за евроинтеграции се отворени за јавноста, а заклучоците кои Советот ги донесува се објавени на интернет страницата на Собранието на Република Македонија. Во работата на Советот учествуваат и амбасадорите на земјите членки на Европската унија, специјалниот претставник на ЕУ и шеф на Делегацијата на Европската комисија во РМ, како и други владини претставници на земјите членки на ЕУ и на Европската комисија.

За работа во Советот ангажирани се двајца државни советници, а во Секторот за поддршка на работата на Националниот совет за европска интергација е пополнето само работното место помлад референт за административни и технички работи.

**II. НАДЛЕЖНОСТИ НА СОВЕТОТ:**

- го следи и оценува текот на активностите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;
- дава мислења и насоки во врска со подготовките за започнување на преговорите за добивање членство на Република Македонија во Европската унија;
- дава мислења и насоки за преговарачките позиции на Република

Македонија;

- разгледува информации за процесот на преговарањето;
- дава мислења за прашањата кои ќе се отворат во текот на преговарањето;
- ги разгледува и ги оценува активностите на одделните членови вклучени во преговарачките тимови;
- оддржува, преку претседателот на Советот постојани консултации и размена на информации со претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија;
- оддржува постојани консултации со шефот на преговарачкиот тим и министерот за надворешни работи;
- по потреба дава мислења за усогласување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската унија и
- најмалку два пати годишно го известува Собранието на Република Македонија за својата работа.

## III. СЕДНИЦИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИТНЕГРАЦИИ

Во периодот од 25 август до 31 декември 2008 година Националниот совет оддржа четири седници. Советот ја задржа договорената динамика од претходниот мандат да одржува редовни седници еднаш месечно.

На седницата одржана на 15.9.2008 година, Советот го рагледа Извештајот за Степенот на реализација на главните приоритети од парнерството за пристапување. Националниот Совет за евроинтеграции се запозна со содржината на документот и донесе заклучок со кој ги советува сите институции кои се задолжени за реализација на приоритетите да вложат дополнителен напор во претстојниот период за спроведување на мерките и активностите.

На седницата одржана на 22.10.2008 година, Советот го разгледа документот Клучни поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија и Република Македонија. Националниот совет за евроитнеграции:

- смета дека визната либерализација е важен приоритет за Република Македонија и нејзините граѓани;
- ја разгледа Информацијата за клучните поенти од текот на дијалогот за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија;
- го поздрави напредокот кој Република Македонија го постигнува во исполнувањето на реформате
- ги повикува институциите да остварат поголема соработка и да ги исполнат бараните реформи;
- ќе се вклучи во исполнувањето на сите обврски кои Република Македонија ги презеде и
- ќе се вклучи во поширока дипломатска активност со земјите членки на Европската унија, при што ќе ги застапува придобивките од промената на визниот режим за двете страни.

На барање на г. Роберт Поповски, претседател на Здружението на новинарите на Македонија, Советот го разгледа Барањето од Здружението на новинарите на Македонија да се поддржат заложбите и реакциите кои се однесуваат на начинот на кој властите на Република Грција постапија кон македонските новинари, и ги донесе следниве заклучоци:

- го поддржа барањето на Здружението на новинарите на Македонија во кое е укажано Република Грција да го промени начинот на однесување кон македонските новинари, јавно да се извини за настанатиот инцидент и во иднина да овозможи непречено остварување на нивните професионални обврски;
- со писмо ќе се обрати до Европскиот парламент и
- препорачува ова прашање да биде отворено на следната средба на Мешовитиот парламентарен комитет ЕУ-Република Македонија.

На седницата одржана на 12.11.2008 година, Советот го разгледа Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година. На седницата присуствуваше и г. Јан Трушчински, заменик-директор во Директоратот за проширување на Европската комисија. Советот ги донесе следниве заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во Република Македонија за постигнатите резултати во 2008 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија;
2. Тргнувајќи од стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка на процесот и од засилено ангажирање на сите надлежни субјекти во насока на целосно исполнување на бараните критериуми;
3. Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено во делот на политичките критериуми за членство во Европската унија;
4. Советот го нагласува значењето од континуирани реформски процеси во сите области од општественото живеење, како и од засилување на административните капацитети, потребни за целосно и ефикасно спроведување на реформите;
5. Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија;
6. Советот укажува на потребата да продолжат транспарентно да се одвиваат процесите за пристапување на Република Македонија кон Европската унија;
7. Советот ја нагласува потребата од интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите членки на ЕУ што не поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата;

8. Советот предлага за Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година да расправа Собранието на Република Македонија по претходна расправа во собраниските комисии и да донесе свои заклучоци;
9. Со мислењата и предлозите на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието и Владата на Република Македонија и
10. Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

На седницата одржана на 19.11.2008 година, Советот ја разгледа Скицата за реализација на препораките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година и донесе заклучок сите предлози и мислења кои ќе бидат искажани од страна на присутните членови и претставници да бидат евидентирани и како такви да бидат доставени до Владата на Република Македонија.

На истата седница Советот со консензус го донесе Мислењето за усвојување на правото на Европската унија во текот на 2009 година. Во Мислењето Советот му препорача на Собранието на Република Македонија и неговите работни тела да дадат приоритет во разгледувањето и донесувањето на законите кои се предвидени во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2009 година, а се дадени во Анекс 1.

Советот ги поздрави преземените активности од страна на Владата и надлежните институции, кои се однесуваат на подобрување на фазата на подготовка на закони, со препорака овие активности да се преземаат континуирано. Истовремено, Советот укажа на неопходноста од почитување на Деловникот на Собранието на Република Македонија кога станува збор за донесување на закони по скратена или итна постапка.

Во насока на поголема инклузивност и транспарентност при донесувањето на законите, Советот се задолжи да организира јавни расправи за законите за кои смета дека е потребна широка дебата и давање можност за искажување на ставовите и мислењата на засегнатите субјекти..

## IV. ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

На 16.09.2008 година се оствари средба со г-ѓа Барбара Борота, државен секретар за европски прашања на Република Словенија.

На 01.10.2008 година се оствари средба со Анџелика Бер, пратеник во Европскиот парламент.

На 27.10.2008 година се оствари средба со г-ѓа Сесилија Малстром, министер за ЕУ на Кралството Шведска.

На 03.11.2008 година се оствари средба со г. Серхиј Холоватија, претседател на Комисијата за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа.

# 5. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СОБРАНИЕТО

## 5.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Претседателот на Собранието на Република Македонија се избира од редот на пратениците со мнозинството на гласови од вкупен број пратеници (61 пратеник). Мандатот на претседателот на Собранието трае четири години.

Претседателот на Собранието, го претставува Собранието, ги свикува седниците и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Функцијата на претседател на Собрание е неспојлива со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година за време на извршување на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија, г.Трајко Вељаноски делуваше во насока на успешно и ефикасно остварување на законодавната власт на Собранието на Република Македонија и остварување на една од темелните вредности владеење на правото на Република Македонија, при тоа следејќи ја стратешката определба за приближување кон Европската унија.

Во овој период посебно внимание беше посветено на унапредувањето на планирање и организација на Собранието. Претседателот одржа повеќе од 40 редовни и дополнителни координации со потпретседателите и претседателите на пратеничките групи, најголем дел од нив со присуство на претставник од Владата на Република Македонија.

Беше формирана работна група за изготвување на закон за Парламент предводена од претседателот на Собранието и учество од сите координатори на пратеничките групи со цел за зајакнување на статусот на Парламентот.

На предлог на претседателот на Собранието беше остварена работна средба со претседателот на Република Македонија г. Бранко Црвенковски на кој беа усогласени модалитетите во врска со потпишување на укази со донесени закони.

Во насока на зајакнување на претставничката функција на Парламентот, беше донесена одлука за секој последен ден од работната недела (петок) да не се одржуваат пленарни седници на Собранието на Република Македонија, со цел пратениците да можат да контактираат со граѓаните во врска со нивните прашања, проблеми и иницијативи. Во Буџетот за 2009 година се предвидени средства за 120 канцеларии за контакт на пратениците со граѓаните.

Во остварување на бројните со Уставот и Деловникот утврдени надлежности на претседателот на Собранието на Република Македонија како позначајни можат да се истакнат:

- Константната потреба за испитување и оценување на вредноста на предлозите за донесување на законите, како и планирање на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесување на предлозите на акти и други материјали,
- Грижа за усогласување на активноста на Собранието со активноста на претседателот на Република Македонија и со Владата на Република Македонија;
- Продолжување на практиката на соработка и координинирање на потпреседатели на Собранието и одлучувања по прашање за прием на претставници и делегации на парламенти и други органи и организации од странство, како и за испраќање на повремени и постојани собраниски делегации во органи и организации во странство и
- Прифаќање на бројни лични покровителства на Собранието за одделни прослави и на настани за значење за Републиката и за одредување на претставници на Собранието на тие прослави.

Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следи работата на Службата на Собранието и се грижи за унапредување на нејзина работа и за создавање услови за нејзино посовремено и поефикасно работење со примена на современа информатичка технологија, за што се користени искуства од парламентите на повеќе држави. Во насока на поуспешно и поефикасно имплентирање на новиот Деловник на Собранието на Република Македонија и зајакнување на собраниската стручна служба беше донесена нова систематизација на работните места.

Во поглед на унапредувањето на финаниската економија на Собранието на Република Македонија, новооснованиот Буџетски совет на Собранието на Република Македонија, учествуваше во креирањето на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, во делот кој се однесува на Собранието.

Со цел за зголемување на транспаретноста на Парламентот направени се подготовки за трансформација на Собранискиот канал во оспособување за креирање на сопствената програма.

Собранието на Република Македонија, покрај неговата постојана законодавна функција продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава за надворешната политика и односи со странство на билатерален и мултилатерален план.

Претседателот на Собранието на Република Македонија во овој период оствари динамична меѓународна соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личности.

**Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (21 јуни 2008 - 31 декември 2008)**

Средба со амбасадорот на Белгија , **Н.Е. г.Филип Беки** (25 јуни 2008);

Средба со омбудсманот на Република Франција , **г. Жан Пол Делевоа** (25 јуни 2008);

Средба со амбасадорот на Австралија **Н.Е. г. Клер Биргин** (27 јуни 2008);

Средба со амбасадорот на Народна Република Кина **Н.Е. г. Донг Чуфенг** (01 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Велика Британија **Н.Е. г. Ендру Ки** (01 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Бугарија **Н.Е. г. Михо Михов** (04 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Република Србија **Н.Е. г.Зоран Поповиќ** (15 јули 2008)

Проштална средба со амбасадорот на САД **Н.Е. г-ѓа Џилијен Миловановиќ** (28 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Република Полска **Н.Е. г. Карло Бахура** (30 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Унгарија **Н.Е.г. Ференц Кекеши** (30 јули 2008);

Средба со амбасадорот на Република Турција **Н.Е. г. Арслан Хакан Окчал** (21 август 2008);

Средба со амбасадорот на Република Укранина **Н.Е. г. Виталиј Москаленко** (21 август 2008);

Средба со амбасадорот на Република Албанија**, Н.Е. г. Владимир Прела** (03 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Италија, **Н.Е. г. Донатино Маркон** (04 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Исланд **Н.Е. г. Сверир Хаукур Гунлауксон** (05 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Кралството Шведска **Н.Е. г. Ларс Петер Фреден** (17 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Кралството Шпанија, **Н.Е. г. Хозе Мануел Пас Агуерас** (18 септември 2008);

Средба со амбасадорот на СР Германија **Н.Е. г-ѓа Улрике Марија Конц** (19 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Франција **Н.Е. г.Бернард Валеро** (19 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација **Н.Е. г. Владимир Дмитревиќ**

**Солоцинскиј** (23 септември 2008);

Средба со амбасадорот на Босна и Херцеговина **Н.Е. г. Милан Балабан** (25 септември 2008);

Средба со поранешниот претседател на Република Бугарија **г. Жељу Желев** (30 септември 2008);

Средба со министерот за надворешни работи на Република Хрватска **г. Горан Јандроковиќ** (01 октомври 2008);

Средба со амбасадорот на САД во Република Македонија **г.Филип Томас Рикер** (02 октомври 2008);

Официјална посета на Албанија на покана на претседателот на Парламентот на Република Албанија **г-ѓа Жозефина Топали** (10-12 ноември 2008);

Средба со амбасадорот на Швајцарија во Република Македонија**, Н.Е. г-ѓа Никол Вирш** (20 ноември 2008);

Средба со амбасадорот на Унгарија во Република Македонија **Н.Е .г.Ференц Кекеши** (20 ноември 2008);

Средба со амбасадорот на Египед во Република Македонија, **Н.Е.г-ѓа Хеба Елармаси** (20 ноември 2008);

Официјална посета на Унгарија, на покана на претседателот на Парламентот на Република Унгарија **г-ѓа Каталин Сили** (26-28 ноември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, **Н.Е. г. Бернард Валеро** (02 декември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Франција, **Н.Е. г. Бернард Валеро** (02 декември 2008);
Средба со амбасадорот на Велика Британија, **Н.Е. г. Ендру Ки** (04 декември 2008);

Средба со амбасадорот на САД г.Филип Томас Рикер(05 декември 2008);

Средба со амбасадорот на Кралството Саудиска Арабија **Н.Е. г. Абдулах Абдулазис Ал-Абулкарим** (05 декември 2008);

Средба со амбасадорот на Унгарија, **Н.Е . г. Ференц Кекеши** (16 декември 2008);

Средба со амбасадорот на Велика Британија**, Н.Е. г. Ендру Ки** (18 декември 2008);

Средба со конгресменот на САД, **г.Тет Поу** (18 декември 2008);

Средба со амбасадорот на Република Турција, **Н.Е. г. Арслан Хакан Окчал** (18. декември 2008);

Средба со претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција **г. Коксал Топтан** со обраќање на свечена седница на Собранието на Република Македонија (02 декември 2008)

**Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељаноски (21 јуни 2008 - 31 декември 2008)**

Средба со **Н.Е. г. Ерван Фуере,** евроамбасадор, претставник на Европската комисија во Република Македонија (24 јуни 2008);

Средба со членови на Пост - изборната комисија, Охридска сала (16 јули 2008);

Средба со евроамбасадорот **Н.Е. г. Ерван Фуере** (21 јули 2008);

Средба со претставниците на Конрад Аденауер во Република Македонија (23 август 2008);

Претседателот на Собранието ја потпиша акредатацијата на собраниската делегација во Парламентарното Собрание на Совет на Европа со мандат за 2008 (09 септември 2008);

Средба со претседателот на мисијата за Европската комисија за Република Македонија **Н.Е. г. Ерван Фуере** (19 септември 2008);

Претседателот на Собранието заедно со амбасадорот на Обединетото кралство на Велика Британија и Северна Ирска **Н.Е. г. Ендру Ки** потпишаа Писмо за разбирање помеѓу Собранието на Република Македонија, Фондација за демократизација на Вестминстер и Министерството за надворешни работи на Велика Британија и Северна Ирска (22 септември 2008);

Работна средба со амбасадорите на држави - членки на Европската унија (24 септември 2008);

Средба со претставниците на Делегацијата на Европскиот суд на ревизори г.Мартин Б.Енгвирда, г.Фишер Хорст (03 октомври 2008);

Средба со г.Серхи Холовати, претседател на Комисијата за почитување на обврски и заложби на земји членки на Советот на Европа и **г-дин Артеми Карпенко** ко-секретар на Комисијата (03 ноември 2008)

Средба со претседателот на мисијата за Европската комисија за Репубика Македонија **Н.Е. г. Ерван Фуере** - презентирање на Извештајот од Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година (06 ноември 2008)

Средба со претставниците на НДИ **г. Мајкл Фрид, г. Двејн Ли, г. Крис Хендшоу** (12 декември 2008);

Средба со амасадорот на ОБСЕ во Република Македонија **Н.Е. г. Џорџо Радикади** (16 декември 2008);

Работен ручек на земјите членки на ЕУ, на покана на амбасадорот на Франција **Н.Е.г. Бернард Валеро** (17 декември 2008).

## 5.2. ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието на Република Македонија од редот на пратениците, покрај тоа што избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, избира и тројца потпретседатели.

По конституирањето на шестиот парламентарен состав избрани се тројца потпретседатели и тоа Светлана Јакимовска од ВМРО-ДПМНЕ, Рафиз Алити од ДУИ и за прв пат потпретседател од редовите на најголемата опозициона партија СДСМ, Јани Макрадули.

Потпретседателите на Собранието на Република Македонија реализираа голем број на активности коишто се состојат во редовното учество на седниците на претседателството на Собранието на Република Македонија, кои се одржуваат еднаш неделно каде што се разгледуваат важни прашања сврзани за тековните работи на Собранието, меѓународните активности, како и прашања од општ карактер.

Во споменатиот период, како пратеници редовно и активно учествуваа на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија.

Во својство на членови на разни комисии во Собранието на Република Македонија како потпретседатели беа меѓу најактивните и редовно учествуваа во сите комисии.

Во нивниот мандатен период, потпретседателите заедно со претседателот на Собранието на Република Македонија реализираа многубројни средби со претставници на дипломатските и конзуларните претставништва, како и претставници на институции на странските земји и меѓународните организации во Република Македонија

### ➢ Потпретседател Светлана Јакимовска

Потпретседателот Светлана Јакимовска доаѓа од редовите на партијата ВМРО - ДПМНЕ, а на оваа функција е избрана на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 31.07.2008 година.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија реализирал голем број активности преку редовното учество на седниците на Колегиум на Собранието на кои се разгледуваа прашања поврзани со тековните работи на Собранието, меѓународните активности како и прашања од општ карактер.

Како пратеник редовно учествувала на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија, а како потпретседател раководи со пленарните седници на Собранието. Досега има целосно водено две седници на 27.11.2008 год. (триесеттата седница) и на 10.12.2008 год.(триесет и четвртата седница).

На 01.09.2008 година започна за првпат со работа Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија чиј претседател е г-ѓа Светлана Јакимовска.

Потпретседателот Светлана Јакимовска е заменик - претседател на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања.

Во споменатиов период како член активно учествувала во работата на Комисијата за труд и социјална политика, а како заменик - член во Законодавно - правната комисија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Активен член е во пратеничката група на Собранието на Републока Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска.

Член е на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија, како и на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Црна Гора.

Како потпретседател на Собранието на Република Македонија, Светлана Јакимовска учествувала на повеќе средби и приеми со министрите од Владата на Република Македонија, средби со координаторите на другите политички партии во Собранието и со други високи функционери.

***1. Средби со амбасадори и други диполоматски претставници***

- Средба со Палф Брауксипе претседател на работната група за Труд и социјална политика на германскиот Бундестаг (01 октомври 2008 година);
- Средба со г-ѓа Маргит Витцел, пратеник во германскиот Бундестаг, Готфрид Гиголд референт за Источна Европа од Слободниот универзитет од Берлин и г-ѓа Ингет Герстбеггер од меѓународната програма за размена на администрацијата на германскиот Бундестаг. Повод за нивната посета беше реализација на проектот меѓународна парламентарна стипендија (24 октомври 2008 година);
- Средба со г. Крис Хен Шоу и други високи преставници на НДИ (29 октомври 2008 година);
- Присуство на потпретседателот на Собранието на Република Македонија на презентацијата на Извештајот за напредокот на Република Македонија на Европската комисија од страна на г. Ерван Фуере (06 ноември 2008 година);
- Средба со Делегација на високи претставници од ОПСЕ (17 ноември 2008 година);
- Во организација на Швајцарската амбасада во Република Македонија, остварена е заедничка средба со амбасадорот на Швајцарија, Грција, Германија и Холандија, (04 декември 2008 година);
- Остварена е средба на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Светлана Јакимовска со г. Марк Микелсен, вонреден и ополномоштен амбасадор на Кралството Белгија за Република Македонија со седиште во Софија; г-ѓа Кеи Кол, вонреден и ополномоштен абасадор на Ирска за Република Македонија со седиште во Братислава и г. Џон Морисон, вонреден и ополномоштен амбасадор на Канада за Република Македонија (09 декември 2008 година);
- Во организација на ОПСЕ во Република Македонија, одржана е Тркалезна маса на тема: "Парламентите и јавните ревизорски институции", кадешто потретседателот на Собранието на Република Македонија Светлана Јакимовска одржа поздравен говор, а

воедно беше и домаќин на приемот организиран по повод одржувањето на Тркалезната маса (12 и13 декември 2008 година);

- По повод посетата од страна на Пратеничката група на Сејмот на Република Полска за соработка со Собранието на Република Македонија, потпретседателот Светлана Јакимоска одржа средба во присуство на повеќе преставници од Собранието на Република Македонија (14-15 декември 2008 година);
- Свечено обраќање на потпретседателот на Собранието на Република Македонија Светлана Јакимовска по повод одбележување на "21 Декември ден на наставата на турски јазик" во присуство на претседателот на Големото Национално Собрание на Турција г. Коксал Топтан (21 декември 2008 година) и
- Средба со наши амбасадори и шефови на дипломатијата (23 декември 2008 година).

***2. Учество на конференции и свечености по повод значајни датуми***

- По повод Втори август (Илинден), потпретседателот Светлана Јакимовска ја предводеше собраниската делегација за положување цвеќе во меморијалниот центар Пелинце (02 август 2008 година);
- Потпретседателот учествуваше во доделувањето на државната награда "Мајка Тереза" (26 август 2008 година);
- Како потпретседател учествуваше на свечен прием по повод Националниот ден на Украина (03 септември 2008 година);
- Како заменик - претседател на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, потпретседателот Светлана Јакимовска учествувал на трибина по повод "Денот на Демократијата" (15 септември 2008 година);
- Учество на јавна расправа на тема "Подобрување на механизмите за борба против семејното насилство" во соработка со ООН и Македонското женско лоби (19 септември 2008 година);
- Свечено обраќање на потпретседателот Светлана Јакимовска на манифестацијата по повод 80 години од заминувањето од Скопје на Мајка Тереза, како и промоција на филмот за Мајка Тереза. Манифестацијата е изведена во Католичката црква во Скопје (19 септември 2008 година);
- Свечено отворање на првиот детски музејски клуб во Република Македонија од страна на потпретседателот Светлана Јакимовска (01 октомври 2008 година);
- По повод 90 години од примирјето со Франција (11 ноември 1918 година), потпретседателот на Собранието на Република Македонија, ја предводеше собраниската делегација за положување цвеќе на Француските воени гробишта (11 ноември 2008 година) и
- Во име на претседателот на Владата на Република Македонија, потпретседателот Светлана Јакимовска имаше свечено обраќање и доделување на златна плакета за "Патент на годината" (03 декември 2008 година).

## ➢ Потпретседател Рафиз Алити

Потпретседателот Рафис Алити кој доаѓа од редовите на Демократската унија за интеграција (ДУИ), на оваа функција е избран на седница на Собранието на Република Македонија на 31 јули 2008 година.

Во извештајниот период како потпреседател на Собранието на Република Македонија реализира голем број на активности кои се состојат во редовно учество на седниците на Собранието на Република Македонија, во кои се разгледуваат голем број на прашања сврзани за редовните работи на Собранието, меѓународни активности, како и прашања од општ карактер, како и на редовни координативни средби на Сообранието на Република Македонија.

***1. Учеството во работата на работнитните тела на Собранието на Република Македонија и пратенички групи за билатерална соработка***

- Редовно учествува на сите пленарни седници на Собранието на Република Македонија,
- Учествува во работата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, како и на Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за европски прашања во својство на заменик член,
- Член е на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на Парламентот на Португалската Република и на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка на Парламентот на Сојузна Република Германија,
- Претседател е на Советот за Собранискиот канал,
- Учествува на повеќе средби и приеми со министрите и со Владата на Република Македонија, средби со координатори на други политички партии во Собранието на Република Македонија, учествува на доделување на признанија и награди и др и
- -Има многубројни средби со странки - граѓани на Република Македонија.

***1. Учество на конференции***

- Собранието на Република Македонија во соработка со Мисијата ОБСЕ организираа работилница на тема: Изготвување на закони и регуларен менаџмент (15 септември 2008);
- Учество во Јавна расправа на тема: Македонскиот јазик во политичка комуникација (25 септември 2008);
- Учество на свеченоста по повод 15-годишнината од воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Кина (09 октомври 2008);
- Учество на Свечената академија по повод 67-та годишнина од Денот на народното востание (10 октомври 2008);
- Учество во следење на резултатите од изборите и утринското славење организирано од страна на Американската амбасада во Република Македонија (05 ноември 2008 година, по повод изборот на претседател на САД);

- Учество на презентацијата на Европскиот извештај за Македонија за 2008 година од страна на г. Ерван Фуере (06 ноември 2008);
- Учество на трибина организирана од Институтот за политички студии во соработка со Министерството за локална самоуправа (18 ноември 2008);
- Учество на Конференцијата, одржана од страна на Владата на Република Македонија, Организационен одбор на јубилејот 100-та на Битолскиот конгрес (21 ноември 2008);
- Учество на Конференцијата одржана од страна на Владата на Република Македонија, Организационен одбор на јубилејот 100-та на Битолскиот конгрес (22 ноември 2008);
- Учество на свеченоста по повод 15-годишнината од основање на Државен завод за индустриска сопственост (03 декември 2008) и
- Учество на Јавната расправа посветена на визната либерализација (05 декември 2008).

***3. Средби со странски делегации и други дипломатски претставници во Скопје***

- Средба со Сали Брајтон, претставник на ОБСЕ (29 август 2008);
- Средба со г. Џералд Мек Гурк (18 септември 2008);
- Работна средба со г. Грасман, ЕВН-Скопје (23 септември 2008);
- Работен ручек со г-ѓа Анџелика Бер, пратеник на Европскиот парламент, група на зелените/ЕФА Република Германија (01 октомври 2008);
- Средба со г. Џералд Мек Гурк, ОБСЕ (07 октомври 2008);
- Работен состанок со примена на Главата IX, за примена на закони и други акти од Деловникот на Собранието на Република Македонија (10 октомври 2008);
- Средба со амбасадорот на СР Германија Н.Е. г-ѓа Улрике Марија Конц (21 октомври 2008);
- Средба со г-ѓа Маргит Витцел, пратеник на германскиот Бундестаг (23 октомври 2008);
- Прошталнa средба со амбасадор на Иран (24 ноември 2008);
- Прошталнa средба со вонреден ополномоштен амбасадор на Кралството Мароко за Република Македонија (24 ноември 2008);
- Средба со амбасадорот на Велика Британија (26 ноември 2008);
- Средба со претставници на Мисијата ОБСЕ (17 декември 2008);
- Средба со членовите на Американската амбасада во Скопје (19.12.2008);
- Пречек на претседателот на Народното собрание на Република Турција и делегацијата, (21 декември 2008) и
- Присуство за време на обраќање на претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција, г. Коксал Топтан (22 декември 2008).

***4. Учество на конференции во странство***

Учество во посетата на Францускиот парламент - Париз во својство на претседател на Собранискиот канал (9-12 декември 2008).

## ➢ Потпретседател Јани Макрадули

Потпретседателот Јани Макрадули доаѓа од редовите на политичката партија на СДСМ. На оваа функција е избран на седницата на Собранието на Република Македонија одржана на 25.август 2008 година.

Од стапувањето на функцијата потпретседател на Собранието на Република Македонија, г. Јани Макрадули раководи со пленарните седници на Собранието, зема редовно учество на седниците на Колегиумот на Собранието, реализирал голем број на меѓународни активности и други задачи кои се во негова надлежност.

***1. Активности во Собранието на Република Македонија***

- Член е на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија,
- Член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија,
- Член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и
- Член на пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Царството Јапонија.

За редовното учество на сите пленарни седници укажува фактот што е издвоен за најактивен пратеник во Собранието на Република Македонија со поднесен еден Предлог на закон, 187 амандмани, 117 дискусии и 68 реплики.

Неговото богато политичко портфолио ги содржи следниве активности:

1996 - 2000 Локални избори, Советник во општина Центар, Скопје,

1997- Учесник на Политичката школа за локална самоуправа во Фрајбург,

2001 – 2002 пратеник во Собранието на Р Македонија - дополнителни парламентарни избори,

2002 – избран за пратеник и координатор на Пратеничката група на СДСМ,

2003 – претседател на Комисијата за информатичка технологија,

2005 – Член на Постојаната комисија за соработка со Европскиот парламент,

2005 - Член на Ад хок експертската комисија на Советот на Европа за Информатичко општество

2006 - 2008 Избран за пратеник во Собранието РМ и координатор на ПГ на СДСМ

2008 - Избран за пратеник во Собранието на РМ, од 25 август 2008 избран за потпретседател на Собранието на Република Македонија.

***2. Средби со амбасадори и други дипломатски претставници***

- Домаќин на работната вечера на Мешовитиот парламентарен комитет за ЕУ (27 ноември 2008 година)

- Средба со министерот за надворешни работи на Република Естонија г. Урмас Пает (20 ноември 2008 година),
- Средба со амбасадорот на Кралството Велика Британија г. Ендрју Ки (25 ноември 2008 година),
- Свечено обраќање на Потпретседателот на Големото Национално Собрание на Турција г. Коксал Топтан (21 декември 2008 година),
- Домаќин на работната посета на потпретседателот на Големото Национално Собрание на Турција г. Коксал Топтан во Битола, Ресен и Охрид (21 декември 2008 година) и
- Присуство на потпретседателот на Собранието на Република Македонија на презентацијата за Извештајот за напредокот на Република Македонија на Европската комисија од страна на г. Ерван Фуере (06 декември 2008 година).

Многубројни средби со амбасадори, граѓани, здруженија и невладини организации.

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

*Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парламентот за оваа област:*

*Парламентарната дипломатија е насочена кон:*

- *натамошно приближување на замјата кон европските и евроатлантските структури;*
- *јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија и*
- *развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа.*

## 6.1. Мултилатерална соработка

**ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

**Шеф на делегацијата:** г. Оливер Шамбевски
**Членови:** г. Ермира Мехмети и г. Игор Ивановски
**Заменици-членови:** г. Зоран Петрески, г. Андреј Жерновски и г-ѓа Флора Кадриу.

**Советот на Европа е меѓувладина организација формирана на 5 мај 1949 година од 10 земји, а денес има 46 земји членки. Основните цели на Советот на Европа се:**

- заштита на човековите права, плуралистичка демократија и владеење на правото;
- унапредување на свеста и охрабрување на развојот на европскиот културен идентитет и разновидност;
- барање на решенијата за проблемите со кои се соочува европското општество(ксенофобија, нетолеранција, заштита на човековата околина, клонирањето, сидата, дрогите и наркоманијата, организираниот криминал и сл.) и
- помагање на консолидацијата на демократската стабилност во Европа преку политички, законодавни и уставни промени.

Парламентарното собрание на Севетот на Европа е парламентарен форум на Советот на Европа, каде се расправаат проблемите со кои се соочува европското

општество и има советодавна функција во однос на Комитетот на министрите. Тоа е најстарото парламентарно собрание креирано на европската почва. Неговата активност е фокусирана на прашања од тековната политичка важност, вклучувајќи ги и проблемите на модерното општество и аспекти на меѓународната политика.

Собранието има пет политички групи: Социјалистичка група; Народна европска партија; Европска демократска група; Либерална, демократска и реформаторска група и Група на обединетата левица.

Вообичаено членовите се групираат во овие партиски групи според нивната партиска припадност во своите земји, но некои членови избираат да не бидат членови на ниедна политичка група. Собранието заседава четири пати годишно (јануари, април, јуни и септември), на јавни седници кои траат една работна седмица, а вообичено одржува и една мини пролетна седница во некоја од земјите - членки.

**Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На седницата на Комисијата за миграција, бегалци и население, што се одржа на 4 и 5 септември 2008 година во Киев, Украина, учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, што се одржа на 12 септември 2008 година во Париз, Француската Република, учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, како заменик - член на Делегацијата.

На седницата на Мониторинг комисијата, што се одржа на 11 септември 2008 година во Париз, Француската Република, учествуваа пратениците: г. Оливер шеф на Делегацијата и г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата.

На Редовната годишна сесија, што се одржа од 28 септември до 2 октомври 2008 година во Стразбур, Француската Република, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на СЕ, во состав од пратениците: г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата, г-ѓа Ермира Мехмети и г. Игор Ивановски, членови на Делегацијата, г. Зоран Петрески г. Андреј Жерновски, заменици - членови на Делегацијата, во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Марија Стефанова, косекретар на Делегацијата.

На Форумот за иднината на демократијата, што се одржа од 15 до 17 октомври 2008 година во Мадрид, Кралството Шпанија, учествуваа пратениците: г-ѓа Ермира Мехмети, член на Делегацијата, г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Марија Стефанова, секретар на Делегацијата.

На седница на Мониторинг комисијата, што се одржа на 19 ноември 2008 година во Париз, Француската Република, учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата.

На седниците на Политичката комисија и Мониторинг комисијата, што се одржа на 18 и 19 ноември 2008 година

Париз, Република Франција учествуваше пратеникот г. Оливер Шамбевски, шеф на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за миграции, бегалци и население, што се одржа на 25 ноември 2008 година во Женева, Швајцарската Конфедерација, учествуваше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за миграции, бегалци и население што се одржа од 11 до 14 декември 2008 година во Лас Палмас, Кралството Шпанија, учествуаше пратеникот г. Андреј Жерновски, заменик - член на Делегацијата.

На состанокот на секретарите на националните делегации во ПС на Советот на Европа, што се одржа на 15 декември 2008 година во Стразбур, Француската Република, учествуваше г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата на ПС на СЕ.

OSCEPA

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

**Шеф на Делегацијата:** г. Андреј Петров

**Членови:** г. Владимир Ѓорчев и г. Хисен Џемаили

**Заменици-членови:** г. Горан Петров, г. Цветко Грозданов и г. Даут Реџепи.

Парламенарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) е формирано во 1991 година, по предлогот за негово формирање со Париската повелба за Нова Европа од 1990 година.

Основна задача на Парламентарното Собрание е да го олеснува меѓу-парламентарниот дијалог меѓу земјите членки на ОБСЕ и да ја вреднува имплементацијата на целите на ОБСЕ.

Во рамките на Парламентарното собрание функционираат три Генерални комитети: Комитетот за демократија, човекови права, хуманитарни прашања; Комитетот за економски работи, технологија и животна средина, како и Комитетот за политички работи и безбедност.

Членовите на Делагацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ редовно учеструваат во работата на сесиите на Парламентарното собрание, на Постојаниот комитет, како и на другите состаноци организирани од ПС на ОБСЕ.

**Активности во периодот 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ, што се одржаа од 18 до 21 септември 2008 година во Торонто, Канада, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ, во состав: пратениците: г. Андреј Петров, шеф на Делегацијата, г. Владимир Ѓорчев, г. Хисен Џемаили, членови на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

## ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Трајко Вељаноски
**Членови:** г-ѓа Силвана Бонева,
г. Тахир Хани, г. Горан Мисовски и
г. Јани Макрадули и г. Имер Алиу

Интерпарламентарната унија (ИПУ), основана во 1889 година е најстарата мултилатерална политичка организација во која членуваат 146 национални парламенти и седум меѓународни парламентарни собранија.

Светската организација на парламентите со седиште во Женева има статус на постојан набљудувач во Организацијата на Обединетите нации.

Како централна точка за светски парламентарен дијалог, Интерпарламентарната унија работи за мир и соработка меѓу народите и за цврсто воспоставување на претставничките институции. За таа цел, ИПУ поттикнува контакти, координација и размена на мислења меѓу парламентите и членовите на парламентите на сите земји, разгледува прашања од меѓународен интерес и ги изразува своите ставови за тие прашања, со цел да ја поттикне активноста од страна на парламентите и нивните членови, придонесува за заштита и унапредување на човековите права, чиешто почитување е суштествен фактор на парламентарната демократија и обезбедува подобро запознавање со работата на претставничките институции и јакнењето и развојот на нивните средства за акција.

Интерпарламентарната унија претставува директен извор на информации за најзначајните настани и тенденции што се одвиваат на глобален меѓународен план, а особено клучните активности на Организацијата на Обединетите нации и нејзините специјализирани агенции. Таа соработува и со регионални интерпарламентарни организации, како и со меѓународни владини и невладини организации кои се мотивирани од истите идеали. Во оваа насока, ИПУ настојува да се обезбеди што поактивно учество на членовите на парламентите во меѓународната политика. ИПУ презема и активности за ратификација на најзначајните меѓународно-правни инструменти.

Собранието на Република Македонија е член на Интерпарламентарната унија од 1994 година. Со Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2002) се основа Делегација на Собранието на Република Македонија во ИПУ, која се состои од претседателот на Собранието на Република Македонија и четири членови.

### Активности во периодот 21 јуни до 31 декември 2008 година

На Годишната сесија на Парламентарна конференција на Светската трговска организација (СТО), што се одржа на 11 и 12 септември 2008 година во Женева, Швајцарската Конфедерација, учествуваше пратеникот г. Илија Димовски.

На 119. Собрание на Интерпарламентарна унија, што се одржа од 13 до 15 октомври 2008 година во Женева, Швајцарската Конфедерација учествуваа пратениците: г-ѓа Силвана Бонева, шеф Делегацијата, г. Јани Макрадули, г. Горан Мисовски, членови на Делегацијата, г. Жарко Денковски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, како и секретарите на Делегацијата г-ѓа Билјана Огненовска и г-ѓа Анита Огњановска.

## ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

**Шеф на Делегацијата:** г. Петар Поп Арсов

**Членови:** г. Јован Лазареви

г. Марјанчо Николов

**Заменици-членови:** г. Миле Пачемски и

г. Феми Јонузи и г. Бесим Догани

Централноевропската иницијатива е регионална организација во која членуваат 17 земји членки: Англија, Австрија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешката Република, Унгарија, Италија, Македонија, Молдавија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Украина и Србија и Црна Гора. Иницијативата е основана во 1989 година, под името *Квадрагонала*, од страна на четири земји: Италија, Унгарија, Австрија и СФР Југославија. Во 1990 година кон иницијативата се приклучува Чехословачка, со што таа станува *Пентагонала*. Следи Полска во 1991 година и групата прераснува во *Хексагонала*, а во 1992 година членки стануваат Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија, по што иницијативата го менува името во *Централноевропска иницијатива*. Република Македонија е член на ЦЕИ од 1993 година.

Централноевропската иницијатива се стреми кон: зацврстување на соработката меѓу земјите членки, забрзување на процесот на европската интеграција преку поддршка на најнеразвиените членки и оние на кои им е најпотребен забрзан економски развој, зацврстување на економските, социјалните, правните и другите аспекти на процесите на транзиција и сл.

Парламентарната димензија на ЦЕИ ја сочинуваат Парламентарното собрание, Парламентарниот комитет и ад хок комитетите на Парламентарното собрание. Двајца членови на парламентот од секоја земја членка учествуваат во работата на Парламентарниот комитет, кој се одржува напролет, а на Парламентарното собрание, кое се состанува во текот на есента, учествуваат делегации составени од три до седум члена. Делегацијата на Собранието на Република Македонија се состои од три члена.

**Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На седницата на Парламентарната димензија на ЦЕИ, што се одржа од 17 до 20 ноември 2008 година во Кишињев, Молдавија, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПД на ЦЕИ, во состав од пратениците: г. Петар Поп Арсов, шеф на Делегацијата, г. Јован Лазарев, член на Делегацијата, г. Феми Јонузи, заменик - член на Делегацијата, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

**Шеф на делегацијата:** г. Талат Џафери
**Членови:** г. Илија Китаноски и г. Владо Бучковски
**Заменици-членови:** г. Павле Трајанов, г. Џемаиљ Јашари и г. Бесим Догани

Парламентарното собрание на НАТО е меѓупарламентарна организација која нема формални односи со НАТО. Формирано е во 1955 година, како Северноатлантско собрание, а во ноември 1998 година се преименуваше во Парламентарно собрание на НАТО. Составено е од 26 земји членки и 13 асоцирани делегации, меѓу кои е Делегацијата на Собранието на Република Македонија.

Република Македонија учествуваше за прв пат во работата на Северноатлантско собрание во 1994 година, како набљудувач на 41-та сесија, што се одржа во Париз, Франција. На оваа сесија и беше доделен статус на асоцирана делегација.

**Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На 54-то годишно заседание на Парламентаното собрание на НАТО, што се одржа од 14 до 18 ноември 2008 година во Валенсија,Кралството Шпанија, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО, во состав од пратениците: г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата, г. Владо Бучковски, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

На редовниот Парламентарен трансатлански форум на НАТО, што се одржа на 15 и 16 декември 2008 година во Вашингтон, САД, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав од пратениците: г. Талат Џафери, шеф на Делегацијата и г. Владо Бучковски, член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

## Парламентарното собрание на Франкофонијата

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски
**Членови на Делегацијата:** г. Џеват Адеми, г-ѓа Мерал Узеири Ферати, г-ѓа Роза Топузовска Каревска, г. Андреј Петров.

Меѓународната организација на Франкофонијата е меѓувладина организација формирана на 20 март 1970 година, од 21 држави и влади, под името Агенција за културна и техничка соработка (Agence de coopération culturelle et technique - ACCT), а во 1998 година таа се преименува во Меѓународна организација на Франко-фонијата (Organization internationale de la Francophonie-OIF). Во оваа организација со седиште во Париз, денес членуваат 53 држави и влади и десет земји наблудувачи. Република Македонија се здоби со асоцијативен статус во оваа организација на Самитот на шефови на држави и влади,

одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада.

Основните цели на меѓународната организација на Франкофонијата се: промовирање на францускиот јазик и јазичната и културната различност, промовирање на мирот, демократијата и човековите права, подршка на образованието, обуката, високото образование и истражувањето, развој на соработката во служба на одржливиот развој и солидарноста.

Парламентарното Собрание на Франкофонијата е претставничко собрание на Франкофонијата и нејзино консултативно собрание.Тоа е формирано во мај 1967 година на Конститутивното собрание во Луксембург, под името "Меѓународна асоцијација на парламентарци кои го говорат францускиот јазик" (AIPLF). Во јули 1989 година, AIPLF се преименува во "Меѓународно собрание на парламентарци кои го говорат францускиот јазик", а во јули 1998 година во Парламентарно собрание на Франкофонијата (Assemblée parlementaire de la Francophonie -APF).

Парламентарното собрание на Франкофонијата претставува место на дебати, предлози и размена на мислења за сите прашања од интерес на неговите членки. Во тесна соработка со Меѓународната агенција на Франкофонијата Собранието презема акции на полето на интерпарламентарната соработка и развојот на демократијата, кои имаат за цел да ја зацврстуваат солидарноста помеѓу парламентарните институции и да ја промовираат демократијата и владеењето на правото, особено во франкофонските заедници. Парламентарното собрание на Франкофонијата дава значителен придонес во дебатите за теми, како што се: слободата и политичките права, парламентите и комуникацијата, франкофонскиот економски простор, образованието, пречките за дифузија на знаењата во франкофонските земји, местото на францускиот јазик во меѓународните организации и сл. Во рамките на парламентарната димензија на Парламентарното Собрание на Франкфонијата се формирани и следните органи: Мрежа на жени парламентарки, Парламентарна мрежа за борба против ХИВ/СИДА, Парламент на млади франкофони и др.

Во Парламентарното собрание на Франкофонијата членуваат 65 парламенти, парламентарни собранија или совети на земји, покраини, региони и меѓународни организации. Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и Бирото на Секцијата и делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата се основани во јануари 2001 година.

**Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На 21. сесија на Регионалното собрание на ПСФ-Регион Европа, што се одржа од 5 до 8 ноември 2008 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата, во состав од пратениците: г. Џеват Адеми и г. Андреј Петров, членови на Делегацијата, во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.





## Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

**Копреседател на МПК РМ-ЕУ:**
г. Александар Спасеновски

**Мешовитиот парламентарен комитет Република Македонија - Европска унија** (ЕУ) е формиран врз основа на Резолуцијата на Европскиот парламент од 10 март 2004 година, Одлуката донесена од страна на Собранието на Република Македонија од 7 декември 2004 година за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација и врз основа на Договорот за стабилизација и асоцијација на Република Македонија, (особено чл. 114). Собранието на Република Македонија во Комитетот е застапено од копретседател, двајца потпретседатели и четиринаесет члена.

Формирањето на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) е израз на цврстата определба на нашата земја за полноправно членство во ЕУ, како и на заложбите на Собранието на Република Македонија, преку парламентарен дијалог, да придонесе кон процесот на евроинтеграција и достигнување на европските стандарди.

Во основа, МПК претставува форум каде што членовите на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент ќе разменуваат искуства, мислења и ставови за зајакнување на меѓусебното партнерство. Комитетот, како билатерално тело со кое Република Македонија се одвојува од останатите земји на т.н. Западен Балкан, претставува формално и ефикасно зајакнување и издигнување на повисоко ниво на односите и соработката на Собранието на Република Македонија и Европскиот парламент.

Основна цел на МПК е разгледување на сите аспекти на односите меѓу Република Македонија и ЕУ, особено имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација. По предлог на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет можат да се даваат препораки до Европскиот парламент, до Собранието и Владата на Република Македонија, до Советот на Европската унија и до Европската комисија.

МПК се состанува два пати годишно - еднаш во Собранието на Република Македонија и еднаш во Европскиот парламент.

Седниците на Мешовитиот парламентарен комитет завршуваат со усвојување на Завршна изјава, документ во кој се содржани заедничките ставови за одредени актуелни прашања.

### Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година

Од 26 до 28 ноември 2008 година во Собранието на Република Македонија се оддржа Петтиот состанок на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и Европската унија.

## СОБРАНИЕ
## НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Шеф на Делегацијата:** г. Александар Николоски
**Членови:** г. Џеват Адеми и г. Јован Манасијевски
**Заменици-членови:** г-ѓа Лилјана Поповска, г. Кенан Хасипи и г-ѓа Садије Илјази.

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ), со седиште во Париз, е основано во 1954 година, а инаугуративната седница ја одржало на 5 јули 1955 година. Како прво европско интерпарламетарно собрание за безедносни и одбрамбени прашања, Собранието преставува форум за дебата со три главни домени на активност:

- ја претставува парламентарната димензија на Западноевропската унија;
- дејствува како *Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана,* со фокус на Европската безбедносна и одбранбена политика (ESDP) и
- врши контрола на меѓувладината соработка во полето на вооружувањето и истражувањето и развојот на вооружувањето, односно актовностите на Западноевропската група за вооружување (WEAG) и Западно-европската организација за вооружување (WEAO).

Во Собранието на Западноевропската унија членуваат околу 400 пратеници од националните парламенти на 37 европски држави. Собранието одржува две редовни седници годишно во седиштето на Собранието во Париз, а по потреба можат да одржат и вонредни седници во други градови. Во СЗЕУ се формирани шест постојани комисии, кои одржуваат по неколку седници годишно**.** Собранието, исто така организира колоквиуми на кои учествуваат пратеници, експерти и претставници на владите, кои дискутираат за тековни одбрамбени и безбедностни прашања.

Делегација на Собранието на Република Македонија е постојано присутна на седниците на Собранието на Западноевропската унија, почнувајќи од 1993 година. Во декември 2003 година Република Македонија се здоби со стасус на "специјален гостин" во Собранието на ЗЕУ. Со овој статус се овозможува делегација од двајца пратеници редовно да учествува на седниците на СЗЕУ (без право на глас), како и на седниците на комисиите и во другите форми на редовна активност на СЗЕУ (семинари, конференции, колоквиуми и слично).

### Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година

Во официјална посета на Република Македонија на 8 јули 2008 г. престојуваше Делегација на Собранието на Западноевропската унија, предводена од г. Жан Пјер Масре, претседател на СЗЕУ.

На седниците на комисиите на СЗЕУ со постојаниот совет на ЕУ, што се одржа на 22 септември 2008 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа пратениците: членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ г. Јован Манасијевски, г. Џеват Адеми, членови на Делегацијата, г-ѓа Лилјана

Поповска, заменик - член на Делегацијата, во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

На седниците на комисиите на СЗЕУ, што се одржаа на 5 и 6 ноември 2008 година во Париз, Француската Република, учествуваа пратениците: г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата, г. Кенан Хасипи, заменик член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 7. Конгрес на Европската безбедност и одбрана, што се одржа на 10 и 11 ноември 2008 година во Берлин, Сојузна Република Германија учествуваа пратениците: г. Александар Николоски, шеф на Делегацијата, г. Јован Манасијевски, член на Делегацијата, г. Кенан Хасипи, заменик - член на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На 55. сесија на СЗЕУ, што се одржа од 2 до 5 декември 2008 година во Париз, Француската Република, учествуваа пратеницте: г. Јован Манасијевски и г. Џеват Адеми, членови на Делегацијата, во придружба на г. Лиман Авдиу, секретар на Делегацијата.

## ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ

**Шеф на Делегација:** г. Илија Димовски
**Членови:** г. Васко Шутаров, г.Сафет Незири
**Заменици-членови:** г. Ванчо Коцев, г. Ристо Пенов и г-ѓа Мерал Узеири Ферати

**Активности во периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година**

На Третата сесија на Парламентарното Собрание на Медитеранот, што се одржа од 13 до 15 ноември 2008 година во Монте Карло, Принципат Монако, учествуваше Делегација во состав: г. Илија Димовски, шеф на Делегацијата, г. Сафет Незири, член, и г. Ванчо Коцев, заменик-член, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, секретар на Делегацијата

STABILITY PACT
FOR SOUTH EASTERN EUROPE

## ПАКТ ЗА СТАБИЛНОСТ

Во овој период немаше учество на настани организирани од Пактот за стабилност



# 6.2. ДРУГА МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ (пратеници)

Во официјална посета на Република Македонија од 13 до 15 декември година престојуваше Делегација на Пратеничката група на Сејмот на Република Полска за соработка со Собранието на Република Македонија.

На Семинарот за модернизација и демократизација на парламентите на Република Албанија, БиХ, Република Македонија, Србија и Црна Гора, што се одржа од 21 до 26 јули 2008 година во Рим, Италија, учествуваше Делегација на Собранието во состав од пратенеците: г-ѓа Лилјана Поповска, Хисен Џемаили и г-ѓа Роза Топузова-Каревска, во придружба на г-ѓа Билјана Огненовска и Драган Пулевски, секретари на Делегацијата.

На 10 и 11 септември 2008 година во Брисел, Кралството Белгија се одржа состанок на тема:" Европа: миграција и интеграција". На состанокот учестуваше пратеникот г. Миле Пачемски и г. Талат Џафери, во придружба на г-ѓа Маријана Опашинова, секретар на Делегацијата.

На Конференцијата на тема:"ЕУ и Југоисточна Европа: "Дали е се уште како што треба", која се одржа на 22 и 23 септември 2008 година во Барселона, Кралството Шпанија, учествуваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На 28 и 29 септември 2008 година во Лисабон, Португалската Република, се одржа 3-та Интерпаламентарна конференција за безбедност на патниот сообраќај, на која учествуваше пратеникот г. Горан Петров, член на Комисијата за транспорт и врски на Собранието на Република Македонија, во придружба на г. Реџеп Прекопуца, секретар на Делегацијата.

На Парламентарниот семинар на тема: "Како парламентите се справуваат со предизвикот од имплементацијата на законодавството на ЕУ", кој во заедничка организација на Народното собрание на Република Бугарија и Европскиот Парламент, кој се одржа на 1 и 2 октомври 2008 година во Софија, Република Бугарија, учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав од пратениците: г. Панче Дамески, г-ѓа Владанка Авировиќ, г. Џемаил Јашари, г. Горан Сугарески, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, помошник на раководителот на Секторот за меѓународна соработка, г-ѓа Маријана Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка и г-ѓа Беса Дрндар, преведувач.

На 10 и 11 ноември 2008 година во Брисел, Кралство Белгија се одржа продолжението на семинарот тема:"Како националните парламенти да се справат со предизвикот на имплементацијата на законодавството на ЕУ", наменет за парламентарни службеници. На семинарот учествува службениците од Собранието на Република Македонија: г-ѓа Маријана

Опашинова, советник за меѓународни парламентарни собранија и мултилатерална соработка, г-ѓа Елена Доцевска, советник за стручно-аналитички работи во Кабинетот на претседателот на собранието, г-ѓа Сања Угриновска, соработник за тековни активности на Претседателот на Собранието и г-ца Славјанка Петровска, помлад референт.

На Годишниот состанок на офицери за врска за европските прашања во националните парламенти, што се одржа од 26 до 28 ноември 2008 година во Брисел, Кралството Белгија, учествуваа службениците: г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Мешовитиот парламентарен комитет-Република Македонија и Европската унија, г-ѓа Лилјана Петреска, советник во Комисијата за европски прашања и г-ѓа Анита Огњановска, раководител на Одделението во Секторот на генералниот секретар на Собранието.

# 7. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО

## 7.1. СОБРАНИСКИ ТВ КАНАЛ

Собранискиот канал во Македонија емитува програма на фреквенцијата на третиот телевизиски канал на Македонската радио телевизија. Неговата правна заснованост е утврдена со Законот за радиодифузна дејност, донесен во ноември 2005 година.

Согласно со Законот, член 117 ставови 6 и 7, "Македонската радио телевизија обезбедува програмски сервис, исклучиво наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија"

Во Спогодбата за заедничко користење на основната мрежа на ЈП МРТ за пренесување на програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието, склучена меѓу претседателот на Советот на собранискиот канал и Работоводниот орган на ЈП МРТ, во членот 3, децидно е наведено: "Во време кога нема активности во Собранието и додека не се создадат сите со закон предвидени услови за емитување на програмскиот сервис, МРТ на мрежата ќе емитува содржини од сопствено производство и обработена програма. Во тој случај, емитувањето ќе се врши со идентификациски знак на МРТ, како комплементарен сервис".

Собранискиот канал секојдневно емитува програма во траење од 14 часа (од 10.00 до 24.00) а по потреба и подолго од вообичаениот термин, доколку тоа го налагаат активностите на Собранието на Република Македонија.

Сите пленарни седници на Собранието се пренесуваат директно и целосно на Собранискиот канал. Покрај директните преноси на пленарните седници, на Собранискиот канал, директно или со снимки, се презентира пред јавноста работењето на собраниските комисии, а се емитуваат и преноси или снимки од други активности во Собранието што се составен дел од неговото функционирање (меѓународни конференции, прес-конференции на пратенички групи и пратеници, официјални посети на странски парламентарни делегации, активности на интерпарламентарни лоби групи и невладини организации, активности на Клубот на жени пратенички и др.). Сите снимки се емитуваат интегрално, а сите активности во Собранието кои се пренесуваат на Собранискиот канал се емитуваат со собраниско лого.

Функционирањето на Собранискиот канал е со јасна цел да се обезбеди јавност во работењето на Собранието на Република Македонија. На овој начин работењето на пратениците се става на увид на оние што им го дале мандатот, односно, граѓаните на Република Македонија.

Во периодот од 21 јуни 2008 година, кога беше оддржана конститутивната седница на Собранието, до 31 декември 2008 година, на Собранискиот канал директно беа пренесувани 67 пленарни седници на Собранието на Република Македонија, во траење од 13.954 минути. Директно беа пренесувани или емитувани снимки од вкупно 151 седница на работните тела на

Собранието во траење од 12.596 минути. Од други настани што се одвиваа во Собранието беа емитувани (директно или снимки) вкупно 27 настани во траење од 822 минути.

Позначајни настани во Собранието што се емитувани на Собранискиот канал се

1. По повод изборот на новиот претседател на Собранието на Република Македонија господинот Трајко Вељаноски, непосредно по конституирањето на Собранието во нов состав, (по вонредните парламентарни избори), на Собранискиот канал беше емитувано интервју со претседателот . Ова, воедно, беше првото интервју што тој го даде за еден електронски медиум;
2. По повод меѓународниот ден на демократијата, 15 септември, во рамките на Отворениот парламент, беше пренесувана работилницата на тема “Јавни парламентарни расправи”;
3. Беа емитувани повеќе јавни расправи што се одвиваа во Собранието, на различни теми.

- “До ЕУ - без визи”;
- Дијалог за либерализација на визниот режим меѓу Европската комисија и Република Македонија;
- Европски практики и програми за превенција од семејното насилство;
- Регионален семинар за парламентарна контрола врз безбедносниот сектор;
- Петтиот мешовит Парламентарен комитет на Република Македонија и Европска унија;
- Доделување на повеќе државни награди и признанија во Собранието на Република Македонија и други настани.

Согласно со Спогодбата, кога нема активности во Собранието, за време на паузите и пред почетокот на пленарните седници, МРТ емитува програма од сопствено производство и обработена програма. Овој дел од програмата е во надлежност на уредувачката политика на Македонската радио телевизија и се емитува со идентификациски знак на МРТ, како комплементарен сервис.

Во овој дел од програмата е вршен пренос од Отворената седница на Владата на Република Македонија.

## 7.2. Електронска комуникација

Секојдневно се ажурира содржината на WEB страницата со најнови информации, соопштенија и најави на претстојните активности на Собранието






Целосната транспарентност во работата на Собранието се огледува и преку содржината на WEB страницата која секојдневно се збогатува со нови податоци.







ПРЕБАРУВАЊЕ
ПО СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ








ДНЕВНИ РЕДОВИ НА СЕДНИЦИ СО ЛИНКОВИ ДО АКТИТЕ КОИ СЕ РАЗГЛЕДУВААТ И ГЛАСАЊАТА ПО ТОЧКИТЕ ОД ДНЕВНИОТ РЕД













МОЖНОСТ ЗА УПАТУВАЊЕ НА АМАНДМАНИ






**ОТВОРЕНИ СЕ ЛИНКОВИ ДО КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА КОНТАКТ МЕЃУ НВО-и И СОБРАНИЕТО, ПОРТАЛ ПРАВО, Е-ИЗБИРАЧКИ СПИСОК И СОВЕТ НА ЕВРОПА**


















ПОБРЗ ПРИСТАП ДО НОВОСТАСАНИТЕ ЗАКОНСКИ ПРОЕКТИ СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ СТРАНАТА ЗА ПРИМЕНИ МАТЕРИЈАЛИ



## 7.3. СРЕДСТВА ЗА ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ

За следење на активностите на Собранието вкупно се акредитирани 994 претставници на средствата за јавно информирање. Правата, должностите и одговорностита на претставниците на средствата за јавно информирање се одредени со Правилник донесен од претседателот на Собранието ("Службен весник на Република Македонија број 89/ 2002). На претставниците на средствата за јавно информирање на располагање им е модерно опремен прес - центар со телефонски линии и компјутери. Редовно по пошта се испраќаат материјали од активностите на Собранието на сите акредитирани медиуми, а уште еден комплет од истите им се дистрибуира во 38 фаха кои се наоѓаат во фоајето пред прес центарот

| НАЗИВ | број на акредитирани лица |
|---|---|
| **ТЕЛЕВИЗИИ И РАДИЈА** | |
| СОБРАНИСКИ КАНАЛ | 6 |
| САТЕЛИТСКИ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО | 6 |
| МТВ | 154 |
| МТВ - АЛБАНСКИ | 23 |
| МТВ-ТУРСКИ | 11 |
| МРТ - ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС АЛБАНСКИ | 23 |
| РЕДАКЦИЈА НА ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ НА МТВ | 7 |
| ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 5 | 46 |
| ТВ 5 ПЛУС | 20 |
| ТЕЛМА | 26 |
| АЛ САТ | 20 |
| СИТЕЛ | 37 |
| А1 | 56 |
| А2 | 22 |
| ТВ ЕРА | 10 |
| СКАЈНЕТ | 3 |
| ТВ АЛФА | 45 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО | 53 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - АЛБАНСКИ ЈАЗИК | 16 |
| МАКЕДОНСКО РАДИО - ТУРСКИ ЈАЗИК | 8 |
| КАНАЛ 77 | 4 |
| РАДИО СЛОБОДНА ЕВРОПА | 8 |
| ГЛАС НА АМЕРИКА - радио на албански јазик | 1 |

| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | |
|---|---|
| **ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ** | |
| ДНЕВНИК | 29 |
| НОВА МАКЕДОНИЈА | 25 |
| ВЕЧЕР | 17 |
| УТРИНСКИ ВЕСНИК | 37 |
| ВРЕМЕ | 10 |
| ШПИЦ | 22 |
| ВЕСТ | 34 |
| ФАКТИ | 4 |
| КОХА | 7 |
| ЉАЈМ | 13 |
| БИЗНИС | 5 |
| **НЕДЕЛНИЦИ** | |
| МАКЕДОНСКО СОНЦЕ | 6 |
| ФОКУС ПРЕС | 7 |
| ГЛОБУС | 13 |
| ФОРУМ ПЛУС | 9 |
| ДЕНЕС | 1 |
| КАПИТАЛ | 8 |
| **ДРУГИ МЕДИУМИ** | |
| ОПШТИНСКИ ВЕСНИК ГАЗИ БАБА | 2 |
| ЊУ МОМЕНТ ВИДЕО ХАУС-друштво за маркетинг | 7 |
| БАЛКАНСКА ГАЗЕТА-печатен медиум од Битола | 1 |
| МИА-агенција | 43 |
| МАКФЕСТ-агенција | 9 |
| ОБСЕ | 10 |
| ДОБАР ГЛАС | 1 |
| ЈЕНИ БАЛКАН | 3 |
| НЕТ ПРЕС КОМ | 12 |
| ВАЛУТА | 4 |
| БИ-БИ-СИ | 6 |
| НАЦИОНАЛЕН ПРЕС | 1 |
| ПОЛИТИКА | 1 |
| КИРИЛИЦА | 19 |
| НОВИНСКА АГЕНЦИЈА ИЛИРИА | 3 |
| НОВ АРГУМЕНТ | 4 |
| ЗАМАН | 1 |
| КУРИР | 4 |



# 8. КЛУБ НА ЖЕНИ ПРАТЕНИЦИ

Во периодот помеѓу април и септември 2008 година, Клубот на пратенички имаше помалку значајни активности, не сметајќи го периодот на распуштање на Собранието на Република Македонија и одржувањето на предвремените парламентарни избори.

Веќе од септември, Клубот продолжи со своите редовни активности, успешно се организираа неколку јавни расправи за борба против семејно насилство, се оддржаа голем број на средби на пратеничките со разни делегации. Таква средба е и средбата со ѓ-ѓа Ленита Фреиденвал, професор на политички науки и родова рамноправност на шведскиот универзитет во Стокхолм и проект - менаџер на Европската унија на проектот *"Состојбата на жените во политиката"*, која даде неколку одделни интервјуа и одржа средби со пратеничките во насока на понатамошните активности и цели кон кои треба Клубот на пратенички да се стреми.

На 24 октомври 2008 година, Министерството за здравство во соработка со Македонско женско лоби и Здравствениот дом Скопје, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на Република Македонија и Клубот на пратенички, ја започнаа кампањата "Надмудри го ракот-биди здрава жена".

Целта на кампањата е подигање на свеста кај жените за рана дијагностика на ракот на дојката и превентивни гинеколошки прегледи со ПАП тест, како и промовирање на бесплатните прегледи. Оваа кампања е продолжение на кампањата одржана во 2007 година кога беа организирани 70 работилници на кои присуствуваа над 5.000 жени, а се оствариja 10.663 мамографски тестови и 18.043 ПАП тестови.

Во рамките на кампањата се организираа 50 работилници низ Републиката, главно во рурални средини и средини кадешто живее маргинализирана група на жени на кои еминентни стручњаци им говореа за потребата од подигање на свеста кај жените за редовни превентивни прегледи се со цел за рано откривање на малигни заболувања.

На 27 ноември се лансира нов план и програма за борба против семејното насилство, под патронат на Холандската амбасада во РМ, УНДП и Министерството за труд и социјална работа, во која учествуваше и Клубот на пратенички, кој во соработка со Комисијата за еднакви можности поддржа и помогна во организирање на низа јавни расправи на оваа тема.

На почетокот на декември, Клубот на пратенички учествуваше на средба со амбасадорот на Швајцарија во РМ, на која беа утврдени насоките и целите на натамошната заедничка соработка на проекти од делокругот на Клубот на пратенички.

# 9. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# 9.1. Активности на Канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи
И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

Канцеларијата за контакт меѓу НВО и Собранието на Република Македонија е успешна алатка за лобирање и застапување. Исто така, Канцеларијата е канал за комуникација меѓу законодавниот дом и цивилниот сектор, како и алатка за учество на граѓаните во креирањето на политики и процесите на донесување на одлуки.

Канцеларијата за контакт е отворена во октомври 2004 година и има за цел поврзување на граѓанските организации и граѓаните со законодавните тела во македонскиот Парламент и притоа користење на целиот ресурс на цивилниот сектор со сите релевантни препораки, заклучоци и истражувања.

Таа е проект на Граѓанската асоцијација МОСТ, чија основна цел е зголемување на одговорноста на цивилни, политички и владини институции кон потребите на граѓаните.

Канцеларијата за контакт е и во вистинска смисла сервис за граѓаните, но и на пратениците. Пратениците овде можат да добијат повеќе информации од граѓанските организации во секојдневни подготовки на пратенички активности, со посебен акцент на законските решенија.

Граѓанските здруженија овде можат да ги добиваат сите потребни материјали за работата на Собранието и да ги доставуваат своите предлози. Една од целите е Канцеларијата да послужи како место за состаноци на пратеници и невладини организации.

Канцеларијата е постојано отворена за сите заинтересирани, и за тие коишто доаѓаат во просториите, и за оние коишто преку веб адресите 24 часа сакаат да бидат во директна линија и комуникација со Собранието на Република Македонија.

## ЦЕЛИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

- Institututционализирање на соработката меѓу Собранието и граѓанските организации,
- Поврзување на граѓаните со законодавните тела, во насока на зголемување на инпут во цивилен сектор, во процеси на донесување на одлуки,
- Обезбедување на релевантни податоци неопходни за остварување на интензивен дијалог меѓу Собранието и цивилниот сектор со употреба на сите комуникациски средства,

## РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ

- Сопствена библиотека, кадешто секој граѓанин ќе може да ги најде сите закони донесени од Собранието на РМ, закони од соседни земји и закони од Европската унија, исто како и други корисни материјали,
- Сопствена интернет страница каде што се сместени сите материјали од библиотеката, како и секојдневни активности на Собранието,
- Можност за он-лајн контакт, каде што цивилниот сектор би доставувал предлози за измени и дополнувања на законите,
- компјутери за јавна употреба каде што заинтересираните граѓани и членови на граѓански организации можат да ги подготват своите материјали,
- канцеларијата е технички опремена што овозможува брз проток на информации.

Во рамките на Канцеларијата се спроведуваат повеќе проекти:
-www.pravo.org.mk - бесплатен сервис на граѓаните и граѓанските организации каде можат да се најдат:

- **закони донесени од Република Македонија** - базата заклучно со 2008 година содржи вкупно 743 закони, донесени од страна на Собранието на Република Македонија, како и 928 изменувања и дополнувања на истите. Од нив во периодот јули-декември 2008 година во базата се додадени 42 закони и 119 измени и дополнувања.
- **Меѓународни договори** - ратификувани од страна на Собранието на Република Македонија
- **36 анализи на закони** - кои биле на дневен ред за донесување на Собранието на Република Македонија, со можност за коментари од страна на граѓаните, од кои три анализи се подготвени во известуваниот период,

- **Судска пракса од Врховниот суд на Република Македонија** - 165 пресуди се дел од базата,
- **70 одлуки на Врховниот Суд на Република Македонија,**
- **79 новости**-кои се однесуваат на законодавство и правна регулатива се дел од базата, од кои четири новости биле додадени во базата во периодот од јули-декември 2008 година,
- **пребарувач за одлуки на Европскиот суд за човековите права** - кој содржи 1565 пресуди
- **линк од правната регулатива на Европската унија** - кој од страна на корисниците е посетен 935 пати.

Интернет страницата на Правниот ресурсен центар во периодот јули-декември 2008 година била посетена 106.644 пати.

## МОЈОТ ПРАТЕНИК - МОНИТОРИНГОТ НА РАБОТАТА НА ПРАТЕНИЦИТЕ И СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проектот Мојот пратеник е алатка преку која на граѓаните им се презентираат информации за работата на пратениците, присуство и отсуство на седници, бројот на поставени пратенички прашања и слично. Притоа граѓанската асоцијација МОСТ ги претставува официјалните податоци добиени од Собранието на Република Македонија, без да ги анализира или коментира истите.

Четвртиот извештај за работата на пратениците ќе биде објавен во јануари 2009 година. Истиот ќе биде инсертиран во дневни весници во 60.000 примероци а ќе содржи податоци за работата на пратениците и Собранието за периодот од почетокот на новиот парламентарен состав (по предвремените избори на пратеници 2008 година) до 31 декември 2008 година.

За потребите на проектот до крајот од декември е спроведено и истражување чија цел е да се види колку граѓаните се запознаени со работата на Собранието, собраниските комисии и работата на пратениците.

Четвртиот извештај, ќе биде всушност и последниот во оваа фаза на изданија, заради тоа што проектот ја постигна својата самоодржливост и Собранието ја презема обврската самостојно да подготвува вакви извештаи и да ги претставува во јавноста.

## МОНИТОРИНГ НА РАБОТАТА НА КАНЦЕЛАРИИТЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА ПРАТЕНИЦИ СО ГРАЃАНИТЕ

Отворање на канцеларии за комуникација за пратениците со граѓаните е проект на Национално демократскиот институте (НДИ), а мониторингот на работата со канцеларии го работи МОСТ преку Канцеларијата за контакт помеѓу НВО и Собранието на Република Македонија.

Мониторингот се спроведува по однапред утврдена и прифатена методологија,а информациите од истиот се користат за подобрување на функционирањето на канцелариите за комуникација со граѓаните.

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕМОКРАТИЈА-15 СЕПТЕМВРИ

Граѓанската асоцијација МОСТ и Канцеларијата за контакт меѓу НВО и Собранието на Република Македонија беа коорганизатори на меѓународниот Ден на демократијата, 15 септември, заедно со Собранието на Република Македонија. Повикот на граѓаните за посета на Собранието на Република Македонија беше упатен преку 60.000 флаери, инсертирани во два дневни весници. Улогата на Канцеларијата беше да ги организира граѓаните во групни посети на Собранието, задача што со успех беше завршена.

Покрај наведените проекти, секојдневните редовни активности на Канцеларијата за контакт се состојат од средби со граѓани и граѓански организации, закажување и организирање на средби и состаноци меѓу пратеници и заинтересирани групи, организирање на јавни расправи, сослушувања и слично.

Статистиката за редовни активности на Канцеларијата го говори следново:

| **АКТИВНОСТ** | |
|---|---|
| Број на барања од НВО и граѓани до Канцеларија за средба со пратеник | **5** |
| Број на граѓани кои ги користеле услугите на Канцеларијата | **20** |
| Број на НВО и кои ги користеле услугите на Канцеларијата | **11** |
| Присуство на седници на комисиите во Собранието на Република Македонија | **1** |
| Присуства на работилници/дебати семинари организирани од други НВО и институции | **2** |

Во рамките на работата на Канцеларијата спаѓа и подготовката и изработката на стенограми од одржаните собраниски седници, како поддршка на проектот на е-Собрание, што го реализира Собранието на Република Македонија. Во периодот јули-декември 2008 година изработени се 1.952 страници на стенограмите.

Канцеларијата за контакт е отворена од страна на Граѓанската асоцијација МОСТ во соработката со Собрание на Република Македонија, а секојдневните активности се менаџирани од страна на МОСТ. Намерата е во блиска иднина, оваа канцеларија која сега се наоѓа одвоено (но во непосредна близина) од Собранието, да помине во неговите простории и да биде дел од секторите на самото Собрание на Република Македонија.

Функционирањето на канцеларијата во 2008 година беше потпомогнато и подржано од ИЗТ, преку фондови на УСАИД, Balkan tours for Democracy i National Endowment for Democrasy, Холандска амбасада во Република Македонија, SDC и Swedish Helsinki Committee.

## 9.1. активности на НДИ и Собранието на Република Македонија

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

**-Септември 2008:** консултации за Предлог - законот за Парламентот,

**-Септември-ноември 2008:** Консултации со пратениците од малцинствата за практиките на другите европски земји за да може поефективно да се дискутира за предложените измени на Изборниот законик со кои се предлагаат десет нови пратенички места за неалбански малцински групи,

**-Октомври 2008:** нацрт-закони за градинките и за акушерските практики поднесени од пратеник(НДИ вклучена во консултации на овој процес),

**-Октомври 2008:** спроведување на испитување за процена на потребите пред ангажирањето на новата генерација практиканти и консултации за системот за ангажирање и избор на следната генерација на практиканти,

**-Ноември 2008:** Студиска посета на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Парламентот на Чешката Република-Претставничкиот дом. Шест пратеници, генералниот секретар на Собранието и претставници од кабинетот на заменик премиерот за евроинтеграции го посетија Претставничкиот дом на Чешкиот парламент. Посетата имаше за цел подобро запознавање со работата на Парламентарниот институт и услугите кои Институтот им ги дава на пратениците.

**-Декември 2008:** учество во националаната кампања против семејно насилство преку вклучување на пратеници, локални пратенички канцеларии и луѓето од НДИ.

**-Мај 2008:** По распуштањето на Собранието и прекионот на мандатот на пратениците, асистентите на пратенички канцеларии во изборните единици останаа на своите места и продолжија да работат, а помагаа и во имплементацијата на кампањата на НДИ, за објавување на Кодексот на однесување (можеме и мораме),

**-Август-септември 2008:** По консултациите со претседателот на Собранието за статус на новиот Деловник за работа на Собранието,препораки на НДИ, сега се инкорпорираат во новиот Нацрт - закон за Парламентот,

**-Декември 2008:** Од вкупно 70 отворени се 47 пратенички канцеларии во изборни единици.Кога ќе бидат отворени сите канцеларии ниеден граѓанин на Република Македонија нема да биде оддалечен повеќе од 30 километри ќе биде на оддалеченост помала од 5 километри.Секоја канцеларија се наоѓа во општинска зграда има целосно обучен службеник и опремена е со компјутер и повеќенаменски апарат.

**-Декември 2008:** НДИ ја подржува националната кампања за борба против семејно насилство преку организирање на 16 локални работилници организирани од пратеници и службеници во локалните канцеларии.

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

# 10. СЛУЖБА НА СОБРАНИЕТО

## 10.1. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА



*Организацијата, задачите и начинот на работа, како и дефинирањето на работните места по вид и по број на извршители, се уредуваат со Правилникот за внатрешна организација о Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Македонија.*

*Согласно со одредбите од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија донесен на 18 јули 2008 година, на 19 септември 2008 година се донесоа Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието и Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието.*

*Согласно со овие акти настанаа големи промени како во организационата поставеност на Службата така и во делокругот на работни задачи, се во правец на зголемување на квалитетот и капацитетот на Службата во извршување на работите од својот делокруг.*

*Во Службата хиерархиската поставеност е утврдена на следниве нивоа:*

- *генерален секретар;*
- *заменик на генералниот секретар;*
- *сектори и*
- *одделенија.*

*Со стручната служба на Собранието на Република Македонија раководи генерален секретар.*

*Според видот, обемот и степенот на сложеноста на работните задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Службата постојат следниве организациони облици: Сектор-кабинет на претседателот на Собранието; сектор и одделение.*

*Согласно со новиот Правилник за организација се образуваа 13 сектори, и две посебни организациони единици - ооделенија за извршување на обврски утврдени со закон и подзаконски акти кои за својата работа одговараат пред генералниот секретар.*

Државните советници вршат најсложени работи кои бараат посебна самостојност, стручност и организациска способност за координирање во областа на уставниот и политичкиот систем, економскиот, во областа на јавните дејности, во областа на меѓународната соработка и во постапката на подготовка и донесување на закони.

Кабинетот на претседателот на Собранието со три одделенија се грижи за тековните активности на претседателот на Собранието, планирање, подготовка и реализација на седниците на Собранието, односи со јавноста и соработка со други државни органи, како и аналитички-советодавни и стручни работи за потребите на претседателот и потпретседателите.

Секторот на генералниот секретар со три одделенија ги организира работите и задачите од делокруг на генералниот секретар врши нормативно-правни работи, подготвува упатства и други акти што ги донесува генералниот секретар, врши работи во врска со овластувањето на генералниот секретар за застапување на Собранието и Службата пред надлежните органи, како и ги организира и реализира протоколарните активности на претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, пратениците, пратеничките групи и на делегациите во земјата и странство.

Законодавно-правниот сектор со три одделенија, подготвува текстови на закони, други акти и амандмани кои ги предлагаат пратениците, се подготвуваат акти за потребите на Собранието, врши работи кои се однесуваат на подготовка, планирање и реализација на седниците на Собранието и работните тела, врши работи што се однесуваат на редакција на текстовите на закони и на други акти, како и контрола на веродостојноста и на истите подготвени за објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Секторот за седници со три одделенија, врши стручни и административни работи во врска со подготвувањето, планирањето и реализацијата на седниците, врши работи што се однесуваат на записниците и пратеничките прашања и врши технички работи во функција на седниците на Собранието.

Секторот за работни тела со донесувањето на новиот Деловник за работа на Собранието станува еден од носечките сектори во реализација на основната функција на Собранието-законодавната. Составен од единаесет одделенија; врши координација и следење на седниците на Собранието и на матичните работни тела; врши работи што се однесуваат на координирање на седниците на Законодавно-правната комисија, матичните работни тела и на Собранието за првото и второто читање на законите; врши подготовка, планирање, свикување и реализација на

седниците на матичните работни тела од областите на политичкиот систем, економскиот систем и од јавните дејности, подготовка и реализација на дополнителни предлози на законите усвоени на седниците на Законодавно-правната комисија и матичните работни тела, потоа работи што се однесуваат на подготовка на дополнителен предлог на закон, со вградување на усвоените амандмани од седниците на Законодавно-правната комисија и на матичните работни тела од второто читање на законите, ја утврдува веродостојноста на дополнителните предлози на законите и на донесените закони се врши проверка на дополнителниот предлог на закон пред неговото доставување за седница на Собранието за второ читање, ја следи седницата на Собранието на третото читање на законите и вршат работи што се однесуваат на подготвувањето на законите за објавување во "Службен весник на Република Македонија", како и следење на работата на Комитетот за односите меѓу заедниците и спроведување на дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Комитетот за односи меѓу заедниците

Секторот за истражување, анализа, библиотека и документација со пет одделенија, врши изработка на анализи по барање на пратениците, пратеничките групи, работните тела односно службата, врши истражување и изработка на анализи во соработка и по барање на други собраниски сектори односно одделенија и по барање на европските парламентарни служби, врши работи во врска со информирање на јавноста за работата на Собранието и работните тела, подготвува редовни и периодични статистички прегледи за работата на Собранието и на неговите работни тела и редовно ги ажурира податоците во врска со работата на Собранието, прибира, чува, обработува и дава на користење документациони податоци и материјали од работата на Собранието, врши набавка на потребните библиотекарски материјали, евиденција, селекција, категоризација и класификација на библиотекарските материјали.

Секторот за меѓународна соработка со две одделенија, дава стручна помош на претседателот, потпретседателите на Собранието, пратениците, генералниот секретар и службата обезбедува континуирано следење на работата на меѓународните парламентарни собранија и на нивните документи, особено на оние од посебен интерес за Собранието на Република Македонија, како и одржување на службен контакт со парламентите на другите држави, во полза на билатералната соработка на Собранието.

Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции е новина во систематизацијата и со две одделенија ги спроведува дадените насоки и упатства за извршување на работите во врска со работата на Националниот совет за евроинтеграции, обезбедува протоколарна поддршка за потребите на Советот, врши редовна комуникација со членовите на Советот и државните органи, го следи процесот на европска интеграција и е во редовни контакти со Секретаријатот за европски прашања, разменува информации за прашања од областа на процесот на европска интеграција со раководителот на Секторот за меѓународна соработка на Собранието, косекретарот на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ и советниците на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за европски прашања, остварува соработка со службите на надлежните државни органи што учествуваат во процесите на пристапување на Република Македонија кон ЕУ.

Секторот за информатички и комуникациски технологии е составен од три одделенија и врши планирање, развој, администрирање, одржување и заштита на функционирањето на информациониот систем и техниката на Собранието, дизајнирање, развој на софтверот и администрација на веб презентацијата на Собранието, како и врши работи кои се однесуваат на публицистичката дејност на Собранието и остварувањето на односите со јавноста.

Секторот за финансиски и економски прашања со четири одделенија, изготвува препораки за подготвување на предлог годишниот буџет и повеќегодишните проекции поврзани со него, ги извршува јавните набавки, како и работи во врска со финансиското и материјалното работење на Собранието, како и со инвестиционо и тековно одржување на Собранието.

Секторот за стручно-административни работи со четири одделенија, врши стручно-административни, општи, експедиција и срамнување на материјали, а во негов состав работи и печатницата.

Секторот за преведување со три одделенија врши писмен, симултан и консекутивен превод, како и јазична редакција на текстовите на преводите и другите собраниски материјали.

## 10.1.1 Одделение за внатрешна ревизија

### *ЦЕЛТА И УЛОГАТА НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА И ОСНОВНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ*

Внатрешната ревизија е независна активност која врши процена на системи за внатрешна контрола, дава независно и објективно стручно мислење и совет за подобрување на работењето, помага на субјектот во остварувањето на целите, со примена на системски и дисциплиниран принцип на вреднување и подобрување на ефикасноста во процес на управување на ризиците, контролата и раководењето. Одредбата од членот 28 од Законот за внатрешната ревизија во јавниот сектор пропишува дека раководител на единицата за внатрешната ревизија и раководителот на субјектот се одговорни за подготвување на годишниот ревизорки извештај.

### 1.ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА

Одделението за внатрешната ревизија во Собранието на Република Македонија е формирана на 31 јануари 2006 година, бр. на актот 01-521/1, и е внесен во Правилник за внатрешна организација и делокруг на службата на Собранието на Република Македонија и во Правилник за систематизацијата на работни места на службата на Собранието на Република Македонија како одделение во рамките на Секторот на генералниот секретар.

Но според советите односно препораките од Централната внатрешна ревизија во рамките на Министерството за финансии направени се измени и дополнувања на Правилникот за внатрешна организација и делокруг на службата на Собранието на Република Македонија бр.01/333/1, на 24 јануари 2007 година е формирана Посебна организацина единица-Одделение за внатрешна ревизија со цел да функционира како независно Одделение во усогласеност со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 69/2004).

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, согласно со Правилникот за внатрешна организација на службата на Собранието на Република Македонија, согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Службата на Собранието на Република Македонија и други акти.

### 2. ВКУПЕН БРОЈ НА ПЛАНИРАНИ РЕВИЗИИ СОГЛАСНО СО ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Одделението за внатрешна ревизија постапува согласно со годишен план за внатрешна ревизија кој го одобрува генералниот секретар на Собранието на Република Македонија согласно со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

Во текот на годината одделението за внатрешна ревизија има направено измени во годишниот план поради објективни причини согласно со законските прописи.

Овие измени се предизвикани од непредвидени активности на Одделението за внатрешна ревизија за 2008 година и поради доставените барања и покани од Министерството за финансии.

Во годишниот план за внатрешна ревизија за 2008 година беа планирани 4 ревизии, и тоа:

1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на јавни набавки **( 25.01-17.06.2008)**
2. Финансиска ревизија за капитални расходи по проекти и буџетски програми за 2007 година (ad hoc ревизија). **(24.03-18.03.2008)**
3. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на пресметки на плати **(20.06-30.09.2008)**
4.Ревизија на усогласеност во процесот на службени патувања во странство **(05.10-30.12.2008)**

**1. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на јавни набавки (25.01-17.06.2008)**

Ревизијата на системот на внатршната контрола во процесот на јавни набавки е реализирана согласно со годишниот план за внатрешна ревизија во периодот од 25.01.2008 до 17.06 2008 година.

Целта на ревизијата беше да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоење, дизајнирање и функционирање на системот на внатрешна контрола во процесот на јавни набавки за 2007 година и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен извештај бр.89/2139/3 доставено до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 17.06.2008 година.

Врз основа на спроведената ревизија, ревизорскиот тим утврди дека системот за внатершна контрола е дизајниран и функционира на задоволително ниво.

**2. Финансиска ревизија за капитални расходи по проекти и буџетски програми за 2007 година (ad hoc ревизија) (24.03-18.03.2008)**

Финансиска ревизија за капитални расходи по проекти и буџетска програма за 2007 година е реализирана согласно со барањето од Министерството за финансии бр.13-10567/1 од 06.03.2007 година(ad hoc ревизија) и истата е спроведена во периодот од 24.03.2008 до 18.04,2008 година.

Целта на финансиската ревизија за капитални ресурси по проекти и буџетска програма беше да се информира Министерството за финансии за точноста и комплетноста на сметководствената евиденција на финансиските извештаи во делот на капитални расходи, како и да се дадат за процени на планирани и реализирани средства за капитални расходи:

До Министерството за финансии се доставени информации за:

- процент на планирани и реализирани средства за капитални расходи,
- законско и наменско користење на средства предвидени за капитални расходи,
- вкупно извршени јавни набавки за капитални расходи искажани вредносно.

За оваа цел е изготвен извештај доставен до Министерството за финансии бр.89-1861/1 на 18.04.2008 година.

**3. Ревизија на системот на внатрешна контрола во процесот на пресметки на плати (20.06-30.09.2008)**

Ревизијата на системот на внатрешната контрола во процесот на пресметка на плата е реализирана согласно со годишниот план за внатрешната ревизија за 2008 година во периодот од 20.06.2008 до 30.09.2008 година.

Цел на ревизијата е да се даде разумно уверување на раководството на Собранието за постоењето, дизајнирањето и функционирањето на системот на внатрешната контрола во процесот на пресметка на плата за 2007 година и да се дадат препораки за отстранување на евентуално утврдените слабости.

За оваа ревизија е изготвен конечен извештај со бр.89-4113/2 кој беше доставен до генералниот секретар на Собранието на Република Македонија на 27.10.2008 година.

Врз основа на спроведената ревизија, ревизорскиот тим утврди дека системот на внатрешната контрола во процесот на пресметка на плата е дизајниран и функционира на задоволително ниво.

**4. Ревизија на усогласеност во процесот на службени патувања во странство (05.10-30.12.2008)**

Ревизијата на усогласеност во процесот на службени патувања во странство се реализира согласно со годишниот план за внатрешната ревизија за 2008 година.

Цел на ревизијата е да се увериме во процесот на реализацијата на службените патувања надвор од земјата (странство) во 2007 година се почитуваат законските пропоиси и другите акти во Собранието на Република Македонија и да се дадат препораки до менаџментот за отстранување на евентуално утврдените слабости.

Поради објективните причини ревизорскиот тим не можеше навремено да ги реализира предвидените активности согласно со годишниот план за внатрешната ревизија за 2008 година.Ревизијата е во фаза на изготвување на ревизорскиот извештај кој ќе биде доставен до раководството на Собранието до 20 јануари 2009 година.

**3. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Врз основа на дописот од Министерството за финансии број 15-25565/1 од 27 јуни 2008 година, доставен и одобрен од генералниот секретар на Собранието на РМ, Одделението за внатрешната контрола на Собранието на РМ е вклучено во реализацијата на твининг проектот Зајакнување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола. Подготвителните активности започнаа во јули, а проектот се реализира во просториите на Министерството за животна средина и просторно планирање во периодот септември-ноември 2008 година.

Во наведениот период во Министерството се реализира ревизија на тема Опрведаност на трошоците за службени патувања во странство.

## 10.1.2 Одделение за управување со човечки ресурси

Одделението за управување со човечки ресурси како Посебна организациона единица е формирано со Правилникот за внатрешна организација на Службата на Собранието на Република Македонија и Правилник за систематизација на работни места во Службата на Собранието на Република Македонија кои се донесени во септември 2008 година.

Одделението функционира како посебно независно одделение со цел за развојот на квалитетот и професионалност на државните службеници.

Во овој период вршена е оцена за обуки и предлог насоки за доусовршување на државни службеници и е изготвена Годишна програма за стручно усовршување и обука за државни службеници во Службата на Собранието на Република Македонија за 2009 година.

Извршени се подготовки за оценување на државните службеници за изминатата 2008 година.

Подготвувани се повеќе огласи за вработување во Службата, исто така се координира спроведување на постапката за вработување, поготвени се решенијата за вработување, како и распоредување по новиот Правилник за систематизација, решенија за престанок како и остварување на други права од работниот однос на државните службеници и пратениците.

Изготвувани се прегледи и извештаи, извршена е соработка и координација за спроведување на законски обврски во однос на државни службеници со Агенцијата за државни службеници, управување со човечките ресурси и остварување на правата и должностите на државните службеници, како и други работи предвидени со Правилникот за систематизација.






**1-Раководни државни службеници**
2-Стручни државни службеници
3-Стручно - административни државни службеници
4- Работници кои не се државни службеници

| назив на секторот | вкупен број на вработени во сектор | Државни службеници | | | работници кои не се државни службеници |
|---|---|---|---|---|---|
| | | рако-водни | стручни | стручно-админис-тративни | |
| **Генерален секретар** | **-** | 1 | - | - | - |
| **Заменик на генерален секретар** | **-** | 3 | - | - | - |
| **Кабинет на претседателот на Собранието** | **7** | 2 | 5 | - | - |
| **Сектор на генералниот секретар** | **10** | 4 | 3 | 3 | - |
| **Државни советници** | **7** | 7 | - | - | - |
| **Сектор за законодавство** | **9** | 4 | 4 | 1 | - |
| **Сектор за седници на Собранието** | **10** | 5 | 3 | 2 | - |
| **Сектор за работни тела на Собранието** | **24** | 8 | 15 | 1 | - |
| **Сектор за истражување, анализа, библиотека и документација** | **12** | 5 | 6 | 1 | - |
| **Сектор за меѓународна соработка на Собранието** | **7** | 4 | 2 | 1 | - |
| **Сектор за информатички и комуникациски технологии** | **12** | 2 | 1 | 1 | 9 |
| **Сектор за преведување** | **10** | - | 9 | 1 | - |
| **Сектор за стручни и административни работи** | **52** | 3 | 1 | 47 | 1 |
| **Посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија** | **2** | 1 | 1 | - | - |
| **Посебна организациона единица - одделение за управување со човечки ресурси** | **1** | 1 | - | - | - |
| **ВКУПНО:** | **196** | **53** | **50** | **76** | **17** |

## 10.2. Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија

Програмата за практиканти во Собранието на Република Македонија има за цел на студентите од различни образовни институции кои се во завршна година на студирање да им овозможи дополнително практично образование и едукација како практиканти во Собранието на Република Македонија и практично сознавање на процесот на работа на Собранието на Република Македонија.

Со потпишувањето на Меморандумот за разбирање меѓу Собранието на Република Македонија и Националниот демократски институт за меѓународни работи во 2005 година, Програмата за практиканти целосно е во надлежност на Собранието на Република Македонија.

Имајќи ја предвид потребата на младите луѓе за практично образование во областа на законодавството, нивно едуцирање и активно вклучување во институциите на системот, Собранието на Република Македонија и во 2008 година ја организираше Програмата за практиканти.

Ангажманот на практикантите во Собранието на Република Македонија е на волонтерска основа.

Конкурсот за прием на практиканти беше објавен во дневниот печат на 1 март 2008 година со рок за поднесување на апликации до 16 март 2008 година. Со конкурсот беа дефинирани: времетраењето на програмата, бројот на практиканти, потребните општи и специфични квалификации, специфичен опис на секое работно место по сектори и пратенички групи. Право да конкурираат за практиканти имаа студенти во завршната година на студирање.

Бројот на практикантите беше определен врз основа на претходно извршена процена за потребите на пратеничките групи, како и Службата на Собранието.

За прв пат беше спроведена поширока медиумската промоција на програмата за практиканти и истата се реализираше во периодот од 1 до 15 март преку Собранискиот канал, сајтот на Правниот факултет-Скопје како и сајтот на ФОН Универзитетот.

Од вкупно 246 доставени апликации за практиканти, 210 апликации беа прифатени, односно оценети како уредни и со доставени потребни документи.

Комисијата за спроведување на постапката за избор на практиканти на 26, 27, 28 и 29 март 2008 година спроведе одделни интервјуа со сите 210 апликанти.

Во интервјуата покрај Комисијата, по препорака на НДИ беше вклучен надворешен член претставник на Младинскиот демократски форум, здружение на поранешни практикати во Собранието.

Врз основа на извршената проверка на документите од доставените апликации како и резултатите постигнати од спроведените интервјуа, се изврши селекција на 50 практиканти.

Во пратеничките групи се распоредија 21 практикант, а во секторите на Службата, 29 практиканти.

За практикантите беше организирана воведна сесија која се одржа на 2 април 2008 година, во Сала 2 во Собранието. На сесијата генералниот секретар на Собранието ги поздрави практикантите и ги запозна со надлежностите на Собранието, како и функционирањето и организацијата на Службата.

За присуството на практикантите се води редовна евиденција кај непосредно претпоставениот супервизор, а евиденцијата на крајот на месецот се доставува на координаторот на практикантите.

Практикантите задолжително доставуваат месечен извештај за реализација до координаторот на практиканти. Доставувањето на месечниот извештај е со цел да се оствари континуирано следење и оценување на ефикасноста на практикантите.

Во изминатиот период може да се констатира дека практикантите покажаа одговорен пристап кон поставените задачи и голема желба за проучување на собраниското работење.

***Реализирани активности во периодот од 2 април до 31 декември 2008 година***

Генерална констатација е дека програмата за практиканти наидува на огромен интерес кај студентите, со голем ентузијазам и желба за нивно практицирање во работата на Собранието.

Во насока на остварување на успешна реализација на Програмата за практиканти на Собранието на Република Македонија за 2008 година, во периодот од 16 до 29 мај 2008 година, во Собранието на Република Македонија беа организирани три работилници за практикантите.

Иницијативата за организирање на работилници за практиканти е во насока на обезбедување на што поквалитетна едукација на практикантите, практично запознавање со функционирањето на Собранието на Република Македонија, како и со процесот на работа на собраниската Служба.

Сесиите на работилниците, како и термините за одржување беа подготвени врз основа на претходно одржани средби и консултации со одделни раководители на сектори и државни советници во Собранието на Република Македонија, кои со задоволство ја прифатија иницијативата за одржување на работилници за едукација на практикантите.

Првата работилница за практикантите во Собранието на Република Македонија беше одржана на 16 мај 2008 година, во две сесии на тема: "Законодавниот процес - постапките на донесување на закони во Собранието на Република Македонија, подготвување на закони и амандмани" и "Функционирање на работните тела на Собранието на Република Македонија".

Втората работилница за практикантите беше одржана на 26 мај 2008 година, во три сесии на следниве теми: "Собранието на Република Македонија, надлежности и функционирање во согласност со Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието на Република Македонија", "Процесот на истражување и анализа во Собранието на Република Македонија, постапки и методи во истражувачкото работење", "Соработката на Собранието на Република Македонија со Европскиот Центар за парламентарно истражување и документација (ЕЦПРД)", и "Улогата на Собранието на Република Македонија во евроинтегративниот процес".

Третата работилница за практикантите во Собранието на Република Македонија беше одржана на 29 мај 2008 година, во три сесии, на следниве теми: "Парламентарна дипломатија", "Претставување на меѓународните организации во кои членува Собранието на Република Македонија" и "Соработката на Собранието на Република Македонија со Европскиот парламент и билатералната соработка на Собранието на Република Македонија".

***Структура на практикантите во Собранието на Република Македонија***
***април-декември 2008 година***

***1. ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ***

| ***ДРЖАВНИ УНИВЕРЗИТЕТИ*** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Универзитет"Кирил и Методиј" Скопје*** | | ***Универзитет "Климент Охридски"Битола*** | | ***Државен универзитет во Тетово*** | |
| *Правен Факултет* | *18 практиканти* | *Факултет за јавна администрација* | *1 практикант* | *Правен факултет* | *2 практиканти* |
| *Филолошки факултет* | *3 практиканти* | - | | - | |
| *Економски факултет* | *6 практиканти* | - | | - | |
| *Филозофски факултет* | *4 практиканти* | - | | - | |
| *Природно математички факултет* | *1 практикант* | - | | - | |
| *Машински факултет* | *1 практикант* | - | | - | |
| ***Вкупно: 33 практиканти*** | | ***Вкупно:1 практикант*** | | ***Вкупно: 2 практиканти*** | |
| ***Вкупно : 36 практиканти*** | | | | | |

| ПРИВАТНИ УНИВЕРЗИТЕТИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ФОН Универзитет Скопје** | | **Универзитет "Американ Колеџ" Скопје** | | **Универзитет ЈИЕ Тетово** | |
| *Факултет за правни студии-Европско право* | *4 практиканти* | *Факултет за политички науки-меѓународни односи* | *1 практикант* | *Правни студии* | *5 практиканти* |
| *Факултет за политички науки* | *2 практиканти* | - | | *Факултет за јавна администрација* | *1 практикант* |
| *Факултет за дипломатија и меѓународна политика* | *1 практикант* | - | | - | |
| **Вкупно: 7 практиканти** | | **Вкупно: 1 практикант** | | **Вкупно: 6 практиканти** | |
| **Вкупно : 14 практиканти** | | | | | |

***Вкупно на државни универзитети: 36 практиканти***
***Вкупно на приватни универзитети: 14 практиканти***

***2. РАСПОРЕДЕНОСТ НА ПРАКТИКАНТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО***

| СЕКТОРИ ВО СОБРАНИЕТО | ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ |
|---|---|
| 29 | 21 |

***3. РОДОВА СТРУКТУРА***

| МАШКИ РОД | ЖЕНСКИ РОД |
|---|---|
| 23 практиканти | 27 практиканти |

***4. ЕТНИЧКА СТРУКТУРА***

| НАЦИОНАЛНОСТ | |
|---|---|
| МАКЕДОНЦИ | АЛБАНЦИ |
| 43 практиканти | 7 практиканти |

# 10.3. Податоци од стручно-административен карактер

## *Страни на стенограм на седници на Собранието*



## Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата




## Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата



## Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"




## Експедирање на материјали



**ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ**

**Вкупно измножени: А4 формат: 325.561 копии**
**А3 формат: 1.419.087 копии**
**А4 формат печатени: 624.946 копии**

